СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

ic@mchamber.mk | www.mchamber.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 ГОДИНА

*Февруари 2018 година*
*С к о п ј е*

# СОДРЖИНА


СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.......................... 3

СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА .................................. 4

СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА...................... 5

ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ? .................................................................................................. 6

ОДРЖАНИ РЕДОВНИ ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ ........................................................................... 7

ДИРЕКЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕНИЈА И РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ ................................................ 12

ЗДРУЖЕНИЈА СПОРЕД ДЕЈНОСТИ ...................................................................................... 12

РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ ....................................................................................................... 90

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ............................................................................................. 115

ИНФОРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ ..................................................................... 165

ДИРЕКЦИЈА НА ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ПРИ КОМОРАТА.................. 167

БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА ....................................................................................................... 167

ВЕБ-СЕРТИФИКАТ EXCELLENT SME ......................................................................................... 168

ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ ............... 170

ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД – АРБИТРАЖА ................................................................................ 170

СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ (FIC) ............................................................................ 172

КЛУБ НА МЕНАЏЕРИ – ПРЕТПРИЕМАЧИ ................................................................................. 176

ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ – Центар за покровители ...................................................................... 178


**Целиот Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2017 година, можете да го најдете на следниот линк:**

**https://issuu.com/www.mchamber.mk/docs/izvestaj_aktivnosti_komora_2017**

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Дванаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 31.01.2017 година**

- Предлог за донесување државна стратегија за развој на рударството во РМ за периодот до 2025 година, доставен од Македонската асоцијација на рударството (МАР) при Комората;
- Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2016 година;
- Финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2016 година;
- Одлука за доделување награди и други признанија на Стопанската комора на Македонија за 2016 година;
- Одлука за изменување на Одлуката за изработка на Анализа на развојниот потенцијал и можностите за производна диверзификација на металната индустрија;
- Акти за основање Фондација АКАДЕМИЈА ЗА ИНДУСТРИСКИ МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС ЕКОНОМИЈА – Скопје

**Тринаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 11.4.2017 година**

- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за периодот јануари-март 2017 година - споредба на остварувањата со планираните проекции и мерките за вториот квартал на 2017 година;
- Иницијатива за формирање Постојан секретаријат на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) со Декларација за воспоставување Секретаријат на Западен Балкан - ЗБ6;
- Информација за пристапување на Стопанската комора на Македонија во членство на Комората за меѓународна трговија „Силк Роуд“ и учество на 10-тиот Светски коморски конгрес - Сиднеј, Австралија;
- Одлука за изменување и дополнување на Правилата за трошоците во постапката пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија
- Правилник за начинот на издавање извештаи за категоризација на компании според степенот на ризик за плаќање финансиски обврски.

**Четиринаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 13.9.2017 година**

- Зголемување на можностите за вклучување на бизнис-заедницата во работењето на регулаторните тела;
- Предлог-концепт за организација на Втора тркалезна маса на Стопанската комора на Македонија;
- Информација за основањето на ЗБ6 Коморскиот инвестициски форум во Трст, Италија и планираните активности на ЗБ6 Коморскиот инвестициски форум;
- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за периодот јануари-јуни 2017 година - споредба со планираните проекции и преземање идни чекори;
- Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за организацијата и работењето на Стручната служба на Стопанската комора на Македонија;
- Информација за прописи од значење за бизнисот

**Петнаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 6.11.2017 година**

- Инспекцискиот надзор во функција на создавање поволно деловно опкружување во Република Македонија;
- Одлука за основање на Клуб на извозници;
- Финансиски извештај преку остварување на Стручната служба на Комората за периодот јануари-септември 2017 година - споредба на остварувањата со планираните проекции за трет квартал 2017 година;
- Информација за прописи од значење за бизнисот

**Шеснаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, одржана на 5.12.2017 година**

- Предлог-програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2018 година;
- Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2018 година;
- Информација за именувањето на арбитрите во постапките поведени пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија;
- Програмски насоки за активностите на Бизнис центарот за тренинг и обука во 2018 година;
- Финансиски план на Бизнис центарот за тренинг и обука за 2018 година;
- Информација за прописи од значење за бизнисот.

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Седма седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија, одржана на 11.4.2017 година**

- Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2016 година;
- Финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2016 година;
- Одлуки за разрешување и за верификација на мандат:
    - Одлука за разрешување на член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
    - Одлука за верификација на мандат на новопредложениот претставник од „СИЛК РОУД БАНКА“ АД – Скопје, за член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
    - Одлука за верификација на мандат на новоизбраниот претставник од Здружението на трговијата, за член на Собранието на Стопанската комора на Македонија;
- Промоција на публикацијата на Стопанската комора на Македонија: „РАЗВОЈНИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НА КОМОРСКИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА“ од авторите Бранко Азески и м-р Елена Милевска Штрбевска.

**Осма седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија, одржана на 13.12.2017 година**

- Програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2018 година;
- Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2018 година;

- Избор на претседател и членови на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија;
- Одлуки за верификација на мандат;
- Избор на член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија.

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Тринаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија 6.02.2017 година**

- Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2016 година со извештаите на пописните комисии.

**Четиринаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија 3.4.2017 година**

- Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2016 година;
- Извештај од овластен ревизор на ревизорското друштво „Б и Љ“ ДОО - Скопје од спроведената ревизија на финансиско - материјално работење на Стопанската комора на Македонија за 2016 година.

**Петнаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија 14.7.2017 година**

- Финансиски извештај за работењето на Стопанската комора на Македонија за период 01.01.2017 до 30.6.2017 година;
- Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2017 година:
    - Предлог-одлука за утврдување на критериуми за оценка на понудите за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансико-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2017 година;
    - Предлог-одлука за формирање Комисија за избор на независно-ревизорско друшво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2017 година;
    - Јавен оглас за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2017 година.

**Шеснаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија 24.11.2017 година**

- Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2018 година;
- Информација за фактурирање и наплата на членарината.

# ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ?

1. Одржани 44 прес-конференции и присуство на медиуми на над 40 други настани.

2. Одржани 114 настани (состаноци и расправи за компаниите, конференции, презентации) на здруженијата според дејности и 76 на регионалните комори.

3. Организирани над 10 бизнис-форуми и уште толку бизнис-средби.

4. Над 10 посети на дипломатско-конзуларни претставници во Комората.

5. Издадени 46 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО", во просек на околу 25 страници.

6. Објавени 30 електронски изданија на „БИЗНИС ОГЛАСНИК".

7. Отпечатени над 40 прилози во месечникот „ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС".

8. До компаниите доставени 40 информации за прописи и 240 прегледи на информации за објавени економски статии во дневни и неделни печатени медиуми.

9. Центарот за едукација и развој на човечки ресурси реализираше 91 едукативен настан, на коишто присуствуваа 1826 учесници.

10. Издадени вкупно 91 веб-сертификат Exellent SME.

11. Во Клубот на менаџери-претприемачи согласно Годишната агенда за 2017 година беа реализирани 24 едукативни настани, 2 вмрежувања во земјата и во странство и 2 team building настана.

12. Издадени документи од Бизнис канцеларијата:
    - 13026 сертификати за потекло на производите (Оригин);
    - 3195 сертификати за потекло на производите (Форм А);
    - 493 АТА-карнети;
    - 9 потврди за ексклузивитет;
    - 3 потврди за слободна продажба;
    - 1 потврда за единствен производител;
    - 17 потврди за производител;
    - 3 потврди за членство во Комората;
    - 1434 логистички дејствија (заверка на сертификати во деловните простории на компаниите);
    - 208 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
    - 44 мислења за исполнување на економските услови.

**Целиот Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2017 година, можете да го најдете на следниот линк:**

**https://issuu.com/www.mchamber.mk/docs/izvestaj_aktivnosti_komora_2017**

# ОДРЖАНИ РЕДОВНИ ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ

## *(СЕКОЈ ПОНЕДЕЛНИК ВО 11:00 ЧАСОТ)*

**9 јануари 2017 година**
ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА РУДАРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**16 јануари 2017 година**
АРБИТРАЖАТА КАКО БРЗ И ЕФИКАСЕН НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ МЕЃУ ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ

**23 јануари 2017 година**
ИЗРАБОТКА НА НОВ ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ ВО СОГЛАСНОСТ СО НОВАТА ДИРЕКТИВА НА ЕУ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД 2008/98 И РЕГУЛАТИВАТА 333/2011

**30 јануари 2017 година**
АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ИНДУСТРИЈАТА НА МЕТАЛИ

**6 февруари 2017 година**
ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ ОД МАЛИТЕ ЗЕМЈИ

**13 февруари 2017 година**
СООДВЕТНА ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКИТЕ ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ - УСЛОВ ЗА РАСТ НА ТУРИЗМОТ

**20 февруари 2017 година**
ЕУ-ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДДРШКА ЗА ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**27 февруари 2017 година**
КОЈ ЌЕ БИДЕ ФОКУСОТ НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ ВО 2017 ГОДИНА?

**6 март 2017 година**
ВОВЕДУВАЊЕ НОВА РЕГУЛАТИВА ЗА КОНТРОЛА НА ЕМИСИИТЕ ВО ВОЗДУХОТ ОД ИНДУСТРИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ

**13 март 2017 година**
НАЈАВА НА ТРКАЛЕЗНАТА МАСА: СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО СТОКИ И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ - МОЖНОСТИ И АЛТЕРНАТИВИ

## 20 март 2017 година

ЕДУКАЦИЈА НА КОМПАНИИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ПРЕКУ ПРОЕКТОТ НА УСАИД - ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА

**3 април 2017 година**

ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА УСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**10 април 2017 година**

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ПО МЕРКА НА БИЗНИСОТ – МОЖНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ

**18 април 2017 година**

СТАБИЛНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ И ГРИЖА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ И КОРИСНИЦИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**24 април 2017 година**

ТУРИЗМОТ ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ХРАНА ВО ЦЕФТА – РЕГИОНОТ

**8 мај 2017 година**

ПОГОЛЕМ ЕКОНОМСКИ РАСТ ПРЕКУ ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ КОМПАНИИ

**22 мај 2017 година**

ПРЕКУ ЗАЕДНИЧКА ПЛАТФОРМА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ, ПРЕРАБОТУВАЧИТЕ, НАУКАТА И ПОТРОШУВАЧИТЕ ДО ПОГОЛЕМИ ЕФЕКТИ ВО ОРГАНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА

**29 мај 2017 година**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД „АНАЛИЗАТА НА РАЗВОЈНИОТ ПРОИЗВОДСТВЕН ПОТЕНЦИЈАЛ И МОЖНОСТИ ЗА ИЗВОЗНА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА МЕТАЛНАТА, МАШИНСКАТА И ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈАТА"

**5 јуни 2017 година**

ЕФЕКТИТЕ НА НОВИОТ ЗАКОН ЗА НОТАРИЈАТОТ И НОВИОТ ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ - ПРЕДЛОЗИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА КОНСТАТИРАНИТЕ СОСТОЈБИ

**12 јуни 2017 година**

ОБВРСКИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА АГРЕГАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ

**27 јуни 2017 година**

РЕГИОНАЛНА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА - ОЧЕКУВАЊА ОД САМИТОТ ВО ТРСТ

**10 јули 2017 година**

ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА СО КОИ СЕ УРЕДУВААТ ОГРАНИЧУВАЊА ВО ОДНОС НА ПРОДАЖБАТА НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ

**17 јули 2017 година**

ПРЕДЛОГ-НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА СЕКТОРОТ ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

**24 јули 2017 година**

СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА НЕЛЕГАЛНАТА ТРГОВИЈА ОКОЛУ ПАЗАРИТЕ ЗА ПОВЕЌЕКРАТЕН ПОЗИТИВЕН ЕФЕКТ ВРЗ ДРЖАВНИОТ БУЏЕТ

**31 јули 2017 година**
ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ЗА ПОЛЕСНО ВРАБОТУВАЊЕ ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

**7 август 2017 година**
УСОГЛАСУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА СО ЦЕЛ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ, ЕКСПЛОЗИВНИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ, ПИРОТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА ЗА ВОЕНА И ЦИВИЛНА НАМЕНА

**21 август 2017 година**
НОВОФОРМИРАНАТА ГРУПАЦИЈА НА ПРОВАЈДЕРИ НА ДИГИТАЛНИ РЕШЕНИЈА СО ИНИЦИЈАТИВА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА УПОТРЕБУВАНА ИКТ-ОПРЕМА

**29 август 2017 година**
ТРАНСПОНИРАЊЕ НА НОВИТЕ ЕВРОПСКИ ДИРЕКТИВИ ВО ПРОПИСИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**4 септември 2017 година**
ИСПОЛНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ЦЕЛИ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАДОТ ОД ПАКУВАЊА

**11 септември 2017 година**
ПРЕДЛОГ-МЕРКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО МЕСНАТА ИНДУСТРИЈА

**18 септември 2017 година**
СОРАБОТКА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ И НА ТУРИСТИЧКИТЕ ВОДИЧИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА КЛУЧНИ ПРАШАЊА ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА СЕКТОРОТ

**25 септември 2017 година**
КАКО ХРАНАТА ДА НЕ ЗАВРШУВА НА ДЕПОНИИТЕ? - ПРЕПОРАКИ ЗА ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ ЗА ДОНИРАЊЕ НА ВИШОКОТ НА ХРАНА

**2 октомври 2017 година**
ИДЕНТИФИКУВАНИ ПРИОРИТЕТНИТЕ ПРЕДЛОГ-ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА

**9 октомври 2017 година**
СИСТЕМОТ НА КОЛЕКТИВНО УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАДОТ – НАЈНИСКИ ТРОШОЦИ ЗА ИНДУСТРИЈАТА И НАЈГОЛЕМ ЕКОЛОШКИ БЕНЕФИТ ЗА ГРАЃАНИТЕ

**16 октомври 2017 година**
ДУАЛЕН МОДЕЛ НА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО АВТОМОБИЛСКИОТ СЕКТОР

**24 октомври 2017 година**
АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ ВО МЕТАЛУРГИЈАТА ПО ПЕТДЕЦЕНИСКО ФУНКЦИОНИРАЊЕ

**30 октомври 2017 година**
ТЕКОВНИ СОСТОЈБИ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА – ПРОЕКЦИИ ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

**7 ноември 2017 година**

ХОЛДИНГОТ КАКО ФОРМА НА ПОВРЗУВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ ЗА ПОДОБРИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ

**13 ноември 2017 година**

ПЕРСПЕКТИВИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И АВСТРИЈА

**20 ноември 2017 година**

ВЛИЈАНИЕТО НА СМЕТКОВОДСТВОТО И РЕВИЗИЈАТА

ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ НА ЕДНА ДРЖАВА ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

**27 ноември 2017 година**

СОРАБОТКА НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ СО ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ КОИ ИМААТ ПОТЕНЦИЈАЛ ДА СТАНАТ НИВНИ ДОБАВУВАЧИ

**4 декември 2017 година**

МОМЕНТАЛНИТЕ ДВИЖЕЊА ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО И ПРОЕКЦИИТЕ ЗА 2018 ГОДИНА

**11 декември 2017 година**

ПРЕДЛОГ-ИЗМЕНИ НА ЗАКОНИТЕ ЗА ТУРИСТИЧКА И УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ КАКО ОСНОВ ЗА ПОГОЛЕМ РАСТ НА ТУРИЗМОТ И ПРИХОД ВО ВКУПНАТА ЕКОНОМИЈА

**18.12.2017 година**

КОНКРЕТНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО ДОМУВАЊЕТО



# ДИРЕКЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕНИЈА И РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ

## ЗДРУЖЕНИЈА СПОРЕД ДЕЈНОСТИ

**9.01.2017 година**

**Македонска асоцијација на рударството (МАР) - НЕОПХОДНО Е ДОНЕСУВАЊЕ СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА РУДАРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2025 - 2030 ГОДИНА**

Николајчо Николов, претседател на Македонската асоцијација на рударството (МАР) при Стопанската комора на Македонија, на прес-конференцијата говореше за состојбите во рударството, плановите за 2017 година, како и за перспективите на рударството во Република Македонија. Македонската асоцијација на рударството (МАР) на повеќе состаноци, се залага за донесување стратегија за развој на рударството за периодот до 2025 година. Стратегија се бара и заради тоа што рударскиот сектор како важна стопанска гранка во Република Македонија има важна улога во севкупниот развој на стопанството, како од аспект на вработување, извоз - увоз, така и од аспект на стратешки развој на државата во наредниот период. Заслужува внимание прашањето за правилна ориентација околу стратегијата на вадењето на рудното богатство во нашата држава. Потребно е да се направи стратегија што треба денес, утре и понатаму да се ископа, а што стратегиски ќе се задржи за следните генерации.

**23.01.2017 година**

**Твининг-проект „Зајакнување на административните капацитети за спроведување на Рамковната директива за отпад и директивите за посебните видови на отпад (пакување, батерии и отпад од електрична и електронска опрема)“**

Една од суштествените измени на Законот за управување со отпад ќе се однесува на разграничувањето на отпадот од секундарните суровини, а како што истакна м-р Ана Мазневска, ќе се смени хиерархијата на приоритети, при што првиот акцент ќе биде ставен на намалувањето на количините отпад коишто се создаваат. Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори при Стопанската комора на Македонија преку својот претставник во Управниот одбор на Проектот активно ќе учествува во постапката на донесување и имплементирање на новите регулативи.



## 24.01.2017 година

## ОДРЖАН ПРВИОТ ОД НОВИОТ ЦИКЛУС ЗА 2017 ГОДИНА СЕМИНАРИ ЗА МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО ЕФИКАСЕН НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ ВО СКОПЈЕ



Стопанската комора на Македонија и во 2017 година продолжи со реализација на нов циклус на бесплатни семинари и други промотивни активности за промоција на медијацијата кои беа реализирани со предавачи - лиценцирани медијатори и експерти со долгогодишно искуство од областа на медијација. Во Стопанската комора на Македонија се одржа првиот семинар од новиот циклус на семинари за медијација на тема: **„МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО ЕФИКАСЕН НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ“**. На семинарот имаше над 60 присутни учесници и на истиот беше детално објаснета медијацијата во РМ согласно законските прописи, при што акцент беше ставен на тоа кои се медијабилни/немедијабилни предмети и беа детално и практично објаснети почетокот на постапката на медијацијата, текот и завршувањето на постапката. **Стопанската комора на Македонија, како најголема и најбројна бизнис-асоцијација во Република Македонија, прва започна со креирање и нудење нова услуга во своето портфолио на активности, односно воведе поддршка за вршење медијација како за членките, така и за нечленките.** За таа намена Комората отвори и канцеларија за вршење дополнителни услуги.

## 30.01.2017 година

## Здружение на металургијата при Стопанската комора на Македонија - АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ИНДУСТРИЈАТА НА МЕТАЛИ

-Силното влијание на приликите на глобален план, но и неадекватните системски мерки се причината за неповолните состојби во индустријата на основни метали, истакна д-р Митко Кочовски, претседател на Здружението на металургијата при Стопанската комора на Македонија.




Поразителни се резултатите во физичкиот обем на производството и на извозот во 11-те месеци од 2016 година, физичкиот обем на производството на руди на метал бележи опаѓање за 8% во однос на истиот период од претходната година, производството на метали опаѓа за 11%. Само во ноември минатата година производството на основни метали е намалено за над 20% во однос на ноември 2015 година.

Значително е намален и извозот на метални руди за 18% и на основни метали за 26%.

Во минатата година, наспроти исклучително неповолните состојби на светскиот пазар, фиксните трошоци на работење заради специфичниот карактер на производниот процес се и натаму исклучително високи, со нагласено влијание врз конкурентската положба на пазарите на земјите во потесното и пошироко опкружувањето. Посебно внимание на средбата со новинарите беше посветено на состојбите во „Југохром Алзар“ - Јегуновце. - Заради наложените ограничувања, работењето во 2016 година беше сведено на само две од седумте печки кои се во кондиција, што претставува само со 30% од расположливиот капацитет, - истакна генералниот директор на комбинатот, Васил Скендеровски. Големо е економското и социјалното влијание на комбинатот врз економијата во општината, законската регулатива дава можност за пролонгирање на рокот за еколошко усогласување до април 2019 година, а загадувањето со веќе тримесечното неработење на овој капацитет не е намалено, што укажува на далекусежните последици од неработење на комбинатот.

**31.01.2017 година**

**Групација за безбедност и здравје при работа - ДЕФИНИРАНИ ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА 2017 година**

Членките на Групацијата за безбедност и здравје при работа, на состанокот одржан на 31.01.2017 година во Стопанската комора на Македонија, расправајќи за Предлог-програмските активности на Групацијата за безбедност и здравје при работа како приоритетни активности ги нагласија активностите за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа, како и за измени и дополнувања на правилниците кои произлегуваат од Законот. Согласно моменталните актуелни состојби, фирмите од оваа дејност се соочуваат со сериозни проблеми во своето работење кои произлегуваат од сегашната законска регулатива и донесените правилници. Во дискусијата се посочи дека сегашната законска регулатива не соодветствува со моменталните актуелни состојби во дејноста, за што се сугерира системски измени на сегашниот Закон и подзаконските акти или донесување на нов Закон за заштита при работа.

**02.02.2017 година**

## БАЊИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ




Групацијата на бањи во рамките на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, одржа седница на која се разговараше за тековните активности на бањите, како од аспект на здравствената дејност која ја вршат, така и од аспект на позицијата дека стануваат се` попрепознатлива дестинација и за туристите. Во таа насока, членките на Групацијата констатираа дека во следниот период ќе работат многу повеќе на афирмација на бањите и како место за одмор и рекреација, нудејќи спа и велнес содржини, за рекреација, а не само како дел од болничко лекување.

**8.02.2017**

## ПРЕКУ ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ХОТЕЛИТЕ, ВО ОСВЕТЛУВАЊЕ, BMS-УПРАВУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ ДО ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ




Компаниите „И-Импулс“ и „Кабтел“ во соработка со Стопанската комора на Македонија реализираа презентација на имплементација на проекти за енергетска ефикасност во хотели и во други угостителски објекти за сместување, финансиска поддршка за проекти за енергетска ефикасност и хотелски BMS-решенија - интелигентно управување со хотели за висок комфор и ниски трошоци.

На презентацијата пред претставниците на заинтересираните правни субјекти, организаторите ги претставија можностите и начините како да се обезбеди поголема конкурентност на хотелите, ресторанite и останатите угостителски објекти, преку инвестиции во иновативни решенија, кои пред се` ги намалуваат трошоците на работењето и го модернизираат системот на нивно контролирање.

**10.02.2017 година**

## ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА НОВ ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ПРЕТСТАВЕНА ПРЕД ЗДРУЖЕНИЕТО НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ




Идејата за изработка на нов закон за управување со отпад кој ќе се изготвува согласно новата Директива на ЕУ за управување со отпад 2008/98 и Регулативата 333/2011, беше претставена пред членките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија. На седницата на Здружението, Ана Каранфилова Мазнева, раководител на Секторот за управување со отпад при Управата за животна средина информираше дека е започнат Твининг-проектот, кој има за цел зајакнување на административните капацитети за спроведување на Рамковната директива за отпад и директивите за посебните видови на отпад (пакување, батерии и отпад од електрична и електронска опрема).

Новина ќе биде што со законот ќе се дефинира кога отпадот престанува да биде отпад, а ќе се утврдуваат и нови дефиниции за тоа што претставува комунален отпад, каде е улогата на отпадот од домаќинствата во комуналниот отпад и сл. За таа цел, Каранфилова Мазнева

посочи дека е значајно јавните комунални претпријатија да дадат свој придонес со тоа што ќе нотираат кои се спорни одредби од постојниот Закон, како основа за изработка на новиот.

Претседателот на Здружението Златко Ристески посочи дека комуналните претпријатија перспективата на своето работење треба да ја гледаат во оптимално искористување на ѓубрето, инвестирајќи во примарна и секундарна селекција, како и во компостари, со што речиси и да нема да остане отпад кој ќе треба да се складира на депониите. При тоа беше потенцирано дека треба да се работи на изградба на центри за рециклирање со цел наместо за извоз селектираниот отпад во вид на суровина да се преработува во Македонија.

**13.02.2017 година**

## СООДВЕТНА ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКИТЕ ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ - УСЛОВ ЗА РАСТ НА ТУРИЗМОТ

По повеќе од 6 години колку што трае политиката на субвенционирање, за која од 2010 до 2017 година ќе бидат исплатени 11,9 милиони евра и позитивниот нагорен тренд на бројот на туристи и реализираните ноќевања во земјава, Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, констатира дека досегашната политика за поддршка и промоција на секторот на државно ниво дава резултати, од аспект на раст на вкупниот број на туристи, со акцент на странските гости.




Согласно статистичките податоци, но и движењата на светскиот туристички пазар, Македонија се уште има слободни капацитети да ги прими туристите кои бараат нови и различни дестинации, а има и интерес за подобрување на условите и модернизирање на хотелите согласно трендовите кои постојат во светот, пред се од аспект на категоризацијата на објектите.

Освен севкупна промоција на земјата, членките на Здружението при Комората констатираат дека во интерес на правните субјекти е Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да обезбеди и да организира и други активности кои ќе бидат во насока на поддршка на домашните правни субјекти.

**17.02. 2017 година**

**СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН ГОЛЕМИОТ ЈУБИЛЕЈ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

## - 95 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ-

**На 17 февруари 2017 година, во присуство на комплетната домашна бизнис елита, придружувана од присуството на дел од влијателните, за Македонија, домашни и меѓународни економски и политички личности, на свечен и достоен начин и во работен дух, се одбележа 95-годишнината од постоењето и функционирањето на најстарата и најбројната бизнис асоцијација во земјата, Стопанската комора на Македонија.**




Одбележувањето на годишнината беше збогатена со организирање на Тркалезна маса на тема: „Позицијата на малите земји во меѓународната економија – предности и недостатоци“, иницирана од двегодишната работа на стопанските комори и нивните членки за развивање и практично заживување на една значајна иницијатива - Иницијативата за поврзување на претприемачите од малите земји, која произлезе од потребата за нивно поврзување, заедничко дејствување и соочување со предизвиците за водење бизнис во особено тешки времиња.

На тркалезната маса учествуваа реномирани претставници од бизнисот, науката и од бизнис-асоцијациите, поранешни премери и претседатели од регионот и пошироко, кои потекнуваат или работат во мали земји, и тоа: Мило Ѓукановиќ, црногорски државник, искусниот хрватски политичар и државник Стипе Месиќ ; Бранко Роглиќ, сопственик на „Орбико“, хрватски милијардер, меѓу најуспешните претприемачи



во регионот, водечки дистрибутер во Европа; Свето Јаневски, претседател на Управниот одбор на ВВ „Тиквеш“, македонски бренд во бизнисот и менаџерството; д-р Владимир Глигоров, меѓународен економски експерт од Виенскиот институт за меѓународни економски студии, чија работа е насочена на научно-истражувачки студии во земјите од Балканот; д-р Александар Влаховиќ, претседател на Сојузот на економисти на Србија и главен организатор на Копаоник бизнис форумот; проф. д-р Кочо Анѓушев, главен извршен директор на Групацијата „ФЕРО ИНВЕСТ“ ДОО - Скопје, професор на Машинскиот факултет при УКИМ, потпретседател на Комората и успешен македонски бизнисмен и претприемач; проф. д-р Драган Микеревиќ, редовен професор на Економскиот факултет во Бања Лука, претседател на УО на Сојузот на сметководители и ревизори на Република Српска; Џемал Инаишвили, претседател на Конфедерацијата на азиско-пацифичките трговско-индустриски комори и член на Генералниот совет на Светската коморска федерација, поранешен пратеник и заменик-претседавач на грузискиот парламент; Сава Далбоков, претседател на Надзорниот одбор на Шпаркасе банка Македонија АД - Скопје и член на Управниот одбор на „Steiermärkische Bank und Sparkassen AG“, Австрија; д-р Златко Симоновски, генерален директор и претседател на Управниот одбор на „ФАКОМ“ АД - Скопје, една од најголемите компании во Југоисточна Европа во металопреработувачката индустрија, Марко Чадеж, претседател на Стопанската комора на Србија и Сафет Ѓерѓалиу, претседател на Стопанската комора на Косово.



Модератор на тркалезната маса беше проф. д-р Глигор Бишев, потпретседател на Стопанската комора на Македонија и главен извршен директор и претседател на Управниот одбор на Шпаркасе банка Македонија АД – Скопје.

Во дискусијата, учесниците ги изнесоа своите видувања и искуства, дискутирајќи околу следните прашања: Да се биде мала економија е предност или недостаток? Како треба да реагираат малите економии на тековните случувања во големите економии? Можат ли малите економии да изградат сопствени мултинационални трговски марки или таквите „брендови“ треба да се увезат од „светот“? Можно ли е да се биде мал, а конкурентен, во отсуство на соодветна инфраструктура, образована и квалификувана работна сила, стабилни и ефикасни институции и структурни реформи? Како да се финансира растот на малите економии и нивното приближување кон светските пазари? Имаме ли доволно големи банки, коишто се заинтересирани да ги финансираат фирмите од малите економии? Кои би биле правилата на фискалната и монетарната политика за малите економии? Дали ниските даноци и каматни стапки се лек за сè, или пак за успех се неопходни предвидливост, стабилни макроекономски политики и правично постапување?



Како заклучок од дискусијата по наведените прашања, беше и фактот дека оваа тркалезна маса несомнено го оправда нашето очекување дека е неопходно зголемување на директната соработка меѓу претприемачите од малите земји и дека се реални и оправдани заедничките иницијативи, активности, барања, но и потреби за поврзување, заедничко дејствување и соочување со предизвиците за водење бизнис во вакви особено тешки времиња и услови за водење бизнис. Развојот на земјите не зависи од големината, туку од институционалните капацитети на државата и нејзината стабилност. Имаме неограничен светски пазар и постојат реални претпоставки да се направи добар бренд. Малите земји имаат капацитет својот развој да го овозможат преку развој на компаративните предности на секоја од нив, но наместо да се навраќаме на минатото, потребно е да се свртиме кон иднината.





По повод значајниот јубилеј, традиционално на овој настан се додели и Наградата на Стопанската комора на Македонија на следните компании-членки на Комората: „ИГМ Трејд“ ДОО – Кавадарци; „Мали хидроелектрани“ (МХЕ) – Скопје; Халкбанк АД – Скопје; „Алкалоид“ АД – Скопје; „Дуна комјутери“ ДОО - Скопје; ЗЗ „Единство“ - Тетово - Печатница „Европа 92“ ДООЕЛ - Кочани.

Специјални признанија на Стопанската комора на Македонија се доделија на господин МИНЧО ЈОРДАНОВ, претседател на Бордот на директори на „МАКСТИЛ“ АД – Скопје и

господин НИКОЛАЈЧО НИКОЛОВ, заменик-генерален директор на Рудникот „БУЧИМ“ ДОО – Радовиш.

Комората традиционално доделува и Награда за најдобар партнер на Стопанската комора на Македонија од државните институции, а добитници на наградите за добрата соработка во 2016 година се Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија и Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

**20.02.2017 година**

## ГРУПАЦИЈАТА ЗА ДОМУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ОДРЖА СЕДНИЦА ЗА ПОВЕЌЕ АКТУЕЛНИ ПРАШАЊА



Примена на Законот за извршување, нелојалната конкуренција, проблемот со колективните водомери во станбените згради, беа дел од темите за кои членките за домување и управување со станбен и деловен простор дискутираа на состанокот организиран во Стопанската комора на Македонија.

При тоа, беа разменети искуства како новините од Законот за вонсудско порамнување се применуваат и како се одразуваат на работата на лиценцираните управители. Беше констатирано дека овие новини се несоодветни за дејноста домување, пред се` затоа што домувањето не е комунална дејност, а и затоа што станува збор за релативно мали износи на фактурирани обврски за кои нема економска оправданост покренувањето вонсудска постапка.

**23.02.2017 година**

## Презентирана палетата на производи на ХРВАТСКАТА КОМПАНИЈА „ИКОМ“ ПРЕД ВОДОВОДНИТЕ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА





Компанијата „ИКОМ“ ДОО, индустрија за комунална опрема и материјали од Загреб, Р. Хрватска, во соработка со Стопанската комора на Македонија, организираше презентација на водомери, регулатори, опрема за индустријата и мерни инструменти за водоводни, канализациони системи и системи за производство и дистрибуција на гас, пред претставници од водоводните македонски комунални претпријатија. Презентацијата ја реализираа Мислав Чориќ, технички комерцијален директор и Звонимир Баче, раководител на Одделот за читање мерни инструменти на далечина и заменик-технички комерцијален директор во „ИКОМ“ ДОО.

**23.02.2017 година**

**РЕГИОНАЛНИ ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ ЗА РАСТ НА БРОЈОТ НА ТУРИСТИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ**

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија учествуваше на Вториот регионален форум на тема „Унапредување на регионалната соработка во областа на туризмот", на Белградскиот саем, во рамките на Саемот за туризам, што се одржува во Белград.




Иницијатор на ваквата идеја се стопанските комори на Србија и на Црна Гора, поддржани и помогнати од Туристичкиот сојуз на Србија и Националната туристичка организација на Црна Гора.

Македонија во овој проект за кој има поддршка и преку Коморскиот инвестициски форум, ЦЕФТА-Проектот, но и преку ЕУ-проектите за регионална соработка, се вклучува преку Стопанската комора на Македонија, конкретно преку Здружението на угостителството и туризмот.

Секако, во рамките на реализирањето, односно на вклучувањето на земјата во оваа регионална соработка, Комората се надева на институционална поддршка од надлежните државни институции. Согласно активностите, идејата е до крајот на годината Македонија со свои туристички дестинации да се најде на мапата на регионални туристички производи, кои потоа ќе се промовираат во Европа, во земјите на Блискиот и Далечниот Исток и сл. Инаку, идејата на ваквите активности е обезбедување на што поголем број туристи од Кина, Јапонија, од земјите од Далечниот и Блискиот Исток, но исто така и од цела Европа.

**2.3.2017 година**

**НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО ПРЕКУ ЦЕЛОСНО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНИОТ СИСТЕМ ЗА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ВО СКОПЈЕ**

Македонската енергетска асоцијација (МЕА) организираше презентација на Студијата „ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕХНО-ЕКОНОМСКИ ОПТИМАЛНА И ЕКОЛОШКИ ОДРЖЛИВА СТРУКТУРА ЗА ГРЕЕЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЦЕНТРАЛИЗИРАНО СНАБДУВАЊЕ СО САНИТАРНА ТОПЛА ВОДА НА ГРАД СКОПЈЕ**"**, изработена од Машинскиот факултет од Скопје. Зголеменото ниво на концентрации на цврсти честички во воздухот во Скопје, особено во зимскиот период, во

најголема мерка се должи на користење на нееколошки и неефикасни системи за греење на објектите и постојните услови во транспортниот сектор и појавата на температурна инверзија, поради што долните слоеви на воздухот се задржуваат во „затворена состојба“, што значително ја ограничува можноста емисиите кои се создаваат во градот да се дистрибуираат повисоко во атмосферата.



**6.3.2017 година**

**ВОВЕДУВАЊЕ НОВА РЕГУЛАТИВА ЗА КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКИТЕ ЕМИСИИ**

Во рамките на Твининг проектот: „Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за транспонирање и имплементација на новата Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ“ во тек е подготовка на нова регулатива за индустриските емисии.




Најголемите индустриски инсталации имаат значителен удел во тоталните емисии од клучни атмосферски загадувачи и имаат други важни влијанија, вклучувајќи ги емисиите во вода и почва, генерирање на отпад и користење на енергијата. Директивата за индустриски емисии 2010/75/ЕУ (IED) ги поставува основните принципи за издавање дозволи и контрола на инсталациите, базирајќи се на интегриран пристап и на најдобри достапни техники (НДТ). Директивата заменува седум постојни директиви поврзани со индустриски инсталации и пропишува обврзувачки барања за работа на индустриски инсталации и овие барања се построги од барањата кои важеле порано во законодавството на ЕУ, истакна постојаниот советник Клеменс Конрад.

Бенефитите од имплементација на новото законодавство за индустриските емисии ќе овозможат операторите да добијат облигации кои ќе бидат појасни и еднакви за сите

оператори во земјата, а најважниот аспект е придобивката за животната средина и заштита на здравјето на граѓаните од емисиите од страна на индустриските капацитети.

**7.3.2017 година**

**ОДРЖАН ЕДНОДНЕВЕН СЕМИНАР ЗА ПОСТАПКИТЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ХЕМИКАЛИИТЕ**

Во организација на Здружението на хемиската индустрија и Центарот за едукација при Стопанската комора на Македонија, во Комората се одржа еднодневен семинар на тема: „Регистрација на хемикалиите“.

Семинарот го отвори претседателот на Здружението на хемиската индустрија Зоран Костовски, кој во името на Стопанската комора на Македонија ги поздрави присутните - околу 50 учесници, изразувајќи го задоволството од нивниот голем интерес за следења на темата за хемикалии. Предавачот, д-р Татјана Петрушевска, раководител на сектор во Министерството за здравство, одржа презентација во која ги опфати условите кои треба да бидат исполнети за регистрација и увоз на хемикалии, како и подготовка на досие за регистрација на хемикалии во Република Македонија и тоа хемикалии кои доаѓаат од Европската унија, хемикалии на домашни производители и хемикалии кои доаѓаат од трети земји.

**7.3.2017 година**

**СОРАБОТКА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЦЕНТАР НА ИЗВОНРЕДНОСТ**

Претседателот на Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија имаше состанок со претставници од „PwC“ од Луксембург. Цел на средбата беше размена на мислења во врска со Студијата на изводливост (физибилити студија) за воспоставување Центар на извонредност (Centre of Excellence), кој би ги покривал земјите од Западен Балкан.



Господинот Благој Христов укажа на неопходноста од правилна процена на улогата на сите институции посветени за поддршка на истражувањата, развојот и иновациите на еко-системот во Република Македонија и во регионот. Потоа, тој укажа дека треба да се дефинираат секторите за поддршка на иновативни решенија и применети истражувања, за претприемништвото во регионот и заокружување на локалните прописи за поддршка на стартап компании и младите претприемачи.

На средбата беше потенцирана сегашната фаза на соработка на индустријата и академските институции во регионот, потенцијалот за развој во областа на ИКТ и другите сектори, во насока на создавање простор за градење на капацитетите преку применети истражувања, со цел да се придонесе за развој на регионот.

**7.3.2017 година**

**Одржана трибина на тема „Ефектите на измените воведени со новиот Закон за нотаријатот и новиот Закон за извршување врз работењето на деловните субјекти“ – ПОСОЧЕНИ ИСКУСТВАТА НА КОМПАНИИТЕ ВО ПРИМЕНАТА НА ОВИЕ ЗАКОНИ**



Стопанската комора на Македонија, согласно доставените барања на компаниите, а со цел да се креира форум на кој ќе се дискутира за ефектите на решенијата воведени со новиот Закон за нотаријатот и новиот Законот за извршување врз работењето на компаниите, како и да се дефинираат предлози за надминување на констатираните состојби, одржа трибина посветена на ефектите кои измените воведени со овие закони ги предизвикуваат врз работењето на деловните субјекти. На трибината учество земаа претставници на повеќе компании од различни сектори и различни дејности, кои ги истакнаа нивните искуства во однос на примената на наведените закони во практиката и предложија начини за надминување на моменталните состојби.

Стопанската комора на Македонија и во иднина ќе продолжи да презема активности кои се однесуваат на примената на Законот за нотаријат и Законот за извршување, во насока на обезбедување на нивна поефикасна примена во практиката.

**9.3.2017 година**

**ПОДЗАКОНСКИТЕ АКТИ ЗА ТАРИФА ЗА ВОДНА УСЛУГА И НА РЕГУЛАТОРНАТА ТАРИФА ЗА ВОДНА УСЛУГА - предмет на расправа на Групацијата за водовод и канализација**

Членките на Групацијата за водовод и канализација во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, разговараа за Предлог-текстот на правилникот за начин и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторната тарифа за водна услуга и за Предлог-текстот на методологијата за определување на тарифите за водна услуга, доставени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.



Ставовите на Групацијата, по завршување на состанокот, беа изнесени на трибината што на истата тема ја организираше Регулаторната комисија за енергетика, каде стручните луѓе од Комисијата детално ги образложија нацрт-документите. Претседателот на РКЕ Димитар Петров, посочи дека целта на трибината е да се дебатира по предлог-материјалите, за што засегнатите страни ќе може да доставaт и писмени забелешки. Сепак, на крајот беше заклучено дека отстапување, односно пролонгирање на рокот за имплементација на Законот нема да се случи, бидејќи, имплементацијата е поврзана со добиените грантови на повеќе комунални претпријатија за изградба на пречистителни станици.

**13.3.2017 година**

**НАЈАВА НА ТРКАЛЕЗНАТА МАСА: СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО СТОКИ И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ - МОЖНОСТИ И АЛТЕРНАТИВИ**

Како резултат на честите блокади кои условија застои и нефункционалност во превозот на стоки во патниот и во железничкиот сообраќај кон Република Грција, а во насока на наоѓање решенија за надминување на ваквите состојби, Стопанската комора на Македонија на 16 март 2017 година (четврток) ќе биде домаќин на тркалезна маса на тема: „Сигурност во снабдувањето со стоки и нафтени деривати - можности и алтернативи“, најави извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, д-р Јелисавета Георгиева. Целта на тркалезната маса, како што беше посочено, е да се презентираат главните прашања поврзани со сите предизвици, можности и расположливи решенија во сигурноста на снабдувањето со стоки и нафтени деривати кои се неопходни за тековните потреби на стопанството, како и да се укаже на последиците од ненавремените испораки на стоките до крајните дестинации, како значителен проблем за планираното тековно работење на компаниите кои редовно имаат извозно-увозни активности и што негативно се одразува на стопанството во целина.




На тркалезната маса ќе се отвори и прашањето за инфраструктурниот капацитет на повеќе гранични премини, со цел намалување на штетите кои не се само од економски карактер, туку и безбедносен, посебно кога се работи за непречено снабдување со нафта и нафтени деривати, истакна претседателот на Здружението на енергетиката, д-р Ристо Јаневски.

**14.3.2017 година**

**ИЗБРАНО НОВО РАКОВОДСТВО НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА ОСИГУРИТЕЛНО-БРОКЕРСКИ ДРУШТВА**

На редовната седница на Асоцијацијата на осигурително-брокерски друштва при Стопанската комора на Македонија, се избра новото раководство на Асоцијацијата. Имено, за претседател на Асоцијацијата беше избрана Верица Ѓоргиевска од „Наше Осигурување“, а за потпретседатели, Владо Исјановски од „Мобилити брокер“ и Елена Тодорова од „АМ Брокер“.

Главен приоритет ќе бидат предлози за измени на новиот Закон за осигурување во рамките на Твининг-проектот на Министерството за финансии и Агенцијата за супервизија на осигурувањето „Понатамошна хармонизација со ЕУ во полето на осигурувањето и зголемување на пазарните операции“, финансиран од ИПА ТАИБ 2012-2013 година.




**16.3.2017 година**

**ОДРЖАНА ТРКАЛЕЗНА МАСА НА ТЕМА: СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО СТОКИ И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ - МОЖНОСТИ И АЛТЕРНАТИВИ**

Стопанската комора на Македонија на 16.3.2017 година одржа тркалезна маса на тема: „Сигурност во снабдувањето со стоки и нафтени деривати - можности и алтернативи“, се` со цел во присуство на компаниите и надлежните државни институции да се разгледаат расположливите решенија во процесот на сигурно снабдување со стоки кои се неопходни за тековните потреби на стопанството, посебно во услови на се` позачестени блокади кои предизвикуваат застои и нефункционалност во превозот на стоки во патниот и во железничкиот сообраќај кон Република Грција.




- Кога се мисли на наоѓањето соодветни решенија за надминување на овие проблеми, треба да се гледа многу пошироко, загубата не е само на страна на приватниот сектор во земјава, големи се и загубите кои како земја ги чувствуваме како резултат на изгубената добивка за стоката која е во транзит. Со ова атрактивноста на Коридорот 10 се намалува, странските компании не` заобиколуваат и користат други патни правци, што долгорочно гледано остава трајни економски последици, истакна претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески.

**21.3.2017 година**

**ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА БЕА РЕАЛИЗИРАНИ БЕСПЛАТНИ СЕМИНАРИ ЗА МЕДИЈАЦИЈА КАКО ЕФИКАСЕН НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ**

Согласно големиот интерес, после одржаните семинари за медијација на 24.01.2017 година и на 21.02.2017 година, во Стопанската комора на Македонија со присуство на повеќе од 150 учесници претставници од компаниите и од државните институции, на 21.3.2017 година, се одржа бесплатниот семинар на тема: „МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО ЕФИКАСЕН НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ“. И на овој семинар во Комората имаше над 60 присутни учесници и на истиот беше детално објаснета медијацијата во РМ согласно законските прописи. Акцент беше ставен на тоа кои се медијабилни/немедијабилни предмети и беа детално и практично објаснети почетокот на постапката на медијацијата, текот и завршувањето на постапката.



**21.3.2017 година**

**ЕФЕКТИТЕ НА ИЗМЕНИТЕ ВОВЕДЕНИ СО НОВИОТ ЗАКОН ЗА НОТАРИЈАТОТ И НОВИОТ ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ ОД СЕКТОРОТ ТРГОВИЈА**

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија расправаше за ефектите на измените воведени со новиот Закон за нотаријатот и новиот Закон за извршување врз работењето на деловните субјекти од секторот трговија. Членките на Здружението истакнаа дека новите законски измени донесоа нови, зголемени трошоци во тековното работење, спротивно од заложбите од јавната расправа, за избегнување на дополнителни оптоварувања на стопанството.




Конкретните забелешки се однесуваат на обврската за задолжително учество/присуство на адвокат, која предизвикува значителни негативни финансиски импликации врз работењето на компаниите и ја одолговлекува постапката, а и се воспоставува нееднаков третман на дипломираните правници – вработени во компаниите во однос на адвокатите.

**24.3.2017 година**

**ОДРЖАН СОСТАНОК НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ЕБОР И ЗДРУЖЕНИЕТО НА БАНКАРСТВОТО**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа состанок на претставниците на ЕБРД, г. Џим Тарнбул, помошник-директор и поранешен банкар, г. Фади Алраис, аналитичар, кои се дел од тимот за Развој на локалните валути и пазари на капитал, ЕБОР -Лондон и г. Наум Рибароски, ЕБОР - Скопје, со претставниците на Здружението на банкарството предводени од Николче Петковски, претседател на Управниот одбор на Еуростандард банка АД - Скопје.



На состанокот се дискутираше за состојбата во домашната економија, движењата на домашниот финансиски пазар на капитал и можноста за искористување на средства од страна на компаниите преку пазар на капитал и нивно поголемо инволвирање.

Претставниците на ЕБОР покажаа посебен интерес во врска со процесот на евроизација на кредитите и депозитите во земјата и можноста пазарите на капитал да бидат извор за финансирање на компаниите со цел зголемено искористување на кредитите кои ги нуди ЕБРД преку домашните банкарски канали.

На состанокот беше заклучено дека и во услови кога ризиците од домашните политички случувања се присутни и изразени, банкарскиот сектор е стабилен.

**29.3.2017 година**

**ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА МЕТАЛУРГИЈАТА ЈА РАЗГЛЕДАА ПРЕДЛОГ-РЕГУЛАТИВАТА ЗА ИНДУСТРИСКИ ЕМИСИИ**

Согласно интересот и значењето на новата регулатива за индустриски емисии, во рамките на Здружението на металургијата при Стопанската комора на Македонија се одржа работна средба на којашто уште еднаш се разгледа понудената регулатива и се дадоа мислење и забелешки од аспект на нејзината применливост во пракса.



Претставници на индустријата на основни метали и на други индустриски капацитети засегнати со предметната проблематика заедно со претставниците на Министерството за животна средина и просторно планирање и претставникот на Австриската агенција за екологија се навратија на новитетите кои ги предлага новиот закон за индустриски емисии. Претставниците на индустријата посочија низа отворени прашања, како што се прашањата поврзани со најдобрите достапни технологии, усогласеноста на законот со Националниот план за емисии, еднаквиот однос на законските решенија во однос на сите индустриски инсталации што не е актуелна пракса, а едно од суштествените прашања се однесува на транзициониот период.

**3.4.2017 година**

**Групација за безбедност и здравје при работа - ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА УСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

Висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност и здравје при работа, регулирано во Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа донесен во 2014 година од страна на Министерството за труд и социјална политика, беа основната тема на прес-конференцијата на Групацијата за безбедност и здравје при работа при Стопанската комора на Македонија.




- За надминување на ова приоритетно прашање од работењето на субјектите од областа на здравјето и безбедноста при работа, во рамките на Групацијата е подготвен нов Предлог-правилник и истиот ќе биде доставен до надлежните институции, истакна претседателот на Групацијата Сашко Стојмановски.

Со измени во Законот за безбедност и здравје при работа на кои се темели правилникот и по донесување на истиот со регулирање на цените, само се спречува конкурентноста и развојот на овластените правни лица. Невозможно е со регулација на цените да се постигне квалитет, а особено нема да се намалат појавите на неквалитетно извршување на работите.

**3.4.2017 година**

**Групација за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена - ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**

На седница на Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена беше разгледана законската регулатива од секторот, при што беше констатирано дека подолго време не се вршени тековни усогласувања и затоа се потребни значајни измени и дополнувања, согласно Европските директиви и анализираните тековни состојби во работењето на членките.




Членките на Групацијата за оружје и опрема укажуваат на потребата за поедноставување на постапките за добивање дозволи и одобренија од надлежните државни органи и организации, за набавка на оружје, опрема и муниција, потоа, за начинот на набавка, со или без одобрение или потврда, за одделни видови оружје, за главни делови за оружје и за муниција.

**5.4.2017 година**

**Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали - АГРЕГАТИТЕ ПОДЛЕЖАТ НА КОНТРОЛА НА ФАБРИЧКОТО ПРОИЗВОДСТВО, СПРОВЕДЕНО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛОТ**

Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите одржа состанок со цел да се изнесат одредбите од Законот за градежни производи, кои воведуваат промени во начинот на контролата на производството кај градежните производи, на начин што се дава многу поголема одговорност на производителот на градежен производ во поглед на контролата на квалитетот и одржување на постојаност на својствата на градежниот производ.

За да може да го пласира својот производ на пазарот, производителот треба да добие оценка и потврда на својствата на градежниот производ која ја спроведува овластено лице од страна на овластено тело за сертификација кое треба да направи почетна контрола (инспекција) на производството и фабричка контрола на производството (ФКП), но и да има постојан надзор, оцена и контрола (евалуација) на фабричкото производство.

**6.4.2017 година**

**ГЛАВНИТЕ ЧИНИТЕЛИ НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ СЕКТОР ЈА ПРОМОВИРАА БРОШУРАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

Здружението на осигурувањето и Асоцијацијата на осигурително - брокерските друштва при Стопанската комора на Македонија во соработка со Агенцијата за супервизија на осигурување, организираа неформален собир на фелата од осигурителната индустрија.



Поводот за неформалното дружење беше промоција на брошурата на друштвата за осигурување и осигурително - брокерските друштва, која е прва публикувана каталогизација на осигурителниот сектор во Република Македонија.

**13.4.2017 година**

**Лиценцираните управители за домување - членки на Стопанската комора на Македонија ДЕБАТИРАА ЗА ТЕКОВНИТЕ АКТИВНОСТИ И АКТУЕЛНИ ПРОБЛЕМИ ВО ДЕЈНОСТА**

Групацијата за домување со станбен и деловен простор при Стопанската комора на Македонија, каде членуваат лиценцираните управители кои менаџираат со влезовите во станбените згради и деловно-станбените комплекси, одржа состанок на кој се разговараше за актуелните проблеми и тековните активности во рамките на дејноста.

Како еден од клучните проблеми кои го оптоваруваат нивното работење, управителите го посочија новиот Закон за извршување, согласно кој се третираат со истите законски обврски како и комуналните дејности, што го усложнува нивното работење бидејќи дејност домување согласно матичниот закон не е комунална дејност.

Лиценцираните управители констатираа дека и натаму се соочуваат со одредени технички проблеми во врска со заедничките струјомери, пренос на корисник на броило од еден на друг лиценциран управител и слично. За таа цел, на состанокот беа присутни претставници од енергетската компанија, кои посочија дека согласно нивните процедури и согласно Законот се обидуваат да излезат во пресрет на барањата на управителите. Лиценцираните управители и на овој состанок го отворија прашањето за обврските и одговорностите согласно функционирањето на лифтовите во влезовите како дел заедничките простории, односно сопственост на станарите, за што беше присутен и претставник од Државниот технички инспекторат.




**18.4.2017 година**

**СТАБИЛНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ И ГРИЖА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ**

- Според официјално објавените финансиски показатели за 2016 година, се потврдува дека осигурителниот пазар е стабилен и покрај нагласеното влијание на ризици од неекономска природа, истакна Весна Ѓорчева, потпретседателка на Здружението на осигурувањето на редовната прес-конференција на Стопанската комора на Македонија.

Осигурителната индустрија покажува дека настојува да биде што поблиску и поотворена за потребите на осигурениците. Покрај стандардните форми на канали за продажба, постојат веб-платформи како модерно ИТ-решение и останати алатки како резултат од се` пораширената дигитализација. Може да се каже дека купувањето на полисата за осигурување никогаш не било полесно и таа никогаш не била подостапна до клиентите.




Во насока на развој на осигурителниот пазар и финансиското знаење, финансиските институции во Македонија организира хепенинг на тема: „Финансиско знаење во областа на осигурувањето“, којшто се одржа во мај 2017 година.

## 19.4.2017 година

## ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА СЕКУНДАРНИ СУРОВИНИ И РЕЦИКЛАТОРИ




Неповолната законска регулатива во делот на извозот, увозот и транзитот на отпад, која во голема мера го отежна работењето на субјектите кои вршат дејност на управување со неопасен отпад, како и на индустриските капацитети кои го користат како суровина беше основната тема на расправа на седницата на Собранието на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори при Стопанската комора на Македонија.

Правилникот за извоз, увоз и транзит на отпад, којшто беше донесен на барање на Асоцијацијата во текот на минатата година, наместо очекуваната либерализација на тековите на отпадот од зелената листа, како што е впрочем регулирано во земјите од Европската унија, повторно ги остави согласностите за извоз, увоз и транзит на отпад и ги ограничи стопанските субјекти во вршењето на дејноста. Неповолната регулатива предизвика значителни финансиски штети, особено кај индустријата која како основна суровина го користи старото железо.

Согласно информацијата дека е во тек подготовка на нов закон за отпад и закони за посебните текови на отпад, Асоцијацијата ќе даде соодветен придонес во изградувањето квалитетна регулатива а исто така и ќе го обнови своето барање за измени и дополнување на Правилникот за извоз, увоз и транзит на отпад.

## 20.4.2017 година

## ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ИНДУСТРИЈАТА ОДРЖАА ТРЕТА РАСПРАВА ПО ПРЕДЛОГ-РЕГУЛАТИВАТА ЗА ИНДУСТРИСКИ ЕМИСИИ

Согласно договореното на претходниот состанокот на тема: „Регулативата за индустриските емисии", во рамките на Здружението на металургијата при Стопанската комора на Македонија се одржа трета по ред работна средба на којашто се разгледуваа предлозите и сугестиите доставени од страна на претставниците на индустријата и на другите засегнати страни по оваа значајна регулатива.



Презентацијата којашто ја даде ескпертот за животна средина од Р. Бугарија, Бојко Малинов ги содржеше и одговорите на дел од отворените прашања, како и коментарите коишто претставниците на индустријата ги дадоа во изминатите две недели по однос на понудените законски решенија за контрола на индустриските емисии, но голем број прашања остануваат нерешени.

Имајќи го предвид значењето на регулативата, чијашто примена бара значителни инвестициони вложувања, претставниците на индустријата ќе го следат Законот за индустриски емисии во сите фази од неговото донесување,

**21.4.2017 година**

**АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО РУДАРСТВОТО - тема на расправата на Македонската асоцијација на рударството**

Македонската асоцијација на рударството расправаше за актуелните состојби во рударството во присуство на претставници на министерствата за економија, за животна средина, професори од Рударскиот факултетот од Штип и претставници на активните рудници, при што беше истакнато дека на оваа средба присутни се одговорни лица кои се носители на стручноста за геологијата, рударството, проектирањето, изработка на елаборати и друго.

Во расправа, беше потенцирано дека изостанува активно учество на стручната јавност за одредена тема со аргументи и податоци, дека треба да преовладува и поголема доверба меѓу стручните лица, а сето тоа да се пласира и во јавноста, заради донесување на правилна оцена за одредени концесии, било да се во фаза на истражување, било да се во фаза на експлоатација. Посебно незадоволство беше потенцирано за состојбата што е во Гевгелија, каде и покрај тоа што Општина Гевгелија има дадено позитивно мислење при издавањето на дозволата за истражување, нестручни лица пласираат податоци со кои се доведува населението во заблуда и се оди на референдум.

**24.4.2017 година**

## ТУРИЗМОТ ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ХРАНА ВО ЦЕФТА - РЕГИОНОТ

Во изминатите неколку години, констатирано е дека трговската размена меѓу земјите-членки на ЦЕФТА-регионот е зголемена, но, суштинската врска помеѓу економиите во регионот, односно помеѓу компаниите не е формиран синџир на снабдување. За таа цел, во рамките на Партнерскиот проект со Унијата на трговско–индустриските комори на Германија и коморите од ЦЕФТА-земјите (ДИХК-ЦЕФТА), каде е вклучена и Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Црна Гора беше домаќин на Конференцијата на тема: „Туризмот во насока на развој на производството на храна во ЦЕФТА-регионот", што се одржа на 20 април 2017 година во Будва, Р. Црна Гора.




На Конференцијата беа разменети искуства за поврзаноста на угостителството и производителите на храна, односно колку развојот на туризмот во секоја од земјите во регионот стимулира зголемување на потрошувачката на домашни производи, конкретно производи во рамките на ЦЕФТА-регионот и на кој начин се прави таквото поврзување, истакна Даниела Михајловска Василевска, на прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија. Ваков тип на активности се познати во развиените земји во Европа и во светот, каде растот и развојот на туризмот, а со тоа и на угостителството се поврзуваат со раст на потрошувачката на храна, бидејќи се` поизразен станува фактот дека неминовно со развојот на туризмот како дејност се` поголемо внимание се посветува и на гастрономијата. Туристите се` повеќе изразуваат интерес автентичната храна во земјата во која патуваат да биде дел од вкупната туристичка понуда. Во таа насока и се работи на поврзување на туризмот со домашните производители на храна.

**10.5.2017 година**

## ОБВРСКИТЕ НА ЛИЦЕНЦИРАНИТЕ УПРАВИТЕЛИ ПО ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ - предмет на дискусија на Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор

Членките на Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор при Стопанската комора на Македонија, на денешниот работен состанок разговараа со претставник од Дирекцијата за заштита на лични податоци со цел надминување на проблемот како да ги обезбедат матичните броеви од граѓаните коишто, согласно Законот за извршување им е наложено да ги имаат како задолжителни елементи кои мора да се наведат во барањето за вонсудска наплата на долгови, во случај кога редовно не се плаќаат сметките. За лиценцираните управители, тоа што не смеат да собираат и да обработуваат матични броеви од станарите во влезовите, во голем дел им ја усложнува работата бидејќи се соочуваат со несоодветни податоци во постапките кога по судски пат се обидуваат да ги наплатат своите фактурирани обврски.




**11.5.2017 година**

## ИЗБРАНИ НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ И НОВ ЗАМЕНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛ на Групацијата на водостопанските претпријатија

Групацијата на водостопанските претпријатија во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија одржа состанок на којшто беше усвоена оставката на досегашниот претседател на Групацијата Тони Мартиновски поради негово заминување од АД „Водостопанство на Република Македонија“. Во таа насока, на состанокот за нов претседател беше предложен и едногласно избран досегашниот заменик-претседател Љубе Димов, раководител на Подружница „Тиквешко Поле“, во рамките на АД „Водостопанство на РМ“. На негово место, за нов заменик-претседател е избран Марјан Героски, од ЈП „Стрежево“ - Битола. Како втор заменик-претседател останува Гордана Тошевска од Подружницата „Прилепско Поле“ во рамките на АД „Водостопанство на РМ“.




Присутните на состанокот разговараа и за тековните активности во рамките на водостопанската дејност, за нивната вклученост согласно Законот за утврдување на цени на водни услуги, како и за можностите за воспоставување соработка со домашни и странски компании во насока на реализирање инвестициски активности, односно модернизација на производството.

**17.5.2017 година**

**Презентирана „Анализата на развојниот производствен потенцијал и можности за извозна диверзификација на металната, машинската и електроиндустријата“**

Пред членките на Стопанската комора од металниот комплекс беа презентирани резултатите од обемното истражување содржани во Анализата за развојниот потенцијал и можностите за извозна диверзификација на металната, машинската и електроиндустријата од авторите д-р Дарко Лазаров и д-р Митко Кочовски.




Проектот, како што истакнаа авторите, претставува продолжување на претходната опсежна студија која имаше за цел да ја проучи улогата на металната индустрија во производната структура на македонската економија преку квантифицирање на нејзиното учество во креирање на БДП на земјата, извозот, вработеноста и да се видат поврзаностите со останатите индустрии и сектори. Студијата ги анализира развојните можности на металната и

металопреработувачката индустрија во насока на динамизирање на извозната дизверзификација на земјата со можност истражувањето да биде проширено на целата индустрија и истата од страна на присутните беше оценета како добра основа врз којашто би се граделе идните економски политики за менување на односот кон индустријата и нејзиниот развој.

**17.5.2017 година**

**ЗДРУЖЕНИЕТО НА ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ СО КАБЕЛСКИТЕ ОПЕРАТОРИ БАРААТ НАМАЛУВАЊЕ НА ОПТОВАРУВАЊАТА**

Здружението на информатичко-комуникациските технологии одржа состанок во Стопанската комора на Македонија со претставници на кабелските оператори, во врска со проблемите со високите финансиски оптоварувања со кои се соочуваат компаниите - кабелските оператори во Република Македонија.



Компаниите укажаа дека сегашните зафаќања од остварениот приход на кабелските оператори (особено за наплата на авторските права и филмскиот фонд), како и другите финансиски обврски, се пазарно нереални и претставуваат можен предуслов и закана за прелевање на товарот на крајниот потрошувач, преку вградување на дополнителните трошоци во сметките на граѓаните.

Во Стопанската комора на Македонија, согласно добрите практики, ќе се негува и ќе се афирмира процесот на преговарање и дијалог на засегнатите страни, во кој треба да се најде решение на проблемите, имајќи ги предвид реалните параметри, економскиот амбиент во државата и економскиот капацитет на компаниите.

**18.5.2017 година**

**Во Стопанската комора на Македонија, пред слушателите на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители ПРЕЗЕНТИРАНА УЛОГАТА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ И УЛОГАТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО УТВРДУВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА РАБОТНОТО ЗАКОНОДАВСТВО**



Во организација на Стопанската комора на Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ - Скопје, се одржа обука за улогата на Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ) во преговорите и склучувањето на колективните договори и улогата и значењето на Стопанската комора на Македонија во утврдувањето и развојот на

работното законодавство.

Пред присутните слушатели на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители, претседателот на Организацијата на работодавачи на Македонија, Ангел Димитров, го истакна значењето на колективните договори во законодавството на РМ како стожер на социјалниот дијалог помеѓу работодавачите и Синдикатот.

Улогата и значењето на Стопанската комора на Македонија во застапување на интересите на членките, се врши низ процес на артикулирање на интересите и формите на мислење на секој член врз принципите на отвореност, јавност и непосредно договарање и информирање - истакна Љупка И. Самарџиска, виш советник во Стопанската комора на Македонија, во своето образложение за улогата на Комората во креирањето на работното законодавство.

**19.5.2017 година**

**Групација на агрегати, бетони и асфалти - КОНЦЕСИОНЕРИТЕ НА АГРЕГАТ СЕ ЗАЛАГААТ ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ ЗА КВАЛИТЕТЕН ПРОИЗВОД**

Согласно заклучокот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите на состанок одржан на 5.4.2017 година, новините од Законот за градежни производи се презентирани на повеќе состаноци по региони и тоа: одржани се шест едукативни состаноци во Скопје, Струмица (беа опфатени струмичкиот, радовишкиот и гевгелискиот регион), Струга (охридско-струшкиот регион), Гостивар (гостиварско-тетовскиот регион), Кавадарци (кавадаречкиот, велешкиот, неготинскиот, прилепскиот и битолскиот регион). Интересот на компаниите беше максимално изразен, при што имаше присуство од преку 130 претставници од компаниите.

Презентацијата насловена „Концепт на контрола на градежните производи согласно Законот за градежни производи и националните (европски) стандарди“, е подготвена од страна на претставници на „ГЕИНГ“, ГИМ и ЗИМ.

Компаниите се залагаат за квалитетен производ, а со тоа и со квалитетен градежен објект. Голем дел од концесионерите веќе имаат искуство во своето работење, но со помош на акредитираните лаборатории и телата за сертификација постепено ќе бидат усвоени сите стандарди, со што ќе се елиминира и нелојалната конкуренција, а доколку во иднина производителот нема да поседува изјава за својства, нема да може да учествува на тендери.

**22.5.2017 година**

**ПРЕКУ ЗАЕДНИЧКА ПЛАТФОРМА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ, ПРЕРАБОТУВАЧИТЕ, НАУКАТА И ПОТРОШУВАЧИТЕ ДО ПОГОЛЕМИ ЕФЕКТИ ВО ОРГАНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА**




Пад на извозот на храна во првиот квартал годинава регистрира статистиката на Народната банка, а Државниот завод за статистика евидентира пад и на откупот и на продажбата на земјоделски производи. Сето тоа наметнува низа мерки со цел зголемување на производството и неговиот квалитет, како би се избориле со конкуренцијата од регионот, изјави Васко Ристовски, на прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија, одржана на 22.5.2017 година.

Првиот Закон за органско производство беше донесен во 2001 година кога беа основани и првите здруженија на органски производители. Во 2010 година почна да се спроведува Национална кампања за промоција за органското земјоделско производство.

**29.5.2017 година**

**На средба со новинарите презентирани РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ОБЕМНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ И МОЖНОСТИТЕ ЗА ИЗВОЗНА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА МЕТАЛНАТА, МАШИНСКАТА И ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈАТА**

Анализата на „Развојниот производствен потенцијал и можности за извозна диверзификација на металната, машинската и електроиндустријата", од авторите д-р Дарко Лазаров и д-р Митко Кочовски ги согледува и ги анализира развојните можности на металната и металопреработувачката индустрија во насока на динамизирање на извозната диверзификација на земјата и структурни промени (насочување на економијата од производство и извоз на производи со понизок степен на финализација кон производи со повисока додадена вредност), истакна претседателот на Здружението на металургија и еден од авторите на анализата д-р Митко Кочовски.




Според современата економска наука, токму извозната диверзификација и промените во производната и извозната структура се фундаментални процеси за забрзување на економскиот раст во мала отворена економија, како што е тоа случај со Република Македонија, посочи Д-р Дарко Лазаров во презентацијата на оваа научно апликативна анализа. Следствено на тоа, може да констатираме дека лошите економски резултати и ниските стапки на економски раст што македонската економија ги бележи во целиот изминат период во голема мера се детерминирани од лошите извозни перформанси гледано низ призмата на извозната структура на земјата.

**5.6.2017 година**

**ЕФЕКТИТЕ НА НОВИОТ ЗАКОН ЗА НОТАРИЈАТОТ И НОВИОТ ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ - ПРЕДЛОЗИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА КОНСТАТИРАНИТЕ СОСТОЈБИ**

Со новиот Закон за нотаријатот и новиот Закон за извршување се воведоа повеќе измени кои се однесуваат на работењето на деловните субјекти.

Оперативниот директор во Комората, м-р Елена Милевска Штрбевска посочи дека генералната оценка на компаниите е дека решенијата кои се воведени со овие два закона предизвикуваат значајни импликации врз работењето на деловните субјекти.




М-р Милевска Штрбевска накратко се осврна на финансиските импликации на новиот Закон за нотаријатот и новиот Закон за извршување, преку презентација на направените споредби на вкупниот износ на издатоци кои компаниите ги имаат во однос на дејствијата и постапките кои спаѓаат во делокругот на работа на нотарите и извршителите, и тоа преку споредување на вкупниот износ на издатоци (задолжителни издатоци кои мора странките да ги покријат) согласно одредбите кои беа важечки пред 31.12.2016 година, и согласно новиот Закон за нотаријат и новиот Закон за извршување. М-рТатјана  Штерјова се осврна и на барањето на компаниите за соодветно уредување на прашањето за наплата на побарувањата на компаниите спрема субјектите од јавното право, поради околноста што во практиката покрај сите предмети и права, истовремено и паричните средства на сметките на овие субјекти кај сите носители на платниот промет се изземаат од извршување, како предмети и права кои се неопходни за вршење на дејноста, со што бизнис заедницата во многу случаи ефективно е оневозможена да ги наплати своите побарувања.

**6.6.2017 година**

**ДЕВЕТТИ ФОРУМ НА ЧИНИТЕЛИ И ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ВО ОБЛАСТА НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

Групацијата на обновливи извори на енергија во рамките на Стопанската комора на Македонија, а во соработка со Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија, го одржа Деветтиот форум на чинители и засегнати страни во областа на обновливите извори на енергија (ОИЕ).



Беа истакнати условите, исплатливоста, предностите и слабите страни на фотонапонските системи со и без повластени тарифи, системите инсталирани за задоволување на сопствена потрошувачка на електрична енергија и net-metering системите, интегрирање на ОИЕ во

преносниот систем на Македонија.

**14.6.2017 година**

**Реализиран ФОРУМ ЗА АГРОБИЗНИС СЕКТОРОТ**

Во Стопанската комора на Македонија во рамките на Твининг проектот: „Развивање на соработката помеѓу високообразовните институции, приватниот сектор и релевантните програми“, се реализира Форум за агробизнис секторот. На настанот беа присутни претставници од Европската делегација, експерти од Франција и Северна Ирска, претставници на бизнис секторот, од министерства, факултети, институти и други надлежни институции, со цел зајакнување на соработката меѓу универзитетите и бизнис заедницата за подобрување на студиските програми и нивното значење за пазарот на трудот, како и јакнење на довербата меѓу универзитетите, приватниот сектор и јавноста.



**15.6.2017 година**

**ПРЕТСТАВНИЦИ НА ИНДУСТРИЈАТА ГИ ДЕФИНИРАА ЗАБЕЛЕШКИТЕ ПО ПРЕДЛОГ-РЕГУЛАТИВАТА ЗА ИНДУСТРИСКИ ЕМИСИИ**



Во континуитет на започнатите активности во рамките на Здружението на металургијата, а со цел доизградување на ставовите, сугестиите и забелешките на претставниците на индустријата по однос на предлог-регулативата за индустриските емисии, во Комората се одржа работен состанок на којшто претставници на индустријата ги сумираа досега изготвените забелешки и сугестии од страна на компаниите, со цел изготвување заедничко мислење по оваа значајна законска регулатива.

Беше дадена генерална оценка дека понудениот нацрт законскиот текст треба да претрпи измени и да се приспособи на условите и можностите на индустријата, особено во делот на најдобрите достапни технологии и на транзициониот период, за којшто ќе се бара негово пролонгирање на 9 години Претставниците на индустријата се осврнаа и на решението со кое се дава преголемо дискреционо право на регулаторот и побараа негова замена со конкретни и прецизни решенија. Овие, и другите забелешки кои беа изнесени на денешниот состанок ќе бидат систематизирани во една иницијатива која ќе биде доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање, како предлагач на Законот за индустриски емисии.

**15.6.2017 година**

**КОНЦЕСИОНЕРИТЕ ОЧЕКУВААТ РЕАКЦИЈА ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ ВО РУДАРСТВОТО**

На седницата на македонската асоцијација на рударството при Стопанската комора на Македонија се истакна дека во последно време во Македонија се случуваат некои активности кои не се во интерес ниту на општините, ниту пак на концесионерите на минерални суровини. Членките на МАР реагираат на се` позачестените тврдења дека со отворањето на рудниците за метали ќе се придонесе за загадување на животната средина, за што се одржуваат и референдуми за нивно запирање. Овие случувања и барање, имаат негативно влијание и се праќа лоша порака до инвеститорите, посебно кај странските инвеститори. Државата како концедент, задолжително мора да реагира и да ги заштити концесионерите, бидејќи не може да се сторнира концесија од други ненадлежни органи, како што се општините, кои во самиот процес на добивањето на концесија имаат дадено позитивно мислење. Еднострано раскинување или прекинување на концесијата има негативни финансиски импликации, како за државата, така и за општините.

**16.6.2017 година**

**Презентација на проектни решенија за чистење отпадни води, вода за пиење, арсен и вакуум-канализации - МОЖНОСТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ**




Во Стопанската комора на Македонија, пред компании од секторот на водовод, претставници од локалната самоуправа и други заинтересирани фирми, се одржа презентација на моделот на чистење на отпадни води, вода за пиење, арсен и вакуум-канализации, што го реализираат компаниите „SZABADICS“, „HIDROFIT“, „INWATECH“ од Република Унгарија.

Преку презентирање на идејните проекти, имплементирање на иновативни решенија, запознавање со опремата на унгарските фирми, македонските компании и општините имаа можност да се запознаат со можностите што ги нудат овие компании како дел од Европскиот систем на стандарди.

**20.6.2017 година**

## ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА И ЗА КООРДИНАЦИЈА СО ЕКОНОМСКИТЕ РЕСОРИ НА СРЕДБА СО СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ

Стопанската комора на Македонија организираше средба со проф. д-р Кочо Анѓушев по повод неговиот избор за заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, на која беа присутни претставници на органите и телата на Комората.




Во своето обраќање, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, истакна дека изборот на заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања, од редот на членките на Комората е само потврда дека Комората, преку своите реномирани членки и респектирани и успешни бизнисмени кои се активни во органите и телата на Комората, располага со силен кадровски потенцијал, кој преку своите значителни деловни достигнувања, има елан да даде дополнителен импулс и позитивен придонес во развојот на економијата во целина.

Проф. д-р Кочо Анѓушев, од позиција на заменик претседател на Владата на Република Македонија, пред присутните стопанственици посочи дека Владата ќе учествува во реализација на долгорочните капитални инвестиции чија економска оправданост бизнис секторот ќе ги почувствува на долг рок, а ќе ги поддржуваат и сите активности на деловната заедница кои ќе условат економски развој на индустријата и на економијата во целост.



**23.6.2017 година**

**Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите - НАТРУПАНИТЕ ПРОБЛЕМИ ОД ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, ИЗНЕСЕНИ ПРЕД МИНИСТЕРОТ СУГАРЕСКИ**

Во присуство на министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески, Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите расправаше за актуелните состојби во градежништвото и за насоките за наредниот период.

Во дискусијата најмногу се говореше за законската регулатива, за која се предлага дерегулација, бидејќи честите измени на законите од областа на градежништвото, но и други закони придонесоа за неусогласеност на повеќе одредби, кои имаат негативно влијание во работењето на компаниите. Се предложи дека и подзаконските акти треба дополнително да претрпат измени.

**27.6.2017 година**

**ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО ИНТЕРЕС НА ДРЖАВАТА И НА ТРГОВЦИТЕ**

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија расправаше за повеќе иницијативи за измени и дополнувања на законската регулатива од областа на трговијата.




На седницата се заклучи да се покрене иницијатива за измена на законските одредби што ја регулираат продажбата на алкохолни пијалаци. Компаниите бараат укинување на одредбите поврзани со големите трошоци за добивање лиценца за продажба на алкохолните пијалаци, на одредбите за ограничување на времето за продажба и физичкото одделување на алкохолните пијалаци. Оценка е дека со тоа драстично ќе се дерегулира работењето на трговските компании, ќе се воспостави еднаквост на пазарот, ќе се намалат трошоците во секојдневното работење, а приливот во државниот буџет нема да се намали, поради поголемата потрошувачка.

**28.6.2017 година**

**СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ НА СРЕДБА СО ЗАМЕНИКОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РМ ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА И ЗА КООРДИНАЦИЈА СО ЕКОНОМСКИТЕ РЕСОРИ, МИНИСТРИТЕ ЗА ФИНАНСИИ И ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ОКОЛУ МИНИМАЛНАТА ПЛАТА**

Во Министерството за финансии на Република Македонија се одржа работна консултативна средба, на којашто заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, проф. д-р Кочо Анѓушев, заедно со министерот за финансии д-р Драган Тевдовски и министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, ги информираа претставниците од стопанските комори околу регулирањето на прашањето за висината на минималната плата.

Генерално е констатирано дека економскиот раст е можен ако паралелно растат и компаниите но и платите, а во заедничка соработка и консултација да се донесат потребни избалансирани мерки, со кои ќе се зголеми мотивацијата на вработените, а со тоа да се влијае и на зголемување на продуктивноста.



Предложено е Министерството за финансии да го презентира начинот на аплицирање за оваа мерка и користење на средства, пред стопанствениците во Стопанската комора на Македонија, кога ќе се донесе финалното решение.

**5.7.2017 година**

## ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО ОБЛАСТА НА НАМЕНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТОТ

На седница на Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, одржана на 4.7.2017 година, беше разгледана законската регулатива во Република Македонија, во областа на наменското производство и прометот, и беше констатирано дека се потребни значајни измени и дополнувања, согласно Европските директиви и анализираните тековни состојби во работењето на членките на Групацијата. За подобрување на деловното опкружување во земјата, се истакнаа клучните области на делување во наредниот период, во насока на подобрување на бизнис-климата, раст на реалниот сектор и создавање услови за забрзан и одржлив економски раст во земјата.




Компаниите бараат владеење на основните принципи на пазарната економија, лојална конкуренција и нивна рамноправна вклученост во јавните набавки, консултирање при донесување и менување на правната регулатива, владеење на правото и поголем пристап до финансирање на компаниите од наменското производство.

**5.7.2017 година**

**Одржана првата работна средба на бизнис секторот со претседателот на Владата на Република Македонија и претставниците на економските ресори во Владата – ДИСКУСИЈА ЗА ОТВОРЕНИТЕ ПРАШАЊА КОИ СЕ ОД ИНТЕРЕС ЗА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА**

Во насока на имплементација на добрата практика за унапредување на јавно-приватниот дијалог помеѓу Владата на Република Македонија и приватниот сектор и креирање можности за заедничка дискусија во однос на приоритетите на економската програма на Владата на Република Македонија и отворените прашања кои се од интерес за бизнис заедницата, Стопанската комора на Македонија организираше заедничка работна средба на бизнис секторот со претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев и претставниците на економските ресори во Владата.



На владиниот тим од страна на Комората му беа презентирани Предлозите, мерките и иницијативите на бизнис заедницата за подобрување на деловниот амбиент во Република Македонија. На работната средба учествуваа проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, проф. д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и повеќе од 250 претставници на компаниите-членки на Комората.



Од страна на Комората пред присутните беше посочено дека заокружувањето на темелните принципи на пазарната економија, консултирање на бизнис заедницата при донесување и менување на правната регулатива, владеење на правото, загарантирана приватна сопственост, поголем пристап до финансирање на компаниите и подобрување на ликвидноста, лојалната конкуренција и претприемачкиот потенцијал, унапредување на системот на образование и продуктивноста на работната сила се само дел од основните приоритети на делување, кога во услови на глобализиран пазар и интензивен конкурентски притисок компаниите треба да работат на развој на својата конкурентска моќ, а државите да го подобрат националниот бизнис-амбиент и да создадат услови во кои компаниите ќе можат да го развијат својот бизнис-потенцијал. Неопходно е изготвување на долгорочна стратегија за економски развој, како нов економски модел, што може да обезбеди остварување на клучната цел – постигнување стапка на раст меѓу пет и седум отсто во наредните десет години. Комората иницира пред донесување на буџетот на Република Македонија секоја година да се отвора дебата со бизнис секторот за проекциите на државната каса, како би се овозможило забелешките и предлозите на бизнис заедницата да бидат земени  предвид при градењето на макроекономската политика за наредната година.




Претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев, во своето обраќање потенцираше дека нема економска иднина на една држава без иднина на  приватниот сектор и без директно учество на бизнис заедницата во креирањето на деловниот амбиент. Многу скоро Заев најави имплементирање на неколку мерки - младинската гаранција, поддршка на претприемништвото и малите бизниси, како и креирање амбиент на посолидарно општество.
Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори проф. д-р Кочо Анѓушев, пред присутните бизнисмени порача дека Владата нема амбиции да биде работодавач, туку партнер на стопанството, но ќе има за цел да обезбеди услови, а ќе ги поддржи и фирмите кои ќе сакаат да растат. Основните постулати на кои ќе се базира економијата, посочи Анѓушев, се: поголема поддршка на домашните компании во извозната ориентираност, моделот на странски инвестиции да биде одржлив на долг рок, а бенифициите кои се обезбедуваат за странските инвеститори да важат и за домашните компании, да се зголеми соработката на македонските фирми со странските инвеститори, со што ќе се работи на подигнување на конкурентноста на македонските компании. Единствениот сегмент каде државата ќе се меша во реалниот сектор, посочи д-р Анѓушев, се капиталните инвестиции, вложување во патишта, далеководи, гасовод и сл. Ќе се отворат дебати и за секторот енергетика, за досегашните проекти ќе се разговара со

сите засегнати страни вклучително и со експертите и ќе се дадат приоритети на проекти за кои ќе се донесе консензус дека се најодржливи.



Во рамките на дискусијата бизнисмените поставија серија прашања до владиниот тим, на кои, заменикот на претседателот на Владата и ресорните министри даваа одговори, за некои прашања конкретни, а за некои беше оставен простор да бидат разгледувани од службите во Владата и во најкраток можен рок да се понудат решенија во интерес на бизнис секторот.

**10.7.2017 година**

**СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ИНИЦИРА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА ВО ОДНОС НА ПРОДАЖБАТА НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ**

Стопанската комора на Македонија до Министерството за економија ќе поднесе Иницијатива за изменување на Законот за трговија со која се предлага укинување на обврската за поседување лиценца за продажба на алкохолни пијалаци (која е со важност од 2 години и можност за продолжување со високи износи на надоместоци за лиценците, особено за големите трговци) и отстранување на ограничувањето во однос на работното време во кое може да се врши продажба на алкохолни пијалаци по 19, односно 21 часот до 6 часот, информираше на денешната прес конференција оперативниот директор на Комората м-р Елена Милевска Штрбевска.

Иницијативата произлегува од барањата на компаниите-членки на Здружението на трговијата и Здружението на земјоделството и прехранбената индустрија при Стопанската комора на Македонија. Во изминатите 9 години од примената на овие ригорозни ограничувања во трговијата, Комората континуирано укажуваше дека, со нивната примена се нанесува голема финансиска штета на трговците на големи и мало, како и на компаниите од домашната индустрија за прозводство на ваков вид пијалаци, што негативно се одразува на нивниот развој и предизвика намалување на бројот на работни места, посочи Милевска Штрбевска.




Ограничувањето на продажбата на алкохолни пијалаци во трговската мрежа директно го стимулираше производството и трговијата со алкохолни пијалаци „на црно“, за кои не се плаќаат акцизи и даноци и кои се широко достапни за целокупното население, вклучувајќи ги и најмладите.

**17.7.2017 година**

## ПРЕДЛОГ-НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА СЕКТОРОТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, до Министерството за економија достави Информација за актуелните состојби во секторот туризам и угостителство (изготвена по седницата на Здружението, одржана на 13.6.2017 година), со предлог за одржување состанок на кој подетално ќе бидат презентирани проблемите, а ќе бидат дадени и предлози за нивно надминување, а на кој би биле присутни министерот за економија, претставници од Владата на РМ во чија надлежност е именувањето на директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, како и функционирањето на Комитетот за туризам при Владата на РМ и претставници од министерствата за образование и труд и социјална политика, информираше на денешната прес-конференција Даниела Михајловска Василевска од Стопанската комора на Македонија.




На конференцијата се укажа на потребата од преземање на серија мерки за угостителството и туризмот кои Здружението на угостителството и туризмот ги предлагаат за да се постигне проектираното учество на туризмот во БДП од 5% од сегашните 2,2 %, како и на потребата да се направат одредени измени и усогласувања во законската рамка и образовниот систем за секторот.

**17.7.2017 година**

**ПРЕД БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ПРОМОВИРАН ТРЕТИОТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ СТРАНСКИ ЕКСПЕРТИ ВО МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ**

Проектот за ангажирање странски експерти во домашните компании е проект кој е несомнено во интерес на деловните субјекти во земјава кои имаат потреба за унапредување на деловните процеси, за воведување и користење на напредната технологија, зголемување на ефикасноста во работењето, унапредување на маркетингот и продажбата на производите и услугите, што во крајна линија би требало да резултира со унапредување на извозните активности на компаниите како основа за долгорочен раст и развој.




Од досегашните два огласа, како што информира заменикот на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, проф. д-р Кочо Анѓушев, услугата досега ја искористиле 96 компании, а анкетите покажуваат дека 78 отсто од нив се задоволни од странските експерти, а дури 90 отсто повторно би учествувале во проектот. - Владата ќе работи кон тоа македонските компании да се изедначат со странските во делот на субвенционирање и ќе се продолжат сите проекти што придонесуваат за зголемување на конкурентноста на македонските компании, - подвлече д-р Анѓушев.




Со објавувањето на првиот повик во 2013 година и можноста да се аплицира за користење стручна помош од странски експерти, бизнис заедницата даде поддршка на овој проект и Стопанската комора на Македонија беше активно вклучена во анимирањето на домашните компании за искористување на оваа можност. Добро е што уште при првиот повик немаше ограничување за областите за кои бизнисмените може да побараат ангажирање странски експерт, односно се излагаше во пресрет на сите што ги задоволуваат условите од огласот. Во најголем дел, странските експерти беа ангажирани во компании кои се од областа на производството на производи за широка потрошувачка, партиципираа во компании од услужната дејност и во компании од областа на технологијата, истакна Биљана Пеева-Ѓуриќ, директор во Стопанската комора на Македонија.

## 24.7.2017 година

### СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА НЕЛЕГАЛНАТА ТРГОВИЈА ОКОЛУ ПАЗАРИТЕ, ЗА ПОВЕЌЕКРАТЕН ПОЗИТИВЕН ЕФЕКТ ВРЗ ДРЖАВНИОТ БУЏЕТ

Групацијата на пазари во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија алармира на проблемите со кои организаторите на пазари се соочуваат континуирано од аспект на нелојалната конкуренција и нелегалната трговија, истакна Даниела Михајловска Василевска на прес-конференцијата во Комората.




Во насока на сериозно намалување на нелојалната конкуренција и на нелегалната трговија околу пазарите, преку ЗЕЛС ќе се бара општините заедно со пазарите да работат на максимално искористување на капацитетите на пазарите, а со МВР почитување на Законот за безбедност на сообраќај и Законот за јавна чистота, со што ќе се работи на дислоцирање на камионите и на „дивите“ пазарџии од просторите за кои немаат дозвола, како и поради фактот што се доведува под знак прашање безбедноста во сообраќајот.

## 25.7.2017 година

### ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОСНОВАЊЕ ГРУПАЦИЈА НА ПРОВАЈДЕРИ НА ДИГИТАЛНИ РЕШЕНИЈА И ДИГИТАЛНО ПЕЧАТЕЊЕ

Во Стопанската комора на Македонија се одржа состанок на претставници на компании чија активност е имплементација на најновите технологии во областа на дигитално печатење и управување со документи. Компаниите започнуваат иницијатива за основање на Групација на провајдери на дигитални решенија и дигитално печатење при Стопанската комора на Македонија, а една од приоритетните активности ќе биде иницирање на промена на законската регулатива поврзана со увоз и пуштање во промет на користена ИК-опрема, согласно европските стандарди за заштита на животната средина.




Групацијата преку Стопанската комора на Македонија ќе соработува со сите државни институции и невладини организации чија дејност е екологијата и зачувувањето на животната околина.

**26.7.2017 година**

**Одржана седница на Групацијата за оружје и опрема - ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА НА КОМПАНИИТЕ ОД ГРУПАЦИЈАТА ЗА ОРУЖЈЕ И ОПРЕМА СО ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ**

Компаниите-членки на Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и програма за воена и цивилна намена (Групација за оружје и опрема) при Стопанската комора на Македонија, на седницата ја истакнаа потребата од поголема соработка со соодветните министерства и другите државни институции од оваа област.




Македонските компании од Групацијата за оружје и опрема имаат реален капацитет и интерес за претставување на својата палета на производи и сервисно логистички услуги за одржување на опрема, а соодветните државни институции да го поддржат производството и развојот на домашните компании, како и да се унапредат услугите за сервисирање и подобрување на перформансите на постојната опрема.

Во изминатиот период членовите на Групацијата правеа големи напори, но без поголеми резултати, за поголема присутност во македонската економија. Поради тоа, компаниите инсистираат за транспарентни процеси на набавки и трошење на државни средства и вклучување на регистрираните и овластени македонски компании во процесот на набавка на вооружување и воена опрема за потребите на државата.

**27.7.2017 година**

**СОРАБОТКА НА КОМПАНИИТЕ ОД ГРУПАЦИЈАТА ЗА ОРУЖЈЕ И ОПРЕМА СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА - Состанок на министерката за одбрана м-р Радмила Шекеринска со компаниите од Групацијата за оружје и опрема, во Стопанската комора на Македонија**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа работна средба на компаниите-членки на Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и програма за воена и цивилна намена (Групација за оружје и опрема) при Стопанска комора на Македонија, со министерката за одбрана м-р Радмила Шекеринска и соработниците. Клучна тема беше потребата од поголема соработка на Групацијата и нејзините членки со Министерството за одбрана на Република Македонија.

Во изминатиот период членовите на Групација правеа големи напори, но без поголеми резултати, поради што инсистираат на транспарентни процеси за набавки и вклучување на

регистрираните и овластени македонски компании во процесот на набавка на вооружување и воена опрема за потребите на Министерството за одбрана.




Министерката за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, се заложи дека колку што може повеќе во наредниот период, во рамките на законските можности и реалните капацитети, ќе се работи на зголемување на соработката со домашните компании од областа на производство, сервисирање и трговија со воена опрема и вооружување за потребите на Министерството, така што сите компании ќе бидат информирани за можноста да учествуваат на тендерите што ги распишува Министерството за одбрана.

## 27.7.2017 година

### Здружение на информатичко-комуникациските технологии - НОВИ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПРОМЕТОТ СО ИКТ-ОПРЕМА



Во Стопанската комора на Македонија се одржа седница на Здружението на информатичко-комуникациските технологии, на која се расправаше за проблемите со кои се соочуваат членките, со присутната „сива“ економија на пазарот со ИКТ-производи и опрема, како и увозот на употребени, стари и амортизирани производи, апарати и опрема од оваа област.

Компаниите бараат државата да го заштити регуларниот пазар со ИКТ-производи и опрема и ригорозна контрола, инспекции и активности за совладување на „сивата“ економија.

Повод за ова барање на компаниите - членки на Здружението на ИКТ, е се` поголемата набавка и употреба на стари, веќе отфрлени во Европа апарати за печатење, копирање, мулти функциски уреди и друга ИТ-опрема, со што Р. Македонија станува отпад за застарена опрема која во Европа веќе се исфрла од употреба. Примената на критериумот на најниска цена во тендерите во Република Македонија, драстично го намали квалитетот на набавените производи и опрема во државните институции.

**27.7.2017 година**

**УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ОСИГУРИТЕЛНИТЕ КОМПАНИИ И РЕЛЕВАНТНИТЕ МИНИСТЕРСТВА ЗА РАЗВОЈ НА СООБРАЌАЈНАТА КУЛТУРА КАЈ ВОЗАЧИТЕ**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа работна средба на компаниите-членки на Здружението на осигурување при Стопанската комора на Македонија и г-ѓа Лилјана Шекеринска, виш специјалист за транспорт при Светската банка во Република Македонија.

Пред присутните г-ѓа Шекеринска ги презентираше целите на Светската банка за зголемување на безбедноста на патиштата во Република Македонија.




На состанокот се заклучи дека е потребно постојано унапредување на соработката како помеѓу осигурителните компании, така и со релевантните министерства како би се развила сообраќајната култура кај возачите, а со тоа би се обезбедило приближување до европските параметри за безбедност при сообраќајот.

**7.8.2017 година**

**УСОГЛАСУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА СО ЦЕЛ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ, ЕКСПЛОЗИВНИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ, ПИРОТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА ЗА ВОЕНА И ЦИВИЛНА НАМЕНА**




Групацијата за оружје и опрема во рамките на Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија укажува на неопходноста од усогласување на регулативата со цел унапредување на дејностите поврзани со производството и трговијата со оружје, експлозивни и

опасни материјали, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, истакна Димитар Мангутов, претседател на Групацијата за оружје и опрема, на прес-конференцијата во Комората.

Членовите на Групацијата бараат поголема соработка со надлежните државни институции и веќе имаат покренато иницијативи за конкретни средби со ресорните министри од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за економија, како и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Компаниите од Групацијата за оружје и опрема бараат донесување закон за оружје и опрема усогласен со европските директиви, за што доставија свои предлози до Министерството за внатрешни работи.

**21.8.2017 година**

**НОВОФОРМИРАНАТА ГРУПАЦИЈА НА ПРОВАЈДЕРИ НА ДИГИТАЛНИ РЕШЕНИЈА СО ИНИЦИЈАТИВА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА УПОТРЕБУВАНА ИКТ-ОПРЕМА**

На прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија претседателот на Групацијата на провајдери и дигитални решенија при Стопанската комора на Македонија, Александар Пајковски информираше дека Групацијата која неодамна е формирана од компании чија активност е имплементација на најновите технологии во областа на дигитално печатење и управување со документи, ќе се стреми кон воведување европски стандарди за квалитет на производите и заштита на животната средина во Република Македонија.




-Неопходна е имплементацијата на Директивата на Европската унија за забрана и рестрикција за користење на одредени опасни материи (RoHS Directive 2002/95/EC) во производите кои штетно влијаат на животната средина, која од 2006 година е задолжителна за членките на Унијата. До денес Директивата постојано се проширува и станува се` поригорозна во однос на употребата на штетните материи во одделни производи, - посочи Пајковски.

**25.8.2017 година**

**ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА РУДАРИТЕ - Десетгодишна традиција која ја негува Министерството за економија**

Во организација на Министерството за економија, беше одбележан Денот на рударите - 28 Август, кој традиционално се одбележува секоја година. Во своето обраќање пред присутните, министерот за економија во Владата на Република Македонија, господинот Крешник Бектеши, нагласи дека рударството претставува двигател на економскиот раст во државата, а посебно и на општините. Во Македонија активно работат 120 рудници кои експлоатираат метални руди, неметални минерални суровини, води и јаглени, распространети по целата територија на државата. Сите овие рудници работат согласно законските прописи, а како што истакна министерот Бектеши, нивното работење е контролирано и не може да се даде концесија за експлоатација односно за работа, се` додека не бидат доставени сите потребни документи, анализи и позитивни мислења, посебно од општините. Традиционално, одбележувањето на Денот на рударите продолжи и со доделувањето на признанија на најуспешните рудари и благодарници на повеќе институции за успешна соработка. Посебна Благодарница за успешна соработка со Министерството за економија беше доделена и на Македонската асоцијација на рударството (МАР) при Стопанската комора на Македонија.

**29.8.2017 година**

**РУДНИКОТ Е ЖИВОТ – ПОРАКА ОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ДЕНОТ НА РУДАРИТЕ ВО РУДНИКОТ „БУЧИМ“ - РАДОВИШ**

Во присуство на голем број деловни партнери, претставници од институциите и науката, локалната самоуправа на Радовиш, но и проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, во Рудникот „Бучим“ - Радовиш, беше одбележан Денот на рударите - 28 Август.

„Посебно внимание посветуваме на заштитата на животната средина, заштитата при работа на вработените и за „Бучим“ ние велиме дека е рудник на животот. Не сакаме да се потсетуваме каква беше состојбата од 2000 година до 2005 година во овој регион“, - пред присутните истакна Николајчо Николов. Заложбата на менаџерскиот тим е да се продолжи векот на траење на рудникот, така што се подготвува целокупна документација за отворање на нов рудник во Боров Дол, за кој според првичните проценки, „Бучим“ ќе може да работи најмалку до 2032 година, односно до 2042 година.

Пред присутните се обрати и д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, кој поздравувајќи ги присутните истакна дека рударството е многу важна гранка за економскиот развој на државата, но уште повеќе и за локалниот развој, од причина што над три четвртини од средствата за концесиски надоместок се наменети за општините во кои се извршуваат работи.

**31.8.2017 година**

**ПОТРЕБНИ СЕ ПРОМЕНИ ВО ПРИСТАПОТ КОН РЕШАВАЊЕ НА ГОРЛИВИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО СТОПАНСТВОТО, ВО НАСОКА НА ПОЕФИКАСНА КОМУНИКАЦИЈА, ПРИСТАП И РЕШАВАЊЕ НА ИСТИТЕ**

На работната средба на претседателите на здруженијата, групациите и асоцијациите при Стопанската комора на Македонија, одржана на 30.8.2017 година во Охрид, се разгледаа и се утврдија насоки за дејствување на формите на организирање и работење при Комората, посебно во врска со методологијата за комуникација со надлежните органи и институции во реализација на барањата, иницијативите и предлозите на Комората, со цел подобрување на деловниот амбиент во Република Македонија.



При изложувањето на тековните состојби, проблемите и предизвиците во сите сектори во стопанството, како посебно значајни прашања на кои треба да се работи во наредниот период се утврдија прашањата за градење нов методолошки концепт за пристап кон третирањето на конкретни проблеми од царинската област (тарифи, нетарифни бариери, високи увозни давачки за суровини наспроти слободниот режим за увоз на готови производи и сл.), иницирање мерки со кои ќе се либерализира вршењето на определени дејности за кои се потребни дозволи, одобренија или согласности, а во практиката значат усложнување на административните процедури и процеси, почитување на роковите за одговор од надлежните институции во реализација на барањата и иницијативите со цел поголема ефикасност во нивното решавање, уредување на состојбите и нерешените проблеми околу сопственичките односи, градежното земјиште и деталните урбанистички планови во делот на индустриските капацитети во државата, субвенциите во индустријата и други значајни прашања.

Покрај тоа, еден од заклучоците на средбата е и потребата од иницирање и директно вклучување во подготовка на една долгорочна Стратегија за развој на одделните сектори во македонската економија (земјоделие, рударство, металургија, градежништво, туризам и сл.), со цел утврдување на клучните насоки за развој на стопанството и постигнување повисоки стапки на економски раст и развој.

**4.9.2017 година**

**ИСПОЛНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ЦЕЛИ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**

Еколошките теми и прашања секоја година стануваат поактуелни за граѓаните и тие стануваат се` посвесни колку влијаат нивното однесување и нивните навики врз животната средина, беше истакнато на прес-конференцијата, на којашто говореа Ико Брдарски и Љупчо Аврамовски од Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори.



-Согласно националните цели, во 2020 година во Република Македонија треба да се рециклира 60% од отпадот од пакување, односно вкупно над 65.000 тони/годишно хартија, пластика, стакло, лименки и дрво. Пред нас во следните 3 години имаме огромен предизвик. проценка е дека треба да се поставаат контејнери за примарна селекција од страна на граѓаните на уште 2000-2500 места, што е значајна инвестиција во инфраструктура која треба да биде проследена и со соодветни кампањи за подигање на јавната свест на граѓаните за селекција на отпадот, - додаде Брдарски.

**4.9.2017 година**

**ПРЕДЛОГ-МЕРКА ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНИТЕ ДАВАЧКИ КАЈ ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ НА МЕСО ЗА ПРЕРАБОТКА СО ЦЕЛ УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО МЕСНАТА ИНДУСТРИЈА**

Со цел зголемување на конкурентноста на домашните преработувачи на месо пред странските конкуренти на домашниот пазар, а во насока на обезбедување услови за повисок степен на користење на сопствените капацитети во оваа индустрија, неопходни се автономни мерки за укинување на увозните давачки кај одредени категории на месо за преработка.




Предлог-мерката предвидува ослободување од царинската давачка за замрзнато свинско месо за регистрирани преработувачи на месо и производители на сувомесни преработки кои преработуваат во сопствени објекти.

**11.9.2017 година**

**ВО РАМКИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ФОРМИРАНА Е АСОЦИЈАЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД**

За развој на управувањето со посебните текови на отпадот, а по иницијатива на заинтересираните претставници на колективните постапувачи со отпад од пакување, од батерии и акумулатори и електричен и електронски отпад, како форма на организирање и работење на Комората се формира Асоцијација за управување со посебните текови на отпад. Во Асоцијацијата членуваат стопанските субјекти кои поседуваат лиценца за колективно или самостојно постапување со посебни



текови на отпад од пакување, од батерии и акумулатори и од електричен и електронски отпад, а се очекува бројот на членките да се зголеми и со пристапување на субјектите кои се занимаваат со постапување со отпадот од возила, од гуми, текстил и отпад од масла.

Основните цели на формирањето на Асоцијацијата е да ги координира учесниците, односно да се постави како спрега помеѓу бизнис секторот, институциите и граѓаните во системот на управување со отпадот, со најниски трошоци за индустријата и најголем еколошки бенефит за граѓаните.

За претседател на Асоцијацијата во наредниот тригодишен мандат е избран д-р Филип Ивановски, управител на „Пакомак“ - Скопје, а за негов заменик Фана Христовска, управител на „Ел колект“ - Скопје.

**12.9.2017 година**

**УСПЕШНО ПАРТНЕРСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СО ПРОЕКТОТ НА УСАИД - Инвестиции во чиста енергија**

После четири години на имплементација, на 13 септември 2017 година, заврши Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија. Проектот во износ од 2.3 милиони долари во кој еден од партнерите беше Групацијата на обновливи извори на енергија при Стопанска комора на Македонија работеше да се зголемат инвестициите во енергија од обновливи извори, да се намали потрошувачката на енергија и да се намалат емисиите на стакленички гасови.



**13.9.2017 година**

## ПРЕЗЕНТИРАНА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА СТУДИЈА ЗА „МАКЕДОНСКИОТ ИЗВОЗ“, ИЗГОТВЕНА ОД ВИЕНСКИОТ ИНСТИТУТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ЕКОНОМСКИ СТУДИИ

Научно-истражувачката студија „Македонскиот извоз“, којашто на барање на Стопанската комора на Македонија е изработена од страна на Виенскиот институт за меѓународни економски студии, беше презентирана пред повеќе од 250 претставници од компании-членки на Стопанската комора на Македонија, претставници од Владата на РМ и од други државни институции, како и од дипломатскиот кор.



-Студијата, покрај обработката на извозот како главен сегмент во анализите, вклучува поширок преглед на потенцијалите и можностите на македонската економија со цел да се утврди вистинското место на приватниот сектор во македонското стопанство, врз која основа е потребно да се креира модел што ќе ги поттикне економскиот раст и развој, истакна д-р Јелисавета Георгиева- Јовевска, извршен директор на Стопанската комора на Македонија.

Студијата изобилува со доста податоци, приказ на состојбите и движењата во повеќе сегменти како што се увозот, извозот, производството, понудата и побарувачката на пазарот на производи и услуги, влијанието на констатираните состојби врз вработеноста и миграциските движења на работната сила, иновативноста како фактор на стопанскиот раст, состојби во макро-економската и монетарно-финансиската сфера, значењето и влијанието на странските инвестиции врз извозот и неговото учество во БДП, важноста на регионалната интеграција и интернационализацијата на односите за натамошен економски раст, потенцијалите на МСП, што на изготвувачот му служи како основа да даде и свои констатации и предвидувања за идниот економски раст на македонската економија, посочи извршниот директор на Комората.




Изготвувачот на научно-истражувачката студија „Македонскиот извоз“, д-р Владимир Глигоров, експерт од Виенски институт за меѓународни економски студии, ги презентираше економски параметри изразени преку потенцијалната стапка на раст, растот на извозот и на увозот, инвестициите, трговскиот дефицит и дефицитот на тековната сметка, а ги посочи и препораките под кои услови тоа би се реализирало.



За да има развој потребено е најмалку 20 до 25 проценти од бруто домашниот производ да се инвестира во нови производи, иновативност, конкурентност. Глигоров потенцира дека извозот е генератор на растот и на вработувањето. Со 4 отсто стопански раст, под претпоставка стопанскиот раст на ЕУ да биде 2 отсто, по 30 години македонскиот БДП по глава на жител би требало да биде околу 90 отсто, што значи дека идната генерација на граѓани би можеле да живеат со европски стандард.

Препораките кои се дадени и во студијата упатуваат во стопанската политика да се одржи фиксен курс со антициклична фискална политика и конкурентен реален курс со постојани надворешни биланси.

Основните цели и мерки за да се реализираат препораките се: поттикнување на иновативноста; зголемување на интернационализацијата; активна политика на вработување; реформа на даночниот систем; научно и технолошко поврзување; активно учество во Берлинскиот процес и јакнење на јавното и приватно партнерство.



Премиерот на Владата на Република Македонија Зоран Заев, констатираше дека препораките во студијата се значителен придонес во креирањето на економскиот раст на земјата. Најави дека е подготвен и план за економски развој чија цел е создавање успешна економска приказна со што земјата побрзо ќе се приклучи на патот кон интеграција на Европската унија, како и со регионот. Клучни во креирањето на економската политика на Владата како што истакна премиерот Заев ќе бидат, инвестициите, извозот, малите и средни претпријатија, подигнување на конкурентноста на приватниот сектор.




Македонија е мала држава и мала економија. За да има успешен економски развој потребна е извозна ориентација, посочи д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања. Македонскиот извоз учествува со 50% во Бруто домашниот производ. Ако не се зголеми тој процент на 60 па дури и до 70 %, земјата не може да очекува сериозен раст. Анѓушев најави дека економскиот раст оваа Влада ќе го фокусира на три столба. Прво ќе се обезбеди државна поддршка за компаниите кои ќе испорачаат раст и прогрес во Македонија. Второ ќе се подржи извозот и трето ќе се креира значителна државна помош на малите и средни компании, поентираше заменикот на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања.

Елизабет Хаген, извршен директор на Виенски институт за меѓународни економски студии, го претстави организациски Институтот, посочувајќи дека тој е рангиран 5-то место од 25 светски меѓународни истражувачки институти.

**15.9.2017 година**

**Средба на претседателот Азески со вицепремиерот Османи – ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА**

Претседателот на Стопанска комора на Македонија, Бранко Азески на 14.9.2017 година оствари работна средба со заменик-претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања Бујар Османи.

Вицепремиерот Османи и претседателот Азески разговараа за најавената Регионална економска интеграција и за Берлинскиот процес во делот кој се однесува на регионалната соработка на стопанските комори. На средбата стана збор и за активностите во насока на унапредување на конкурентноста на економиите на земјите од Западен Балкан, зајакнувањето на регионалната економска соработка и интеграција во Европската унија и на глобалниот пазар, како и за реформите од План 3-6-9 кои се однесуваат на делот на економски критериуми со чие спроведување ќе се подобри целокупната позитивна клима во економијата, која ќе биде од полза пред сè за бизнис-секторот.



На средбата, од страна на господинот Османи беше истакнато дека Секретаријатот може да понуди соработка со Стопанската комора на Македонија со вклучување во работните тела на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, во работните групи на Националната програма за усвојување на европското законодавство кои се од областа на економските политики, како и во секторските групи на ИПА.

## 18.9.2017 година

**ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ЗДРУЖЕНИЕТО НА УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ И ЗДРУЖЕНИЕТО НА ТУРИСТИЧКИТЕ ВОДИЧИ ЗА РЕШАВАЊЕ КЛУЧНИ ПРАШАЊА ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА СЕКТОРОТ**

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанска комора на Македонија и Здружението на туристички водичи и придружници на Македонија, потпишаа Меморандум за соработка, со цел, унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми во дејноста, перманентното функционално образование и иновација на знаењата на стручните кадри, поттикнување на имплементацијата на европските правила и стандарди, иницирање и остварување соработка по прашања од заеднички интерес, истакна на денешната прес-конференција Даниела Михајловска Василевска од Стопанската комора на Македонија.




## 19.9.2017 година

**Одржана седница на Здружението на трговијата - ЗДРУЖЕНИЕТО НА ТРГОВИЈАТА И ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РМ ГИ РАЗГЛЕДАА СПОРНИТЕ ПРАШАЊА И УТВРДИЈА ЗАЕДНИЧКИ ЗАКЛУЧОК ВО ВРСКА СО УТВРДУВАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ УСЛУГИ**

На иницијатива на членките на Здружението на трговијата, на седницата одржана во Стопанската комора на Македонија, се разгледа прашањето во врска со утврдувањето на цените на сметководствените услуги и донесените акти од страна на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (ИСОС), кои во изминатиот период им создаваа проблеми на трговците, од аспект на драстично зголемените цени согласно критериумите наведени во предлог-актите кои ги донесува Институтот.



Здружението на трговијата и Институтот на сметководители и овластени сметководители утврдија и заеднички Заклучок дека се поддржува утврдувањето критериуми за цените на сметководствените услуги, во насока на Спречување на „сивата“ економија, но при тоа се препорачува на трговците и други субјекти со договори да ги уредат сите права и обврски околу вршењето на сметководствените услуги со лиценцираните друштва за сметководствени услуги, на начин што ќе овозможи почитување на утврдените критериуми, но и слободата на договарање во зависност од обемот на дадените услуги и пазарните услови на стопанисување.

**22.9.2017 година**

**Групација за оружје и опрема – НАМАЛУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРОЦЕДУРИ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕ СО ОДРЕДБИТЕ ОД ДИРЕКТИВАТА НА ЕУ ЗА НАДЗОР И НАБАВКА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ ОРУЖЈЕ**

Групацијата за оружје, експлозиви и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена, на седницата на Управниот одбор расправаше по предлозите за изменување и дополнување на Законот за оружје, во насока на намалување на административните процедури предвидени со овој закон, ефикасно работење на компаниите од оваа дејност, но и усогласување на Законот со одредбите од Директивата на ЕУ за надзор и набавка за поседување оружје бр. 853/17, донесена на 17.5.2017 година.




Групацијата во врска Предлог-измените на Законот за оружјето претходно одржа и заедничка средба со Работната група при Министерството за внатрешни работи, на која беа утврдени определени насоки и беа побарани конкретни образложенија за дадените предлози.

Членовите на Управниот одбор, на седницата доставија и дополнителни предлози во врска со потребната документација за добивање одобрение за набавка на оружје, измени во делот на постапката во случај на смрт на сопственик на оружје, како и прецизирање на одредбите околу набавката на муниција за оружје со жлебени цевки.

**25.9.2017 година**

**ПРЕПОРАКИ ЗА ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ ЗА ДОНИРАЊЕ ВИШОК НА ХРАНА**

Стопанската комора на Македонија со претставници на граѓанската коалиција од асоцијации и здруженија кои ја третираат проблематиката со храна и социјално загрозените лица во РМ, предводена од „Ајде Македонија“, одржа прес-конференција на која беа презентирани препораките за законски измени за овозможување донирање на вишокот храна во Македонија. Целта на иницијативата е храната наместо да се фрла, да се донира на граѓаните на кои им е потребна.




За да се надмине проблемот со фрлање на храната, Владата на РМ формираше мешовито работно тело составено од претставници на Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за храна и ветерина и граѓански организации.

**25.9.2017 година**

**Системот на колективно управување со посебните текови на отпадот - НАЈНИСКИ ТРОШОЦИ ЗА ИНДУСТРИЈАТА И НАЈГОЛЕМ ЕКОЛОШКИ БЕНЕФИТ ЗА ГРАЃАНИТЕ**

На прес-конференцијата беше промовирана Асоцијацијата за управување со посебните текови на отпад, неодамна формирана во рамките на Стопанската комора на Македонија, со цел да ги координира учесниците во системот на управување со отпадот од пакување, од батерии и акумулатори и од електричен и електронски отпад со најниски трошоци за индустријата, а најголем еколошки бенефит за граѓаните.




-Основните цели на Асоцијацијата се да ги поддржи компаниите во нивните активности за унапредување на системите за управување со посебните текови на отпадот, размена на информации и заедничко делување во подигнување на јавната свест на граѓаните да го селектираат отпадот уште од дома. Крајната цел е што поголем дел од овие текови на отпад да заврши на рециклирање, од што покрај еколошкиот бенефит, материјална корист ќе имаат и општините поради вредноста на рециклираниот отпад, - истакна претседателот на Асоцијацијата д-р Филип Ивановски.

За да се постигнат националните цели до 2020 година беше истакната потребата сите чинители активно да партиципираат во нивното исполнување.

**27.9.2017 година**

**ПРИЗНАНИЕ ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2017 ГОДИНА за Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија**

По повод Светскиот ден на туризмот - 27 Септември, кој годинава се одржува под мотото „Одржлив туризам", Министерството за економија додели признанија за соработка на повеќе хотели, ресторани, туристички агенции, манифестации, бизнис асоцијации, амбасади. Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија е меѓу добитниците на признанието за соработка во областа на туризмот за 2017 година.



Туризмот е трета извозна гранка во светот по хемиската и нафтената индустрија, што треба да биде мотив оваа стопанска гранка и во Македонија да се развива со подинамично темпо и да се изнајдат начин за привлекување на што поголем број туристи кои ќе ја посетат нашата држава во функција на економскиот развој на земјата, посочи заменик-министерот за економија Кире Наумов, на обраќањето по повод одбележувањето на Светскиот ден на туризмот.

**9.10.2017 година**

**СОРАБОТКА НА КОМПАНИИТЕ ОД ГРУПАЦИЈАТА ЗА ОРУЖЈЕ И ОПРЕМА СО УПРАВАТА ЗА НАМЕНСКО ПРОИЗВОДСТВО ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА - УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАМЕНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТОТ СО ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа работна средба на компаниите-членки на Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и опрема за воена и цивилна намена (Групација за оружје и опрема) со директорот на Управата за наменско производство, Денис Исмаили и неговиот соработник Владо Стојанов.




На состанокот се дискутираше за состојбата и динамиката на издавањето дозволи за промет со вооружување и воена опрема, за постапката за добивање согласности, за примената на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема.

Директорот Денис Исмаили искажа задоволство за соработката со Стопанската комора на Македонија и го поздрави одржувањето на средбата со Групацијата. Изрази подготвеност дека ќе се залага да се унапреди функционирањето на Управата за наменско производство и да се подобрат состојбите кои го засегаат работењето на компаниите од оваа дејност.

**9.10.2017 година**

**ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА АНАЛИЗАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

Здружението на трговијата и Организацијата на потрошувачите на Македонија, во соработка со Министерството за економија, во Стопанска комора на Македонија одржаа презентација на Анализата на Законот за заштита на потрошувачите.



Пред присутните претставници од компаниите-членки на Стопанската комора на Македонија и пред претставниците од државните органи и организации, беше претставена Методологијата за изработка, структурата и содржината на компаративната анализа на усогласеноста на Законот за заштита на потрошувачите со европското потрошувачко право, и притоа се даде осврт врз решенијата и оценка на имплементацијата на определени директиви од европското потрошувачко право во правото на Република Македонија.

На презентацијата се донесе заклучок Здружението на трговијата и Организацијата на потрошувачите на Македонија, во соработка со Министерството за економија, да продолжат со натамошната соработка, со цел изготвување квалитетни законски решенија, во интерес и на потрошувачите и на компаниите.

**10.10.2017 година**

**ЕКОЛОШКИ РЕШЕНИЈА ПРИ ПРОМЕТОТ И УПОТРЕБАТА НА ПРОИЗВОДИТЕ И ОПРЕМАТА ОД ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ**

На 9.10.2017 година, Групацијата на провајдери на дигитални решенија при Стопанската комора на Македонија расправаше за потребата од промена на законската регулатива поврзана со увоз и пуштање во промет на производи, особено од информатичката технологија во согласност со Директивата за забрана и рестрикција за користење на одредени опасни материи (RoHS Directive 2002/95/EC) во производите кои штетно влијаат на животната средина, како и за најновите светски технологии од информатичката област и развој на информатичкото општество во Република Македонија.



**13.10.2017 година**

**Групација за противпожарна заштита - ПОБАРАН СОСТАНОК СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Членовите на Групацијата за противпожарна заштита, на седницата одржана на 13.10.2017 година, расправаа за актуелните состојби во оваа дејност и за потребата од преземање соодветни мерки за подобрување на состојбата со заштита од пожари. Се посочија проблеми со нелојалната конкуренција, „сивата“ економија, околу дефинирањето на надлежната институција која треба да ги спроведува и да ги контролира уредите, опремата и средствата за гасење дали истите се во согласност со прописите за стандардизација, акредитација и оценка за сообразност.



**18.10.2017 година**

## СРЕДБА НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ОД ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА КОМПАНИЈАТА „ДОКТАШ И КЕЛЕБЕК“ ОД РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

По повод посетата на господин Давут Доган, претседател на компанијата за производство на мебел „Докташ и Келебек“ (Dogdas i Kelebek) од Република Турција, во Стопанската комора на Македонија се одржа работна средба со компании-членки на Здружението на индустријата за преработка на дрво и производство на мебел.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, господинот Бранко Азески, ги истакна неопходноста и потребата од поефикасна и поинтензивна деловна соработка меѓу стопанствениците од двете земји, а Комората како професионална организација, поседува труд и ресурси со коишто би им помогнала за понатамошно продлабочување на соработката.




Од страна на турската делегација, господинот Давут Доган, претседател на холдинг компанијата „Докташ и Келебек“, истакна дека тие се лидери за оваа дејност во својата земја, повеќе од 40 години се занимаваат со производство на мебел, имаат околу 400 продажни центри за нивните производи и извезуваат во повеќе од 35 земји во светот.

**18.10.2017 година**

## 50 ГОДИНИ ЧЕЛИЧНА ИНДУСТРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

За петдецениските развој на челичната индустрија во Македонија говореше д-р Митко Кочовски, претседател на Здружението на металургијата при Комората.




-Почетокот на производството на челик во Република Македонија, во далечната 1967 година, претставува исчекор кон индустријализацијата на земјата, што доведе до промена на економската и на социјалната структура, внесе нови технички знаења, нови организациски вештини кои се иманентни на таков вид индустриски комплекси и адекватни на новото време, создаде услови за преструктуирање на економијата во насока на развој на преработувачката индустрија, бродоградбата, наменската индустрија, металните конструкции, електромашинската индустрија и производството на опрема, истакна д-р Кочовски.

Со петдеценискиот развој челичната индустрија покажа дека и тогаш исто како и денес е најзначајната индустриска гранка за националната економија и основ за

реиндустријализација на економијата. За значењето говори и податокот дека странскиот капитал за прв пат во Република Македонија покажа интерес токму за челичната индустрија со влегувањето на „Дуферко“, во дел од тогашната Рудници и железарница „Скопје“.

-Производните и финансиските аутпути од челичната индустрија имаат силно влијание на макроекономските показатели – бруто домашниот производ, извозот, вработувањата, буџетските приходи и тоа сама по себе, а преку поврзаноста со другите индустрии на влезната и на излезна страна влијанието врз макроекономските параметри петкратно се зголемува. За мултипликативните ефекти на металната индустрија ,како и за нејзиниот развоен потенцијал направени се истражувања во рамките на Комората кои го покажуваат нејзиното влијание врз националната економија, истакна понатаму д-р Кочовски.

**30.10.2017 година**

**АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА - ПРОЕКЦИИ ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД**

Текстилната индустрија во Република Македонија е од особено значење, како по бројот на вработените, така и според извозот каде во овој сектор особено дојдоа до израз претприемачките иницијативи, кои создаваат солидна материјална основа, беше истакнато меѓу другото, на прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија.




Претседателот на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската комора на Македонија, господинот Ангел Димитров истакна дека оваа гранка вработува околу 40% од вработените во преработувачката индустрија, како и индустрија која е целосно нето-извозник на производите, кои се од големо значење за платниот биланс во делот на прилив на девизи. Ангел Димитров се осврна и на значењето од примената на последните измени на Законот за минимална плата, каде во моментов нешто повеќе 6800 барања за субвенционирање се позитивно решени, но сепак го истакна и предлогот на текстилните и кожарско-преработувачките компании кои се најмногу погодени од примената на овој закон, за плаќање на фиксни придонеси од 5.130 денари (колку што се моментално за исплата на минималната исплатена плата) од 12.000 до 18.000 денари, и со самото тоа би се постигнал поголем ефект и значење од примената на оваа мерка.

**31.10.2017 година**

**ЗДРУЖЕНИЕТО НА БАНКАРСТВОТО ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ТРАДИЦИОНАЛНО ГО ОДБЕЛЕЖА 31 ОКТОМВРИ – СВЕТСКИОТ ДЕН НА ШТЕДЕЊЕТО**

Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија го одбележа Светскиот ден на штедењето – 31 Октомври, на свечена седница на којашто присуствуваа м-р Димитар Богов, гувернер на Народната банка на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии во Владата на Република Македонија, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, претставници на банките и штедилниците во Република Македонија, како и претставници на повеќе институции со коишто Здружението на банкарството има воспоставено одлична деловна соработка.




Во своето обраќање, Коста Митровски, претседател на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, истакна дека традиционално, започнувајќи од 1999 година, Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија го одбележува Денот на штедењето, а стимулирањето на штедењето зазема централно место во деловната политика на банките и штедилниците - членки на Здружението.

Во своето обраќање министерот за финансии д-р Драган Тевдовски истакна дека домашното штедење е најевтино средство за кредитирање на стопанството и очекува пораст на стапката на штедење.



**2.11.2017 година**

**Групација за безбедност и здравје при работа - ЌЕ СЕ ПОДГОТВУВААТ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА**

Членките на Групацијата за безбедност и здравје при работа расправаа за состојбите во областа на безбедност и здравје при работа и за следните оперативни активности и за формирањето работни групи за измени и дополнувања на законската регулатива од областа на безбедноста и здравјето при работа. Се истакна дека неопходни се иницијативи за измени и дополнувања на Законот за безбедност при работа и на правилниците донесени врз основа на овој закон. Во дискусијата се посочи дека сегашната законска регулатива не соодветствува со моменталните актуелни состојби во дејноста, за што се сугерира системски измени на овој



закон и подзаконски акти или донесување на нов Закон за заштита при работа согласно Директивите на Европската унија. Во расправата повторно се актуелизираа одредбите на Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа при што се истакна дека со истиот се утврдуваат минималните и максималните цени за извршување на стручните работи за безбедност при работа, кои не кореспондираат со трошоците кои ги имаат фирмите за извршување на својата дејност.

**2.11.2017 година**

**ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЕТИКЕТИТЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација на Истражувањето на етикетите на определени прехранбени производи. Настанот го организираше Организацијата на потрошувачите на Македонија во соработка со Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија и со Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.




На настанот беше претставена методологијата за изработка, структурата и содржината на истражувањето и се даде осврт врз заклучоците и препораките поврзани со истражувањето.

М-р Елена Милевска Штрбевска, оперативен директор на Комората, посочи дека од особена важност е информирањето на потрошувачите, но и на компаниите од областа на производството и трговијата со храна, за сите активности кои се поврзани со почитување на домашната и европската регулатива и стандарди, бидејќи преку вакви и слични настани за подигнување на јавната свест, водичи и соработка со бизнис-заедницата, уште повеќе се придонесува на подобрување на состојбите на овој план.

Генерална констатација која произлезе од истражувањето е дека етикетите на прехранбените производи главно ги задоволуваат неопходните информации што треба да бидат содржани согласно важечката регулатива, но во интерес на потрошувачите, а и компаниите-производители и трговци со храна, можни се определени подобрувања во делот на информациите за хранливата вредност на производите, поголема читливост на декларацијата, јасни и целосни информации кои ќе исклучуваат било каква заблуда на купувачите и дополнителни информации за состојките кои предизвикуваат алергии или нетолерантност.

**6.11.2017 година**

**ЗАПОЗНАВАЊЕ НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА СО МАКРОЕКОНОМСКИТЕ ПОЛИТИКИ И АКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО КРЕИРАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 ГОДИНА**

**Одржана Првата годишна конференција во пресрет на донесувањето на Буџетот на Република Македонија за 2018 година**

Стопанската комора на Македонија ја организираше Првата годишна конференција во пресрет на донесувањето на Буџетот на Република Македонија за 2018 година, на која министерот за финансии во Владата на РМ д-р Драган Тевдовски го претстави Предлог-буџетот на Република Македонија за 2018 година пред компаниите - членки на Комората. Конференцијата имаше за цел унапредување на јавно-приватниот дијалог помеѓу Владата и приватниот сектор и активно вклучување на бизнис заедницата во креирањето на Буџетот на Република Македонија како најзначаен развоен документ во земјата. - Од особено значење е фактот дека овој документ за прв пат во ваква форма се презентира и е предмет на дебата пред најбројната бизнис асоцијација во државата, чии членки учествуваат со 90 % во бруто домашниот производ, 90% од вработените се во компании-членки на Комората и 94% од профитот се создава во фирми кои членуваат во неа, - истакна претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески на почетокот на Конференцијата.



На Конференцијата беа претставени општите макроекономски и фискални проекции, како и главните компоненти на приходната и расходната страна на Буџетот. Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски потенцираше дека определбата на Владата е да се примени среднорочно буџетско планирање по примерот на развиените европски земји.





Растот на реалниот БДП се очекува да изнесува 3,2 %. Проекцијата е направена по претходно ревидирање на реалниот БДП за 2017 година на 1,6%, со цел да се добие реална основа за проектирање за следната година. Растот согласно проекциите на Владата ќе биде резултат на континуираната солидна лична потрошувачка, забрзување на инвестициите, како и повисока извозна активност. Стапката на инфлација е планирана на 1,7%. Буџетскиот дефицит за 2018 година се очекува да достигне 2,7% од БДП, наспроти 2,9% во 2017 година, со цел да се оствари постепена фискална консолидација и да се надмине состојбата на забавен економски раст. Министерот Тевдовски наведе и дека во однос на прогресивното оданочување кое е планирано да се воведе од јануари, интенциите на Владата на РМ се да се остави период на приспособување на засегнатите страни. Стапката на социјални придонеси ќе остане непроменета, но се предлага зголемување на максималната основица за плаќање од 12 на 16 просечни нето-плати. Во однос на повратот на ДДВ, беше посочено дека во месец октомври оваа година се исплатени 2 милијарди денари и дека ќе продолжи трендот за редовен и недискриминаторски поврат на ДДВ-то на компаниите.



Министерот за финансии потенцираше дека за наредната година е планирано субвенциите и трансферите за поддршка на домашните претпријатија да изнесуваат 1,1 милијарда денари, за странските компании 970 милиони денари или вкупно 2 милијарди денари државна помош.

Од особен интерес за компаниите, беа презентирани и капиталните расходи кои се планираат во износ од 24,7 милијарди денари, кои проекции според министерот се на реална основа и се инвестиции кои ќе имаат позитивен ефект на вкупната домашна економија.

По излагањето на министерот, беше отворена дискусија по Предлог-буџетот за 2018 година, во рамките на која претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески побара одговор на неколку прашања кои се од важност за бизнис заедницата. Азески побара одговор, зошто и оваа Влада проектира поголем Буџет споредено со претходната година, иако интенцијата е да се оди на намалување на трошоците, дали ќе биде понесена одговорност од Владата доколку не се реализираат проектираните капитални инвестиции, како ќе се вратат 350 милиони долг кон приватниот сектор, дали за зголемувањето на акцизата на дизелот се правени анализи за негативните импликации во домашната економија, а предложи од 2018 година, на секои три месеци, јавно и транспарентно да се прави пресек на проектираните наспроти реализираните активности во делот на капиталните инвестиции.

**7.11.2017 година**

**ХОЛДИНГОТ КАКО ФОРМА НА ПОВРЗУВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ ЗА ПОДОБРИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ - Иницијатива на Стопанската комора на Македонија за законско нормирање на холдинг друштвата преку уредување на даночен режим приспособен на специфичностите на нивното функционирање**




Холдингот како форма на поврзување на компаниите за постигнување на подобри деловни резултати е организациски облик кој постои и успешно функционира во голем број земји во рамките на Европската унија и пошироко. Растот и унапредувањето на работењето на деловните субјекти ја поставува како нужност потребата од поврзување на трговските друштва и овозможување за таквите посебни трговски ентитети да биде уреден посебен режим на функционирање, кој ќе биде приспособен на специфичностите. Уредувањето на прашањата кои се однесуваат за неговото функционирање, а особено даночниот третман за овие субјекти, може значително да придонесе за унапредување на функционирањето на економскиот систем, беше истакнато на прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија.

Поради наведеното, Стопанската комора на Македонија предлага функционирањето на холдинг-компаниите, терминолошки да се усогласи во законската регулатива која го уредува поврзувањето на трговските друштва во Законот за трговски друштва, каде што и сега се уредени поединости за функционирањето на холдинг-компаниите (односно согласно постојната терминологија: поврзаните друштва), поврзани со контрола и надзор над нивното работење, известување, управување, поднесување на финансиски извештаи и водењето на деловни книги.

**10.11.2017 година**

**ПРЕКУ ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ТИВАТ ДО ПОГОЛЕМА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА НА МАКЕДОНИЈА И ЦРНА ГОРА**



Амбасадата на Црна Гора во Р. Македонија, во соработка со Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, организираа Бизнис форум за поттикнување на соработката во туризмот преку претставување на вкупните стопански потенцијали на Тиват.

Целта на одржувањето на Бизнис форумот е согласно Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Р. Македонија и Црна Гора, кој е во примена веќе осум години, да се поттикне пред се` соработката во туризмот, но и во прехранбениот сектор кој директно и индиректно е поврзан со развојот на туризмот и угостителството како дејност. Ваквата активност треба да овозможи

поголемо движење на луѓе, стоки и услуги во двата правца, што како крајна цел ќе придонесе за зголемен обем на економската соработка меѓу Црна Гора и Република Македонија, зголемување на бројот на туристи во двете насоки и развој на нови видови туристички производи.



Сепак за сето ова да се реализира мора да бидат надминати одредени проблеми кои го оневозможуваат и обременуваат процесот, а тоа се овозможување погодна инфраструктура и надминување на поголем број прекугранични бариери кои го кочат самиот процес, посочи на почетокот Бранко Азески, почесен конзул на Црна Гора во РМ со седиште во Штип и претседател на Стопанската комора на Македонија.




Поддршката на процесот на меѓусебната соработка ја потврдуваме и со веќе преземените две конкретни активности за идна поголема соработка, информираше Бибановска, претседател на Здружението на угостителството и туризмот. Ќе се работи на реализирање на информативна тура од Македонија во Црна Гора и креирање заеднички туристички производи на Македонија и Црна Гора, што ќе се реализира на ниво на Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Црна Гора, како дел од процесот на регионално поврзување на Западен Балкан.

Учесниците на Бизнис форумот ги поздрави и проф. д-р Снежана Матијевиќ, претседател на Општина Тиват, која посочи дека градот од каде што доаѓа континуирано покажува стапки на раст и развој во целост. Бизнис форумот продолжи со презентирање на стопанските и туристичките потенцијали на Тиват, во рамки на кој свои презентации имаа најексклузивните туристички капацитети по кои се препознава Тиват и Црна Гора во целост во изминатите 10-тина години, а тоа се „Адриатик Маринас“, „Порто Монтенегро“, компанијата „Луштица беј“, хотелот „Регент порто Монтенегро“, како и хотелите „Франца“, „Пине“ и „Риана Монтенегро“.

Имајќи ја предвид исклучителната ексклузивност на Тиват како црногорска дестинација во која се инвестирани три од вкупно петте најголеми странски инвестиции во Црна Гора, како и фактот за исклучителниот раскош што го нуди Тиват како дестинација, претседателот на Стопанската комора на Македонија и почесен конзул на Црна Гора во РМ со седиште во Штип, Бранко Азески, пред присутните посочи дека во рамки на Берлинскиот процес за поддршка на Западен Балкан и активностите на Коморскиот инвестициски форум, на следната регионална активност што ќе биде организирана, ќе предложи Тиват да добие посебно признание како град односно, општина која со својата заложба има направено вистинска успешна приказна.

**13.11.2017 година**

**АРГУМЕНТИРАНИ ПРЕДЛОЗИ, МИСЛЕЊА И ЗАБЕЛЕШКИ ЗА НОВИОТ ТЕКСТ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

На седницата на Здружението на информатичко-комуникациските технологии, членките го анализираа текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, предложен од Министерството за информатичко општество и администрација и дадоа предлози за донесување на конкретни решенија.



- Овозможувањето на владеењето и примената на економските, пазарните начела и законитости во работењето на македонските компании во областа на давањето аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е од суштинско значење за членките. Со тоа ќе се овозможи посилна конкуренција, постигнување фер цени и поквалитетни услуги за граѓаните, истакна Благој Христов, претседател на Здружението на информатичко-комуникациските технологии.

Членките се осврнаа и на претстојниот Дигитален самит. Темите од предложениот концепт за настанот, како дигиталното стопанство и дигиталните вештини, се двигатели на развојот на современите стопанства. - Република Македонија треба да работи на тоа, земјата да стане извозник на идеи и на ИКТ-услуги, а не извозник на мозоци и младите стручни кадри да не се иселуваат масовно од нашата земја, истакна Антони Пешев.

Едукацијата е темел на секое општество, а со тоа и на стопанството, укажа Герасим Ванчев, зборувајќи за значењето на дигиталните вештини, од најавената тема за Дигиталниот самит. Тој го истакна значењето на едукацијата на ИКТ-кадарот, како и на нивното сертифицирање.

Само со реализација на вакви планови, компаниите од ИКТ-секторот и целото македонско стопанство ќе може да фатат приклучок со современите светски техничко-технолошки достигнувања и да се борат во силна конкуренција на меѓународниот пазар.

**14.11.2017 година**

**ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРОГРАМИТЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОТВОРАЊЕ НОВИ РАБОТНИ МЕСТА - КОМПОНЕНТИ ДИЗАЈНИРАНИ ЗА БИЗНИС СЕКТОРОТ**

Во соработка со Министерството за труд и социјална политика, УНДП и Агенцијата за вработување на Република Македонија, во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација на можностите за финансиска поддршка за отворање нови работни места преку мерките и програмите дизајнирани за бизнис секторот, во рамките на Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување.



-Еден од проблемите што го идентификувавме во текот на изминатите години, а којшто економските субјекти го потенцираат, е проблемот со недостиг на квалификувана работна сила и нејзиното бавно адаптирање на работните задачи и процеси. Во бројните средби и спроведени анкети, идентификувано е дека недостасуваат определени образовни профили, недостасуваат практично искуство и определени вештини и компетенции кај лицата кои бараат да влезат во работен процес. Верувам дека оваа програма ќе придонесе за подобрување на состојбата на пазарот на трудот, а Стопанската комора на Македонија со своите регионални канцеларии низ Република Македонија останува да биде поддршка на компаниите на ваквите иницијативи на национално и на регионално ниво, - истакна м-р Елена Милевска Штрбевска, оперативен директор на Стопанската комора на Македонија.

Министерката за труд и социјална политика Мила Царовска истакна дека мерките се однесуваат на унапредување на можностите за работа во мали и средни претпријатија и купување опрема, како и поддршка за вработување млади лица до 29 години. Многу е важно овие мерки да бидат промовирани директно пред стопанствениците зашто само така можеме да оствариме комуникација и да видиме дали тие имаат одредени задршки за да аплицираат за нив.

**16.11.2017 година**

**ИЗБРАН ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА ЕНЕРГЕТСКА АСОЦИЈАЦИЈА (МЕА) ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**




Македонската енергетска асоцијација (МЕА) при Стопанската комора на Македонија на 16.11.2017 година одржа седница на која се донесе Одлука за изменување и дополнување на Правилата за организацијата и начинот на работа на МЕА, при што се избра и нов претседател на МЕА. За нов претседател на Македонската енергетска асоцијација е избран Димитар Кочоски, советник на генералниот директор на „ТЕ-ТО“ – Скопје.

**21.11.2017 година**

**Групација на обновливи извори на енергија - ПРАВИЛА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТ НА ШТЕТА НА ДИСТРИБУИРАНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**



Групацијата на обновливи извори на енергија одржа седница на која се расправаше по Правилата за утврдување на надомест на штета на дистрибуираните производители на електрична енергија настанати поради намалена испорака или прекин во испорака настанати по вина на операторот на дистрибутивниот систем, на која се заклучи дека процесот на изменување на овие Правила е неминовен и за тоа се согласни двете страни, и дистрибуираните производители и операторот на дистрибутивниот систем (ОДС).

**21.11.2017 година**

**ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА И КОНФЕКЦИЈАТА**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа седница на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата, што ја водеше претседателот на Здружението, господинот Ангел Димитров, кој истакна дека текстилната индустрија претставува една од водечките преработувачки индустрии во земјава со значителни резултати во извозот, во формирањето на БДП, високото апсорбирање на работна сила и сл. Компаниите од оваа бранша, членки на Здружението, ги согледаа и досегашните ефекти од примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата кој почна да се применува од месец септември оваа година.




Како заклучок од дискусијата, а со цел да се избегнат негативните ефекти од примената на Законот, се предложи да се воведе нов систем на линеарно плаќање на придонесите во висина од 5.130 денари по вработен (придонеси и персонален данок од плата за минимална плата од 12.000 денари) за нето платите во висина од 12.000 до 18.000 денари. Ваквиот начин ќе овозможи покачување на платите повисоки и од 12.000 денари, а не само на минималната плата, а ќе влијае и на спречување на исплата во готово од страна на компаниите.

**22.11.2017 година**

**Здружение на металургијата - ИНДУСТРИЈАТА РАСПРАВАШЕ ПО НАЦРТ-РЕГУЛАТИВАТА ЗА ИНДУСТРИСКИ ЕМИСИИ**

Претставниците на индустријата заедно со претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање и на Управата за животна средина, уште еднаш се навратија на решенијата во новата регулатива за индустриски емисии.

На состанокот беше оценето дека голем дел од доставените забелешки на бизнис секторот не се прифатени од страна на регулаторот. Станува збор, покрај за општи забелешки и потреба од прецизирање на одредени одредби од Нацрт-законот за суштествени забелешки кои се однесуваат на прашањата поврзани со најдобрите достапни технологии и на транзициониот период, за којшто ќе се бара негово пролонгирање на 9 години, а потребно е да се изменат и одредбите со кои се дава преголемо дискреционо право на регулаторот и негова замена со конкретни и прецизни решенија.



Станува збор за особено значајна регулатива, поради што од страна на индустријата беше предложено да се пролонгираат роковите за нејзиното донесување за период од

неколку месеци со цел да се даде простор за одржување на уште неколку расправи на коишто ќе се дефинираат практично применливи решенија за индустријата, а воедно ќе се задоволат европските барања и, што е, секако, од особена важност, поголема заштита на животната средина.

**4.12.2017 година**

**ПОСТОИ ОПТИМИЗАМ ЗА АНГАЖИРАНОСТА НА КОМПАНИИТЕ ОД ГРАДЕЖНИШТВОТО ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД**

На прес-конференцијата на Комората, Андреа Серафимовски, претседател на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, говореше за моменталните движења во градежништвото и проекциите за 2018 година. Тој истакна дека за деветте месеци од оваа година, не се постигнати завидни резултати, ако се разгледаат финансиските резултати, договорените и извршените градежни работи. Посебно негативна импликација се чувствува врз градежниот сектор кој изминативе години беше двигател на економијата и главен причинител на високиот раст на БДП.

Оценка е дека до крајот на годината нема да има промени на состојбата во градежниот сектор, посебно кај поголемите компании и трендот од првото деветмесечје ќе биде задржан до крајот на годината.

Постои оптимизам за подобрување на состојбите во градежништвото во почетокот на 2018 година, според обемот на договорените работи и најавените инвестиции во периодот што следи.

**5.12.2017 година**

**Здружение на трговија - НОВА СТРАТЕГИЈА И НОВ ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, одржа состанок со претставници од Министерството за економија и со експерти од областа на регулативата за заштита на потрошувачите.



Членките на Здружението на трговијата се запознаа за планот за изготвување на нов Закон за заштита на потрошувачите, како и за отпочнувањето на подготовката на нова Стратегија за заштита на потрошувачите, со Акционен план.

Претседателката на Здружението на трговијата, Соња Тасевска истакна дека и во досегашниот период Здружението активно учествуваше во креирањето предлози за подобрување на законската регулатива од оваа област. Компаниите од областа на трговијата се заинтересирани за изнаоѓање решенија, согласно директивите од Европската унија, со цел задоволување на потребите и барањата на потрошувачите.

Во дискусијата беше потенцирано дека целта е да се постигне поголем степен на одговорност на сите чинители во синџирот на потрошувачката, а истовремено и заштита на потрошувачите во делот на квалитетна и навремена услуга.

**6.12.2017 година**

**ПРЕДЛОГ ЗА ЗАЕДНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА „МИНЕКС ФОРУМ“ ВО СКОПЈЕ**

Претседателот на Македонската асоцијација за рударство, Николајчо Николов, одржа состанок со Тим Бисерет, економско аташе во Амбасадата на Велика Британија во Софија, Република Бугарија, задолжен и за земји од регионот, и Артур Полиаков, директор на фирмата „Адвантикс“ од Лондон, кои ја презентираа идејата да се организира „МИНЕКС ФОРУМ“ во јуни 2018 година, во Скопје.

Форумот ќе се организира со цел да бидат опфатени неколку области од секторот минерални суровини и тоа, како што беше истакнато, ќе се дискутира за проблемите во дејноста, ќе се разговара за развојот, начинот на инвестирање, заштита на животната средина, но и за образованието и практична едукација на млад кадар.

**11.12.2017 година**

**ПРЕДЛОГ-ИЗМЕНИ НА ЗАКОНИТЕ ЗА ТУРИСТИЧКА И УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА И ЕЛИМИНИРАЊЕ НА „СИВАТА“ ЕКОНОМИЈА**

-Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија ќе поднесе иницијатива за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност и Законот за угостителската дејност, со цел намалување на нелојалната конкуренција и елиминирање на „сивата“ економија, како и подигнување на квалитетот на услугите во туристичкиот сектор. Одлуката следува по одржувањето на Тркалезната маса на почетокот на декември 2017 година, во организација на Здружението, на којашто, покрај членките, учествуваа и претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на РМ задолжен за економските ресори, Министерството за економија, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Министерството за труд и социјална политика, Управата за јавни приходи, Државниот пазарен инспекторат, како и претставници на туристичките инспекции на Град Скопје и на Град Охрид, - информираше на прес-конференција Даниела Михајловска Василевска, од Стопанската комора на Македонија.




На дебатата на Тркалезната маса беше констатирано дека има потреба да се иницираат измени и дополнувања во законите за туристичката дејност и за угостителската дејност, со конкретни предлози како да се надминат одредени проблеми. Предлозите за измена на законските прописи во делот на туризмот ги образложи Славе Сирачевски, заменик-претседател на Здружението на угостителството и туризмот.

За измените и дополнувања во делот на дефинирање на работата на туристичките водичи информираше претседателот на Здружението на туристички водичи и член на Здружението при Комората, Бранко Босилков.

**12.12.2017 година**

**Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите - ГРАДЕЖНИЦИТЕ ОЧЕКУВААТ ПОГОЛЕМИ АНГАЖИРАЊА ВО 2018 ГОДИНА**

На седницата на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите во присуство на Зоран Иванов, советник за градежништво во Владата на РМ, заедно со претставници од Министерството за транспорт и врски и од Јавното претпријатие за државни патишта, се расправаше за актуелните состојби во градежништвото, при што беа изнесени и повеќе предлози, како за законската регулатива, така и за ангажираноста на градежништвото во наредниот период.

На седницата беше потенцирано дека Здружението има капацитет и можност да даде максимум во предлозите за подобрување на постојниот текст на законите за градење и за просторно и урбанистичко планирање и како што беше нагласено истите да бидат усвоени пред почетокот на градежната сезона.

**18.12.2017 година**

**НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО ДОМУВАЊЕТО, ПРЕКУ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ, предложи Групацијата за домување до министерот за транспорт и врски Горан Сугарески**

Членките на Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор при Стопанската комора на Македонија на состанокот, одржан на 18.12.2017 година, на кој беше присутен и министерот за транспорт и врски м-р Горан Сугарески, разговараа за актуелните состојби во секторот, проблемите во домувањето, при што доставија и конкретни предлози за надминување на проблемите во работењето во оваа дејност.



Пред присутните на состанокот, освен министерот за транспорт и врски, учествуваа и претставници од Секторот за домување при Министерството за транспорт и врски, од Регулаторната комисија за домување, од Министерството за економија и од Државниот технички инспекторат - надлежни за лифтовите.

Во дискусијата министерот Сугарески посочи дека изнесените проблеми јасно укажуваат дека има потреба од одредени корекции на Законот за домување, а за дел од проблемите да се разговара и решение да се бара во доследната примена на законските прописи. За таа цел беше договорено дека министерството за транспорт и врски ќе иницира формирање работна група од сите засегнати страни, за да се разговара за проблемите и да се понудат предлози за измени и дополнувања.



**19.12.2017 година**

**ЃОРЃЕ ВОЈНОВИЌ ОД „ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ“ АД - СКОПЈЕ, НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ОСИГУРУВАЊЕТО**



Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија, на својата 47-ма седница го избра Ѓорѓе Војновиќ од „Триглав осигурување“ АД - Скопје за претседател во следниот мандатен период од две години.

За заменик-претседател на Здружението на осигурувањето е избрана Елена Наумова од „Евроинс осигурување“ АД - Скопје.

Со овие промени Здружението на осигурувањето прави чекор за подобра организација на работата, со цел реализирање на поставените цели и задачи.

**22.12.2017 година**

**Одржана седница на Здружението на трговијата – БАРАЊЕ ЗА УКИНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ДЕФИНИРАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ СТОКА НА ПОТЕСНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ**




Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија расправаше за Одлуката на Град Скопје за изменување и дополнување на Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување стока на потесното градско подрачје со која се забранува доставувањето на стока во периодот од 7:30 наутро до 18:00 часот попладне од 1 декември до 31 март, односно тоа ќе се врши во периодот од 18:00 до 7:30 часот, со запирање и паркирање не подолго од 15 минути.

Компаниите-членки на Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија изразуваат незадоволство од носење одлуки кои директно го засегаат нивното работење без претходна консултација со бизнис секторот. При тоа, ги истакнаа проблемите кои ќе ги предизвикаат измените на Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на потесното градско подрачје.

**22.12.2017 година**

**Македонска асоцијација на рударството (МАР) - НЕОПХОДНА Е СТРУЧНА РАСПРАВА ЗА РУДАРСТВОТО ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВЛАДАТА**

Македонската асоцијација на рударството (МАР) распраќаше за актуелните состојби во рударството, во присуство и на претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и од Министерството за економија, додека претставниците од невладиниот сектор, иако поканети, не присуствуваа на седницата.

Почитувањето на сите законски решенија, исполнувањето на сите критериуми за добивање на позитивни мислења и ревизии за рестартирање или отворање на нови рудници, примената на нови технологии, како во експлоатацијата, така и во преработката на рудата, се аргументи за работењето на рудниците и за натамошниот развој на рударството.

За таа цел, на седницата се заклучи да се побара од Владата на РМ, да се организира средба, на која ќе бидат поканети експерти од областа на екологијата, рударството, од преработката на рудите, концесионери, како и претставници од невладиниот сектор, каде што детално со аргументи за и против ќе се разговара за рударството во нашата земја.

**26.12.2017 година**

**ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС ЗА 2018 ГОДИНА ПРЕД МАКЕДОНСКАТА ЕНЕРГЕТСКА АСОЦИЈАЦИЈА (МЕА)**



Македонската енергетска асоцијација (МЕА) го разгледуваше Енергетскиот биланс за 2018 година. Енергетскиот биланс е индикативен плански документ и во истиот се прикажуваат потребите од вкупните количества на енергија и од одделни видови енергија во земјата и можностите за нивно обезбедување со производство од домашните капацитети и од увоз. Во 2018 година се предвидува дека потрошувачка на финална енергија ќе изнесува 1986.7 ktoe, што претставува зголемување за 2,7% во однос на потрошувачката на финална енергија во 2017 година.

**28.12.2017 година**

**Групација за безбедност и здравје при работа - ЧЛЕНКИТЕ НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ИНФОРМИРАНИ ЗА ВОДЕНИТЕ РАЗГОВОРИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**



Работната група на Групацијата за безбедност и здравје при работа ги информираше членовите на Групацијата за водените разговори во Министерството за труд и социјална политика и за предлогот за изменување на Правилникот за трошоци. Членките беа информирани дека беше побарано Групацијата да биде вклучена во донесувањето на новиот Закон за безбедност и здравје при работа и во донесувањето на сите подзаконски акти, што беше прифатено од претставниците на МТСП. Во дискусијата се посочи дека сегашната законска регулатива не соодветствува со моменталните актуелни состојби во дејноста, за што се сугерираат системски измени на овој закон и на подзаконските акти или донесување нов Закон за заштита при работа согласно Директивите на Европската унија.

# РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ

**11 јануари 2017 година**

**Регионална комора со седиште во Кичево - Одржана Конститутивна седница на Локалниот економско-социјален совет на Општина Кичево - АКТИВНО УЧЕСТВО И НА БИЗНИС СЕКТОРОТ**

Претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Соколески, како член во Советот, го поздрави формирањето на ЛЕСС и оцени дека е значаен фактор за развој на бизнисот и дека ќе произлезат конкретни мерки со кои ќе се подобрат условите и инвестициската клима во регионот.

За Претседател на Локалниот економско-социјалниот совет (ЛЕСС) на Општина Кичево се избра Рамиз Реџепи, вработен во Општина Кичево, за замениик-претседател од бизнис секторот се избра Снежана Миноска од „Кодекс Консалтинг“, која е членка на Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија.

**20 јануари 2017 година**

**Од активностите на Регионалната комора со седиште во Прилеп - СЕДМА ДОНАТОРСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДОИЗГРАДБА НА ЦРКОВНИОТ ХРАМ „СВЕТА ПЕТКА“ ВО ПРИЛЕП**

Во просториите на хотелот „Сонце - ГА“ во Прилеп, се одржа 7-та донаторска конференција посветена за доизградба на црковниот храм „Света Петка“ во населбата Точила - Прилеп.



Во името на сите присутни, градоначалникот Марјан Ристески им се заблагодари на сите компании, институции и граѓани, кои донираа средства (меѓу кои и Стопанската комора на Македонија) и со тоа ја помогнаа изградбата на црквата „Света Петка“, а воедно ги повика и во иднина, секогаш да бидат дел од создавањето на трајните вредности.

**24 јануари 2017 година**

**ВО ШТИП ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА ЗА КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ**

Регионалната комора со седиште во Штип при Стопанската комора на Македонија организираше работилница за кариерно советување на тема: „Инвестирање во стручниот кадар и јакнење на капацитетите на тимот во компанијата“.

Пред бројни компании од источниот регион, преку интерактивно учество во работилницата, беа презентирани повеќе модули за кариерно советување.

**3 февруари 2017 година**

**Во Битола се одржа информативен настан на тема: „МОЖНОСТИ ШТО ГИ НУДИ ИПАРД ПРОГРАМАТА 2014-2020”**

Информативниот настан беше во организација на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за поттикнување на развој на земјоделството и Платежната Агенција (АФПЗРР), како и со поддршка на Регионалната комора со седиште во Битола.

Целта на информативниот ден беше да се информираат потенцијалните апликанти за можностите кои ги нуди новата ИПАРД - Програма 2014-2020.

**15 февруари 2017 година**

**ПРОМОЦИЈА, ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ДЕГУСТАЦИЈА НА ВИНО ОД ВИНАРНИЦАТА „ПИРГАН“ ОД ПРИЛЕП**

По повод одбележувањето на празникот „Св. Трифун“, Винарницата „Пирган“ од Прилеп во соработка со Регионалната комора со седиште во Прилеп организираше промоција, презентација и дегустација на своите вина и капацитети.



Производството на вина се одвива со примена на најсовремена техника и технологија која постојано се унапредува со цел да се зголеми квалитетот и капацитетот на винарницата. Готовите вина ги пласираат на пазарите во Србија, Албанија и Македонија. Винарницата „Пирган“ е една успешна бизнис приказна која покрај свои средства има користено и средства од ИПАРД-Програмата.

**6 март 2017 година**

**Деловна средба на компании-членки на регионалните комори со седиште во Кавадарци и во Штип - ЗАЕДНИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОТТИК НА РЕГИОНАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАСТ**

Регионалните комори со седиште во Кавадарци и во Штип при Стопанската комора на Македонија организираа заедничка деловна средба на компании од двата региона, која се одржа во Кавадарци во деловните простории на ,,Кожувчанка''. Свои воведни обраќања имаа Митко Јанчев и Наум Барзов, претседатели на управните одбори на регионалните комори со седиште во Кавадарци и во Штип. На средбата активно учество земаа околу дваесетина компании од двата региона. На присутните им се обратија и градоначалникот на Кавадарци, Александар Панов и претставничката од Општина Штип, Нада Наџинска, кои го истакнаа значењето на одржување вакви средби како можност за продлабочување на соработката со бизнис секторот.

**8 март 2017 година**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - ПРОМОЦИЈА НА КОМПАНИЈАТА „РОЈТЕМ“ ОД ПРИЛЕП**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп беше остварена работна посета на компанијата „Којтем“ од Прилеп, со цел да се промовира нивната компанија и нивните производи, со посебен акцент на нивниот бренд - производ „Elitte kaffe”.



Со тек на времето и постигнатите резултати компанијата „Ројтем“ реализира поголеми инвестициони вложувања во изградба на нов деловен објект од 1800 метри квадратни, во кој имаат инсталирано најсовремена опрема и технологија за производство на кафе со капацитет од 250 тони/месечно. Компанијата ги има имплементирано HACCP стандардите и е општествено

одговорна компанија, учествувајќи на голем број донаторски и хуманитарни конференции кои ги организира деловната асоцијација.

**9 март 2017 година**

**ОДРЖАН СЕМИНАР ЗА УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ЛОКАЛНИТЕ ДАНОЦИ, ТАКСИ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ**

Во Центарот за вработување во Штип, Стопанската комора на Македонија одржа уште еден од серијата семинари на тема: „Утврдување и наплата на локалните даноци, такси и други надоместоци согласно Законот за даноците на имот“. На семинарот присуствуваше и Валентина Цветковска од Стопанска комора на Македонија, која истакна дека Комората стои на располагање на компаниите за понатамошно организирање на семинари, согласно потребите и барањата на компаниите.

**14 март 2017 година**

**ОТВОРЕН ЧЕТВРТИОТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**

Во организација на Источниот плански регион и Фондот за иновации и технолошки развој, а со поддршка на Регионалната комора со седиште во Штип, во Општина Штип беше одржан информативен настан со цел појаснување на начинот на аплицирање за отворениот Четврт јавен повик за доделување средства преку Инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва стартап и спин-оф и кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации.

**15 март 2017 година**

**ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ПРИЛЕП ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА ПОДРАЧНАТА СТОПАНСКА КОМОРА НА БАЊА ЛУКА**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп, делегација од Прилеп оствари работна посета на Подрачната стопанска комора на Бања Лука, Република Српска. Во делегацијата покрај претставникот на Регионалната комора со седиште во Прилеп Ристо Најдоски, учествуваа и раководни лица на повеќе компании и институции од Прилеп.



За време на дводневниот престој на делегацијата, во Подрачната стопанска комора на Бања Лука беше потпишана Спогодба за меѓусебна соработка меѓу двете комори. За време на средбата посебно беше нагласена економската соработка меѓу Македонија и Република Српска, како и регионот на Бања Лука со Македонија, за што се констатира дека меѓусебната размена за 2016 година изнесува околу 30 милиони САД долари, а постојат реални предуслови таа да биде многу поголема. Исто така, се реализира посета на Саемот за градежниште, декор и дизајн „ГРАМЕС 2017“ на кој излагаа повеќе од 200 компании од Србија, Босна и Херцеговина, Република Српска, Австрија и др.

**22 март 2017 година**

**ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“ - ПРВАТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ЗАПОЧНА ВО ВЕЛЕС**

Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, се одржа првата информативна сесија на тема: „Права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи и Закон за безбедност и заштита при работа“. Целта на овој информативен настан беше информирање на компаниите и институциите за подобра усогласеност со законската регулатива преку детектирање на промените што би сакале да ги видат во соодветните регулативи. На настанот присуствуваа повеќе од 30 учесници од повеќе сектори и тоа од градежниот, текстилниот, металниот и прехранбениот сектор, од трговските друштва на големо и мало, како и претставници од Јавното комунално претпријатие, од општините Велес, Чашка и Градско и претставници од Вардарско-планскиот регион кои се соочуваат со тешкотии во имплементирањето на законите. Донесувањето на подобра бизнис-регулатива и полесно имплементирање на законите, како и јакнење на јавно-приватниот дијалог се главните приоритети на четиригодишниот проект предводен од трите стопански комори во Македонија и тоа: Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ).



**24 март 2017 година**

**Регионалните комори со седиште во Кичево и во Велес организираа деловни средби меѓу компаниите од двата региона - ВОСПОСТАВЕНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ФИРМИТЕ**

Регионалните комори со седиште во Кичево и во Велес организираа деловна средба меѓу компаниите од двата региона со цел зголемување и интензивирање на соработката. Не средбата која се одржа во Кичево, присуствуваа, покрај претседателите на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Соколески и на Регионалната комора со седиште во Велес, Георги Чадиев, компании од двата региона и претставници од Југозападниот плански регион и Вардарскиот плански регион, Во своите излагања претседателите од двата региона како најголем проблем во работењето го истакнаа недостатокот на работна сила и побараа да се воспостави ист третман на домашните и на странските компании во Р. Македонија. Заменик на градоначалникот на Општина Кичево, Рамиз Речепи, истакна дека за Кичево и Велес е од заеднички интерес со стопанскиот сектор да се зајакне и продлабочи соработката при што ја истакна поддршката од локалната самоуправа.

**28 март 2017 година**

**ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ВО БИТОЛА – ОТВОРЕН ЧЕТВРТИОТ ПОВИК ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ**

Во организација на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион и поддршка на Регионалната комора со седиште во Битола, во просториите на Факултетот за информатички и комуникациски технологии во Битола, претставници на Фондот за иновации и технолошки развој ги презентираа условите и поволностите за новите отворени повици наменети за финансирање проекти во стопанството на Република Македонија.

**29 март 2017 година**

**ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“ – ОДРЖАНА ТРЕТАТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО КАВАДАРЦИ**

Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, се одржа третата по ред информативна сесија на тема „Права и обврски кои произлегуваат од Законот за даночна и царинска политика“. Целта на овој информативен настан беше детално информирање на компаниите за Законот за даночна и царинска политика со цел полесно спроведување на истите, но и паралелно јакнење на јавно-приватниот дијалог. На настанот присуствуваа повеќе од 34 учесници од различни сектори на стопанството.

**5 април 2017 година**

**ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“ – ОДРЖАНА ЧЕТВРТАТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО ПРИЛЕП**

Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, се одржа четвртата по ред информативна сесија на тема: „Права и обврски кои произлегуваат од законските одредби од областа на животна средина и урбанизам“. Пред присутните накратко беше претставен Проектот од страна на Јадранка Аризанковска, виш советник во Стопанската комора на Македонија, која истакна дека во рамките на Проектот четири клучни сектори - животна средина, текстил, градежништво и прехранбениот сектор, ќе бидат детално опфатени во анализите на законската регулатива. Исто така, таа посочи дека ова е можност да се слушнат проблемите на малите, микро и средните претпријатија во овие области со цел да послужат како материјал за организирање други целни активности во рамките на Проектот. На настанот присуствуваа повеќе од 25 учесници од повеќе сектори и тоа: животна средина, градежништво, текстил, дрвна и прехранбена индустрија, комунален, маркетинг, сервис за компјутери, одржување и користење на пазари на големо и мало, производство на пиво и производство на технички ламинати.



**10 април 2017 година**

**Презентација на отворениот повик од Фондот за иновации и технолошки развој во Охрид – УЧЕСТВО НА КОМПАНИИ ОД РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО**

Центарот за развој на Југозападниот плански регион, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој и поддршка на Регионалната комора со седиште во Кичево, организираше Инфо сесија за Четвртиот повик, што се одржа во хотелот „Инекс Горица“ - Охрид.

Претставниците на Фондот за иновации и технолошки развој пред присутните компании ги презентираа условите и поволностите за новите отворени повици наменети за финансирање на проекти на мали и средни претпријатија со иновативен пристап, со цел детално појаснување на начинот на аплицирање за отворениот повик и правилата и процедурите за финансирање на инструментот.

## 10 април 2017 година

**Регионалната комора со седиште во Прилеп УЧЕСТВУВАШЕ НА САЕМОТ „СПРЕГ 2017“ ВО ВАЛЕВО, РЕПУБЛИКА СРБИЈА**

Регионалната комора со седиште во Прилеп водена од мотото „Позиција на малите земји во меѓународната економија“ и „Иницијативата за поврзување на претприемачите од малите земји“, на покана на организаторот на Саемот за стопанство на западна Србија „СПРЕГ 2017“, учествуваше со свој штанд од 6 – 8 април 2017 година во Омни центарот во Валево. Регионалниот 14. Саем на стопанството за западна Србија „СПРЕГ 2017“ ја потврди својата лидерска позиција на регионални саеми со повеќе од 200 излагачи од Србија, БиХ, Република Српска и Македонија, како и повеќе од 15.000 посетители и 4000 стопанственици. Со учеството на Саемот во Валево нашите компании остварија голем број контакти со потенцијални купувачи и компании со кои ќе ги продолжат контактите со цел да остварат добра долгорочна меѓусебна соработка.




## 12 април 2017 година

**Регионална комора со седиште во Штип – ПРЕЗЕНТИРАНА ПРОГРАМАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ**

Во просториите на компанијата „Албатрос“ - Штип, се одржа седница на Регионалната комора со седиште во Штип, којашто ја водеше претседателот на Регионалната комора со седиште во Штип, Наум Барзов, на која, покрај тековните активности се презентираше Програмата за кредитирање на Македонската банка за поддршка на развојот.

## 20 април 2017 година

**ОДРЖАНА ОСМАТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО СТРУМИЦА - ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“**

Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, се одржа 8. информативна сесија на тема: „Права и обврски кои произлегуваат од законите од областа на даночната и царинска политика“, во хотел „Тивериопол“ во Струмица.



Целта на овој информативен настан беше детално информирање на компаниите за законите од областа на даночната и царинската политика, со цел полесно спроведување на истите, но и паралелно јакнење на јавно-приватниот дијалог. На настанот присуствуваа повеќе од 35 учесници од повеќе сектори и тоа од: градежништво, текстил, финансии, трговија, земјоделие и производство на мебел. Овој настан претставуваше одлична

можност да се слушнат проблемите со кои секојдневно се соочуваат микро, малите и средните претпријатија, како и можност за подобрување на јавно-приватниот дијалог во земјата во наредните години во кои е предвидено да се спроведува Проектот.

**20 април 2017 година**

**ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА ДЕЛ ОД ГАСОВОДОТ НЕГОТИНО-ПРИЛЕП-БИТОЛА**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и Општина Прилеп на 19.4.2017 година во Тројачката котлина во близина на Прилеп свечено се одбележа започнувањето на изградбата на дел од гасоводот Неготино - Прилеп - Битола. Во присуство на дел од членовите на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп и поголем број гости отпочнувањето на изградбата на гасоводот на делницата Неготино - Прилеп - Битола го поздравија претседателот на Регионалната комора Симон Наумоски, градоначалникот на Општина Прилеп Марјан Ристески и извршниот директор на компанијата „Македонски енергетски ресурси " Крсте Миладинов.

Со изградбата на гасоводот паралелно се очекува да започне изградбата на дистрибутивната мрежа за поврзување на поголемите индустриски капацитети, како и домаќинствата од нашиов регион.

**21 април 2017 година**

**Во Штип одржан информативен настан на тема: „ИПАРД 2 – ЕВРОПСКИ ПАРИ ЗА АГРОБИЗНИСИТЕ"**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Штип, во просториите на Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделието во Штип беше одржан информативен настан на тема: „ИПАРД 2 – Европски пари за агробизнисите".

**25 април 2017 година**

**Во Тетово одржана 9. Информативна сесија на тема: „ПРАВА И ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ"**



Во насока на олеснувањето на примената на законите во Република Македонија, преку Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива", Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ), продолжуваат со спроведување на информативни сесии предвидени за микро, малите и средни компании. Како дел од предвидените информативни сесии, во Тетово, се одржа 9. сесија на тема: „Права и обврски кои произлегуваат од Законот за работните односи и колективните договори". Присутните претставници на компаниите беа информирани и за поновите одредби на Законот за работните односи кои се однесуваат на забрана на дискриминација и вознемирување на работното место (мобинг). Во дискусијата од страна на компаниите меѓу другото беше посочено дека во Законот за работните односи треба да се регулира практикантството на учениците и студентите, да се допрецизираат одредбите кои се однесуваат на отказните рокови во случај на престанок на работниот однос со отказен рок, на користењето на годишните одмори во случај на отказ од страна на работникот, можноста за објавувањето на потреба на работници со ист профил на занимања но за различни работни места со еден јавен оглас.

**27 април 2017 година**

**Деловна средба на компаниите од регионалните комори со седиште во Прилеп и во Кавадарци – СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ГАСИФИКАЦИЈАТА КЛУЧНИ ЗА РАЗВОЈОТ НА РЕГИОНИТЕ**

Регионалните комори со седиште во Прилеп и во Кавадарци при Стопанската комора на Македонија организираа заедничка деловна средба на компаниите од двата региона, која се одржа во Прилеп. Деловната средба беше во функција на зголемување и интензивирање на соработката, како и воспоставување директни контакти и средби меѓу бизнисмените, со значајна поддршка на локалните самоуправи. Бизнисмените разменија искуства и мислења за мерки кои се потребни да се преземат за подобрување на климата за инвестирање, проблемите во ликвидноста, во извозот, како и за недостигот на квалификувана работна сила.

**28 април 2017 година**

**КОМПАНИИ ОД РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО УЧЕСТВУВАА НА ЧЕТИРИДНЕВНА ОБУКА НА ТЕМА: „КОСМЕ И ХОРИЗОНТ 2020“ ВО СТРУМИЦА**



Во рамките на реализацијата на Проектот „Создавање на поволно деловно опкружување за економска одржливост на прекуграничниот регион Струмица – Кичево – Кукуш, Бизнис Мрежа С-К-К“, финансиран од ЕУ преку ИПА-Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007 - 2013 година, од 25 до 28 април 2017 година во хотелот „Сириус“ во Струмица, се одржа четиридневна обука на тема: „Косме и Хоризонт 2020“, каде е вклучена и Регионалната комора со седиште во Кичево.

Целта на обуката е јакнење на капацитетите на бизнис секторот, согласно основната цел на Проектот - да се создадат поволни услови за соработка, вмрежување и економски развој на прекуграничниот регион помеѓу Р. Македонија и Р. Грција.

Предавачите на обуката беа надворешниот евалуатор и универзитетски професор Лука Фиори од Тренто, Италија, како и Илина Петкановска, меѓународен експерт која работи во Тренто, Италија.

**5 мај 2017 година**

**ПРОЕКТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“ – ОДРЖАНА ЕДИНАЕСЕТТАТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО ШТИП**

Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, се одржа единаесеттата информативна сесија на тема: „Права и обврски кои произлегуваат од законските одредби од областа на животната средина и урбанизмот“.

**12 мај 2017 година**

**Регионалната комора со седиште во Прилеп - ОДРЖАН СЕМИНАР ЗА УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ЛОКАЛНИТЕ ДАНОЦИ, ТАКСИ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИ НА ИМОТ**




Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп се одржа семинар на тема: „Утврдување и наплата на локалните даноци, такси и други надоместоци согласно Законот за даноци на имот“. Целта на семинарот беше запознавање на заинтересираните страни со утврдувањето и наплатата на локалните даноци, такси и други надоместоци согласно Законот за даноци и имот.

Посебно беа потенцирани законските недоречености за наплата на данок на имот за неискористени земјоделски површини и наплатата на данок на имот од страна на закупците на деловни простории кои се во сопственост на државата, за што се донесе заклучок од страна на засегнатите страни да се бараат законски измени од надлежните институции.

**16 мај 2017 година**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИ ЗА БИЗНИС НА ГОДИНАТА**



Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и неделникот „ЗЕНИТ“ на 15.5.2017 година се организираше традиционалната манифестација „Избор на бизнис на годината за 2016“. Награди од категоријата микро и мали компании од нашиов добија компаниите:

1. „ВИКОМ- ИНЖЕНЕРИНГ“ - Прилеп, градежна компанија;
2. „ВИКЕЛИ“ - Прилеп, графичка дејност и трговија и
3. „ВЛАДО КОМПАНИ“ - Прилеп, трговска компанија за бела техника.

Целта на манифестацијата е афирмација на компаниите, особено на малите компании од регионот на Прилеп и поттикнување на локалниот економски развој во нашиов регион.

**17 мај 2017 година**

**ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА“ – ОДРЖАНА ШЕСНАЕСЕТТАТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО КАВАДАРЦИ**

Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“ се одржа Шеснаесеттата информативна сесија на тема: „Права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи и колективните договори“. Овој настан претставуваше одлична можност да се слушнат проблемите со кои секојдневно се соочуваат микро, малите и средните претпријатија, како и можноста за подобрување на јавно-приватниот дијалог во земјата во наредните години во кои е предвидено да се спроведува Проектот.

**18 мај 2017 година**

**Регионална комора со седиште во Битола - СЕМИНАР ЗА УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ЛОКАЛНИТЕ ДАНОЦИ**

Како дел од серијата семинари на Стопанска комора на Македонија на тема „Утврдување и наплата на локални даноци по Законот за данок на имот“ во организација на Регионалната комора со седиште во Битола се одржа интерактивна работилница. Целта на семинарите беше запознавање на заинтересираните страни со утврдувањето и наплатата на локалните даноци, таксите и другите надоместоци согласно Законот за данокот на имот.

**6 јуни 2017 година**

**ВО БИТОЛА ОДРЖАН ВТОРИОТ „САЕМ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ“**

Во Народниот театар во Битола, околу 40-на фирми и организации од Пелагонискиот регион учествуваа на Саемот за вработување, којшто Агенцијата за вработување на Република Македонија како организатор, го одржа по втор пат во Битола. Како дел од манифестацијата со свој штанд се претстави и Регионалната комора со седиште во Битола, во улога на севкупен претставник на бизнис секторот во регионот и неговите потреби од изнаоѓање на квалитетен работен кадар.

**15 јуни 2017 година**

**Од активностите на Регионалната комора со седиште во Прилеп - СОРАБОТКА И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП И СЕКТОРОТ ЗА ПРОДАЖБА И МРЕЖА НА ФИЛИЈАЛИ НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ**




Во Регионалната комора со седиште во Прилеп, по четврти пат, се одржа работен состанок со раководителите на Секторот за продажба и на филијалите на Стопанска банка АД – Скопје во Прилеп, Битола, Крушево, Кавадарци, Неготино, Велес и Ресен со регионалниот директор на Стопанска банка АД - Скопје, д-р Стевчо Димески, член во Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп.

**16 јуни 2017 година**

**Презентација во Битола – КОУЧИНГ ПРОГРАМА ЗА РАСТ НА БИЗНИСОТ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Битола, во Битола се одржа информативен настан на тема: „Коучинг програма за раст на бизнисот“. Бизнис коучингот опфаќа, како личен развој, така и развој на одредени вештини кои придонесуваат кон развој на бизнисот. Најголем дел од малите и средни компании во Македонија имаат проблеми во пласирањето продукти и услуги на пазарот, промоција на постојни продукти и услуги, привлекување нови клиенти и сл. Коучинг програмата дава видливи и мерливи резултати во краток рок со отворање можности за дефинирање на стратешкиот развој на компанијата.

**21 јуни 2017 година**

**Регионална комора со седиште во Битола - ИНФО СЕСИЈА ВО РЕСЕН – „РАЗВИВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИСКИ ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА“**

На 20.6.2017 година во Ресен, Регионалната комора со седиште во Битола, во соработка со „СЕТТИМ“ Консалтинг од Битола организираа работилница на тема: „Развивање на инвестициски предлог-проекти за финансирање од ИПАРД-Програмата“. Учесниците на сесијата имаа можност да се информираат за процедурата на аплицирање за ИПАРД-Програмата 2014-2020, критериумите за финансирање, како и критериумите и условите кои треба да се исполнат во согласност со националната и ЕУ-регулативата.

**27 јуни 2017 година**

**ОДРЖАНА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО ШТИП НА ТЕМА: „ПРИДОБИВКИ И ОБВРСКИ НА КОМПАНИИТЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП“**

Во рамките на Проектот „Центар за вработување лица со хендикеп“, во Штип се одржа информативна сесија на тема: „Придобивки и обврски на компаниите при вработување лица со хендикеп“, во организација на Стопанската комора на Македонија, Регионалната комора со седиште во Штип и „Полио Плус – движење против хендикеп“.

**29 јуни 2017 година**

**РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО ОДРЖА ОБУКА ЗА УСПЕШНО ПОДГОТВУВАЊЕ ЕЛЕКТРОНСКИ ПОНУДИ ПРЕКУ ВОВЕДНИ ЧЕКОРИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**



Регионалната комора со седиште во Кичево организираше еднодневна обука: „Успешно подготвување електронски понуди преку воведни чекори за учество во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со практично спроведување на е-набавки и користење на дигитални сертификати“.

Пред учесниците предавачот Даниела Ковиловска ги презентираше карактеристиките и целите на системот за е-набавки, начинот за учество на ЕСЈН, како и практични примери за регистрација на економски оператор на ЕСЈН, преземање и пополнување на тендерска документација и спроведување на е-аукција. Славица Ќучукова Николова ги презентираше практичното спроведување на е-набавка и дигиталните сертификати.

**4 јули 2017 година**

**Одржана информативна сесија во Велес на тема: „ПРИДОБИВКИ И ОБВРСКИ НА КОМПАНИИТЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП“**

Во Велес се одржа информативна сесија на тема: „Придобивки и обврски на компаниите при вработувањето лица со хендикеп“, во организација на Стопанската комора на Македонија, Регионалната комора со седиште во Велес и „Полио Плус – движење против хендикеп“. Оваа информативна сесија беше наменета за информирање и запознавање на компаниите со придобивките и обврските кои ги имаат при вработувањето лица со хендикеп, а во насока на создавање инклузивна работна сила.

**7 јули 2017 година**

**РЕАЛИЗИРАНА ТРИДНЕВНА ПОСЕТА НА ПАЗАРИТЕ ВО Р. ГРЦИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРУПАЦИЈАТА НА ПАЗАРИ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

Во организација на Групацијата на пазари во рамки на Здружението за комунални дејности и Регионалната комора со седиште во Битола при Стопанската комора на Македонија во периодот од 3-6.7.2017 година беше остварена посета на пазарите во Солун, Лерин и Воден во Р. Грција. Организаторите на пазарите од Македонија беа информирани за начинот на функционирање и организациската поставеност на пазарот во Солун, кој е формиран во 1966 година како Централен пазар за овошје и зеленчук, а во денешниот облик и објекти работи од 1975 година.

Во согласност со воспоставената повеќе годишна соработка меѓу коморите од Лерин и Битола, беше реализирана и средба во Регионалната комора во Лерин, каде делегацијата беше примена од претседателот Савас Сапалидис, со цел што подобра комуникација и зголемување на трговската размена меѓу двете соседни земји. Тридневната посета на Грција беше заокружена со средби во Воден со Регионалната комора на Пела и посета на пазарот.

**18 јули 2017 година**

**Врвна туристичка атракција во Прилеп - ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА АКВА ПАРКОТ НА КОМПАНИЈАТА „АКВА ПАРК САЛИДА“ ОД ПРИЛЕП**

Во присуство на голем број гости градоначалникот на Прилеп Марјан Ристески свечено го пушти во употреба Аква паркот на компанијата „Аква парк Салида“ од Прилеп, кој се протега на површина од 4500 м2. Аква паркот е домашна инвестиција на фамилијата Ѓорѓиоски, сопственици и на хотелите „Салида 1“ и „Салида 2“.

**22 август 2017 година**

**ОТВОРЕНА НОВА ФАБРИКА НА КОМПАНИЈАТА „ТРИТЕКС“ ОД ПРИЛЕП**



Во присуство на голем број гости, меѓу кои и дел од членовите на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп, свечено беше отворена новата фабрика на компанијата „Тритекс“ во Индустриската зона „Прилеп 1“ во Прилеп, од страна на градоначалникот Марјан Ристески и сопствениците Дејан и Раде Наумоски. Фабриката се протега на површина од 4.000 м2.

Во неа, како што посочија сопствениците, ќе работат повеќе од 300 работници. Компанијата „Тритекс“ е препознатлив македонски бренд која на пазарот опстојува веќе 20 години. Компанијата е позната по производство на долна облека, изработена исклучиво од памук.

**31 август 2017 година**

**РАБОТЕН СОСТАНОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ВЕЛЕС СО ПРОФ. Д-Р КОЧО АНЃУШЕВ, ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РМ ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА И ЗА КООРДИНАЦИЈА СО ЕКОНОМСКИТЕ РЕСОРИ**

Регионалната комора со седиште во Велес беше домаќин на работниот состанок на којшто присуствуваше проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, со цел отворање поширока дискусија за актуелните состојби во земјата, планираните мерки на Владата за натамошен раст и развој на стопанството.




Проф. д-р Анѓушев истакна дека Владата на РМ ќе се фокусира на преземање конкретни мерки за пораст на економијата во државата и нема да прави разлика помеѓу македонски и странски компании, ќе се воведат нови пакет-мерки за поддршка на секое ново работно место, со посебен акцент на високо образованата млада популација со стимулативна плата двојно повисока од просечната, со цел намалување на одливот на висококвалитетна работна сила. Присутните стопанственици земаа активно учество во дискусијата за развојот на инфраструктурата, развојот на туризмот, приклучување кон гасоводната мрежа, доизградба на системот за водоснабдување „Лисиче“, промена на моделот на субвенционирање на земјоделското производство, а воедно даваа и одредени предлози за реализација на истите.

**7 септември 2017 година**

**Од активностите на Регионалната комора со седиште во Битола – РАЗГЛЕДАНИ ИНИЦИЈАТИВИ И ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРО ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ**

На седницата на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Битола со која претседаваше претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски од „Хемометал“ – Битола, се расправаше за актуелни теми за стопанството во битолско-преспанскиот регион, при што главен акцент се даде на усогласувањето на приоритетите за развој на регионот до 2020 година, од кои како примарни се издвоија залагањата за конкретни активности во поглед на развојот на патната инфраструктура, гасоводната мрежа и железницата. На седницата се разгледа и Информацијата за поднесени иницијативи на Стопанската комора на Македонија од 1 јуни 2017 година и статусот на нивната реализација.

**15 септември 2017 година**

**Во Штип одржана јавна дебата на тема: „ПОНАТАМОШНО ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА РАЗВОЈ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ“**

Во просториите на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип беше одржана јавна дебата, во рамките на Твининг-проектот финансиран од ЕУ: „Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации (НРК)“, на којашто присуствуваа претставници од Министерството за образование, локалната самоуправа, Стопанска комора на Македонија и од бизнис секторот.

**15 септември 2017 година**

**ОДРЖАНА ЧЕТВРТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ВО КАВАДАРЦИ НА ТЕМА: „ПРИДОБИВКИ И ОБВРСКИ НА КОМПАНИИТЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП“**

Во рамките на Проектот „Центар за вработување лица со хендикеп“, во Кавадарци се одржа четвртата по ред информативна сесија на тема: „Придобивки и обврски на компаниите при вработувањето лица со хендикеп“, во организација на Стопанската комора на Македонија, Регионалната комора со седиште во Кавадарци и „Полио Плус – движење против хендикеп“. Проф. д-р Лазар Јовевски, професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, зборуваше за различни аспекти поврзани со предизвиците при создавање инклузивен пазар на труд.

**21 септември 2017 година**

**РАБОТЕН СОСТАНОК НА РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ ВО ПРИЛЕП И ВО БИТОЛА СО ПРОФ. Д-Р КОЧО АНЃУШЕВ, ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РМ ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА И ГОРАН СУГАРЕСКИ, МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ВО ВЛАДАТА НА РМ – ИНФРАСТРУКТУРАТА И КАДРИТЕ ВО ФОКУСОТ НА БАРАЊАТА**

Во организација на регионалните комори со седиште во Прилеп и во Битола, беше одржан работен состанок во Прилеп, на којшто присуствуваа проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Горан Сугарески, министер за транспорт и врски во Владата на РМ, во врска со проблемите со кои се соочува стопанството од регионите на Прилеп и на Битола во тековната година, за чие решавање се бара помош од Владата на РМ, како и отворање дискусија за планираните мерки на Владата за натамошен раст и развој на економијата.

Во своето поздравно обраќање, претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Симон Наумоски ги поздрави сите присутни учесници и се осврна на интересите за создавање подобра бизнис клима и развој на економијата и како приоритетни ги истакна прашањата за инфраструктурните проекти, меѓу кои и изградбата на автопатот Велес - Прилеп, како еден од основните можности за поголема конкурентност на компаниите од регионот на домашниот и на странскиот пазар. Со свое видување и поддршка за што почести средби од овој вид меѓу стопанството и Владата на РМ се обрати и претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски кој даде целосна поддршка за спомнатите иницијативи, пред се` за развој на инфраструктурата на Пелагонискиот регион кој како најголем во државата би бил еден од основните двигатели на растот на севкупниот економски развој на земјата.

На состанокот присуствуваа и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и околу 80-тина претставници на бизнис секторот од Пелагонискиот регион.

**25 септември 2017 година**

**Одржан Форум на тема: „РЕГУЛАТИВА ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И ПАЗАРОТ НА ТРУД ВО КОМПАНИИТЕ КОИ СЕ ЗАНИМАВААТ СО ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ДЕЈНОСТИ“**

Во Битола беше одржан Форум на тема: „Регулатива за работните односи и пазарот на труд во компаниите кои се занимаваат со интелектуални дејности“, во рамките на Проектот на УСАИД: „Партнерство за подобра бизнис регулатива“. Форумот беше имплементиран од страна на Стопанската комора на Македонија, во соработка со „ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал“, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ) и Стопанската комора на Северозападна Македонија, кои што се партнери во наведениот Проект.

Целта на Форумот беше да се дискутираат теми поврзани со регулативата на работните односи, а кои се специфични за компаниите кои се занимаваат со интелектуални дејности.

**28 септември 2017 година**

**Регионалната комора со седиште во Кичево на презентација на Југозападниот плански регион за реализирани активности - АКТИВНО УЧЕСТВО НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА**

На 27 септември 2017 година во Охрид се одржа финалниот настан на којшто се презентираа реализираните активности и резултати на Центарот за развој на Југозападниот плански регион. На настанот присуствуваа и претставници на Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија, како и бројни претставници од 9-те општини во регионот. Директорката на Центарот на Југозападниот плански регион, Мирјана Лозаноска ги презентираше реализираните проектни активности и активностите од Бизнис центарот за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во ЈЗПР.

Регионалната комора со седиште во Кичево и бизнис заедницата активно учествуваа во поголем дел од активностите, беа реализирани и заеднички обуки, а вклучена е во формираната Мрежа за инклузивен регионален развој на Југозападниот плански регион, при што е реализирана една пилот-активност надградба на андроид гис-апликација за природните и културните атракции во регионот.

**29 септември 2017 година**

**Регионална комора со седиште во Битола – ПОСЕТА НА ТРГОВСКО-ИНДУСТРИСКАТА КОМОРА НА ПЛОВДИВ И НА МЕЃУНАРОДНИОТ САЕМ „ПЛОВДИВ 2017“**

Во периодот од 27 до 29 септември 2017 година во организација на Регионалната комора со седиште во Битола беше остварена посета на Трговско-индустриската комора на Пловдив и на Меѓународниот саем во Пловдив, Р. Бугарија, со цел воспоставување подобра комуникација и започнување соработка меѓу двете комори и двата региона. Делегацијата и компаниите го продолжија својот престој во Пловдив со посетата на 73. Меѓународен саем „Пловдив 2017“, на кој оваа година се најдоа 563 изложувачи од 35 земји од сите сектори на индустријата за технологија, машинската, градежната и електроиндустријата.

**10 септември 2017 година**

**ОДРЖАНА ТРЕНИНГ-ОБУКА ЗА НАПРЕДНО НИВО НАМЕНЕТА ЗА КОМПАНИИТЕ НА ТЕМА: ПРИДОБИВКИ И ОБВРСКИ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП**

Во рамките на Проектот „Центар за вработување лица со хендикеп“, на 10.10.2017 година во Штип, се одржа тренинг-обука за компаниите на тема: „Придобивки и обврски при вработување лица со хендикеп“ во организација на Стопанската комора на Македонија, Регионалната комора со седиште во Штип и „Полио Плус – движење против хендикеп“.

**12 септември 2017 година**

**Регионална комора со седиште во Кичево - ПОСЕТА НА „АНУГА 2017“ - НАЈГОЛЕМИОТ САЕМ ЗА ХРАНА ВО СВЕТОТ**

На 8 и 9 октомври 2017 година, Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија го посети најголемиот во светот Саем за храна и пијалаци „Ануга 2017“ во Келн, СР Германија, во рамките на Проектот „Создавање поволно деловно опкружување за економска одржливост на прекуграничниот регион Струмица - Кичево - Кукуш (Бизнис Мрежа С-К-К)”, финансиран од ЕУ преку ИПА - Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007 - 2013 година, а присуствуваа и претставници од општините Струмица и Кичево и потпретседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Алија Зулбеароски.

Целта на посетата на светски реномираниот Саем „Ануга” беше размена на добри практики и искуства, поттикнување деловна соработка и поврзување на домашните компании со деловни субјекти и институции од странство.

**18 септември 2017 година**

**Регионална комора со седиште во Битола - СЕМИНАР ЗА ЗГОЛЕМЕНА ПРОДАЖБА И ПРОФИТ ПРЕКУ КОУЧИНГ-ПРОГРАМАТА**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Битола на 17.10.2017 година во Битола се одржа семинар за големена продажба и профит преку Коучинг-Програмата. Организацијата на семинарот беше поддржана од Програмата за зголемување на пазарната вработливост (Increasing Market Employability - IME) на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC). На интерактивниот семинар учесниците се запознаа со Програмата за зголемување на продажбата која е фокусирана на зголемување на приходот и профитабилноста во краток рок. Со примена на алатки кои ги предвидува Коучинг-методологијата, се гарантира зголемување на приходите и профитабилноста на компаниите во период од три месеци.

**20 септември 2017 година**

**Активности на регионалните комори со седиште во Битола и во Прилеп – ЗАЕДНИЧКА ПОСЕТА НА КОМПАНИИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН**

Како продолжување на блиската соработка меѓу регионалните комори со седиште во Битола и во Прилеп, во рамките на планираните активности, беа посетени три производствени компании во битолскиот регион, новата млекарница на „ИМБ“ - Битола, единствениот капацитет за производство на чипс во земјата, „Стиза“ во с. Кравари, Битола, која од неодамна е и нова членка на Стопанската комора на Македонија и Печатницата „Киро Дандаро“ од Битола.

Воедно, беше реализиран и состанок меѓу претседателите на регионалните комори, Симон Наумоски од „Витаминка“ - Прилеп и Мирко Велковски од „Хемометал“ - Битола. На состанокот уште еднаш беше нагласена потребата од подобра инфраструктура во Пелагонискиот регион, за подобро меѓусебно поврзување и подобро поврзување со блиските региони во и надвор од државата. Притоа, уште еднаш се даде акцент на модернизацијата и изградбата на патниот правец Скопје - Велес - Прилеп - Битола - граница со Р. Грција, доизградба и модернизација на железничката линија кон Р. Грција, гасната инфраструктура и во што е можно пократок рок оспособување на обиколницата над Битола на патниот правец Прилеп - Ресен за непречен проток на товарни возила кон југозападниот регион и Р. Албанија.

**2 октомври 2017 година**

**Седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кичево – РАЗГЛЕДАНИ ИНИЦИЈАТИВИ СОГЛАСНО ПОТРЕБИТЕ НА БИЗНИСОТ**

На седницата на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кичево, претседателот Игор Соколоски, ги запозна членките со наредните активности на Регионалната комора со седиште во Кичево, додека Љупка Самарџиска од Стопанската комора на Македонија ги запозна со поднесените иницијативи на Комората од 1 јуни 2017 година и статусот на нивната реализација.



Во однос на Информацијата за соработка на проекти, Дарко Белески од Одделението за локален економски развој при Општина Кичево, ги изнесе реализираните активности во рамките на Проектот „Бизнис Мрежа Струмица - Кичево - Кукуш “, додека за Проектот „Био Село“ презентираше Тино Алексов. Целта на овој проект е поддршка на развојот на регионален концепт за биоенергија и основање на биоенергетско село во Кичево.

**6 октомври 2017 година**

**РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ СО СЕДИШТА ВО ВЕЛЕС, БИТОЛА И ВО КИЧЕВО ОРГАНИЗИРАА ДЕЛОВНИ СРЕДБИ МЕЃУ КОМПАНИИ ОД ТРИТЕ РЕГИОНИ**

Регионалните комори со седишта во Велес, Кичево и во Битола организираа деловна средба меѓу компаниите од трите региони со цел зголемување и интензивирање на соработката. Средбата се одржа во Регионалната комора со седиште во Велес, а на која присуствуваа претседателот на Регионалната комора со седиште во Велес Георги Чадиев, претседателите на регионалните комори со седиште во Кичево и Битола, Игор Соколески и Мирко Велковски, како и над 30-тина компании од трите региони. Во своето обраќање Георги Чадиев ги поздрави присутните и им заблагодари за покажаниот интерес за соработка, при што потенцираше дека бенефитот од досегашните средби е значаен фактор за поуспешна комуникација меѓу компаниите од трите региони. Тој исто така ја истакна и целосната поддршка од центрите за развој на планските региони во делот на интензивно заедничко дејствување со цел подобрување и изградба на патната мрежа на патниот правец Велес - Прилеп - Битола -Меџитлија кон границата со Р. Грција, како и краците кон Охрид и регионалниот пат Битола - Кичево.




Бизнисмените разменија искуства и мислења за мерки кои се потребни да се преземат за подобрување на климата за инвестирање и развој. Средбата се заокружи со посета на компанијата „Смелт-Инг“ од Велес, каде што присутните се запознаа со нивното работење.

**17 октомври 2017 година**

**ОДРЖАНА ВТОРАТА ТРЕНИНГ-ОБУКА НА ТЕМА: „ПРИДОБИВКИ И ОБВРСКИ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП“, НАМЕНЕТА ЗА КОМПАНИИТЕ**

Во рамките на Проектот „Центар за вработување лица со хендикеп“, во Велес се одржа тренинг-обука за компаниите на тема: „Придобивки и обврски при вработување лица со хендикеп“ во организација на Стопанската комора на Македонија, Регионалната комора со седиште во Велес и „Полио Плус – движење против хендикеп“.



Тренинг-обуката беше наменета за компаниите, со цел да се информираат за соодветно приспособување и овозможување еднаков третман на лицата со попреченост.

На настанот присуствуваа околу 30-тина учесници од повеќе сектори и тоа: трговија, производство на месо, земјоделие и прехрана, метална и електроиндустрија, угостителство и туризам, текстил, осигурување, како и претставници од државните институции и агенции. Проектот е финансиран од Европската комисија, спроведувач е Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), заедно со Стопанската комора на Македонија, како координатор на Проектот, „Полио Плус“ - партнер во Проектот, како и Министерството за труд и социјална политика, како координатор на Програмата за социјална инклузија.

**6 ноември 2017 година**

**ОДРЖАНА ТРЕТАТА ТРЕНИНГ-ОБУКА НА ТЕМА: „ПРИДОБИВКИ И ОБВРСКИ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП“, НАМЕНЕТА ЗА КОМПАНИИТЕ**

Во рамките на Проектот „Центар за вработување лица со хендикеп“, во Прилеп се одржа тренинг-обука за компаниите на тема: „Придобивки и обврски при вработување лица со хендикеп“ во организација на Стопанската комора на Македонија, Регионалната комора со седиште во Прилеп и „Полио Плус – движење против хендикеп“. М-р Жанета Попоска, експерт во оваа област, говореше за правната рамка за овозможување еднаков третман на лицата со попреченост, за мерките кои се потребни да се преземат од страна на работодавачите со цел да се овозможат непречени услови за работа.



Проектот е финансиран од Европската комисија, спроведувач е Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), заедно со Стопанската комора на Македонија, како координатор на Проектот, „Полио Плус“ - партнер во Проектот, како и Министерството за труд и социјална политика, како координатор на Програмата за социјална инклузија.

**9 ноември 2017 година**

**СТУДИСКА ПОСЕТА НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД БИЗНИС, ЈАВНИОТ И НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР ОД РЕПУБЛИКА КОСОВО ВО ВАРДАРСКИОТ, ИСТОЧНИОТ И ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

Во Регионалната комора се седиште во Велес на 8.11.2017 година, во организација на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, се реализира студиска посета на 20 претставници од приватниот, јавниот и невладиниот сектор од Република Косово.



На средбата беа презентирани Канцеларијата на Вардарскиот плански регион и нејзиното досегашно работење, поддршката што ја дава на бизнис секторот во регионот, како и Стопанската комора на Македонија, од страна на Ирена Жарова од Регионалната комора со седиште во Велес. Претставниците од Косово го поздравија овој начин на размена на искуства и меѓусебно поврзување, а воедно изразија надеж за идна подобра соработка.

Делегацијата од Косово имаше можност да го збогати своето искуство преку посета на три плански региони - Вардарскиот, Источниот и Југоисточниот регион.

**13 ноември 2017 година**

**Регионална комора со седиште во Штип - ОДРЖАН СЕМИНАР НА ТЕМА: „НАЈНОВИТЕ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ“**

На 10.11.2017 година, во организација на Регионалната комора со седиште во Штип, беше одржан семинарот: „Најновите измени на Законот за архивски материјал“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 41/14, 72/15, 148/15, 169/15 и 172/15), со практични примери при архивирањето на списите кои произлегуваат од тековното работење.

**13 ноември 2017 година**

**СОРАБОТКА НА КОМПАНИИ ОД РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО И ВО ВЕЛЕС**

Компании од регионалните комори со седиште во Кичево и во Велес остварија работна средба во Регионалната комора со седиште во Кичево, а реализираа и заедничка посета на компании во кичевскиот регион. При посетите се разговараше за потребата од заедничка поддршка и соработка на компаниите и регионалните комори во настапот на домашните и на странските пазари, беа разгледани начини на можна соработка, како и размена на искуства за проблеми со кои се соочуваат и барање решенија за подобро работење на компаниите.

**14 ноември 2017 година**

**Регионална конференција во Битола „Шанса за сите“ - ПРЕЗЕНТИРАН ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН ЗА АКТИВНИ МЕРКИ И ПРОГРАМИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Битола, во соработка со Министерството за труд и социјална политика на РМ, Агенцијата за вработување на РМ, со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), на 13.11.2017 година, во Битола се одржа Регионална конференција за промоција на Програмата „Шанса за сите“, во рамките на Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување во 2017 година.

Претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски истакна дека целта на стопанството е да се мотивираат младите да се вработуваат во микро и мали претпријатија.

**17 ноември 2017**

**Регионална комора со седиште во Кичево - ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

Во Општина Кичево, на 16.11.2017 година се одржа седница на Локалниот економско-социјален совет на Општина Кичево и Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија. На седницата претседателот Рамиз Реџепи, од Општина Кичево, го истакна учеството на ЛЕСС во Проектот „Пилотирање на активни мерки на пазарот на трудот на локално ниво“, финансиран од Меѓународната организација на трудот и Агенцијата за вработување на Р. Македонија, а којшто се спроведува во општините Кичево, Ресен и Струмица и ги презентираше резултатите од спроведената активност во рамките на Проектот: „Решенија за вработување на младите преку социјален дијалог на локално ниво“, кој е се` уште активен и се реализира на локално ниво во Кичево.

**20 ноември 2017 година**

**РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА - ОДРЖАНА СЕДМАТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР**

Покрај членовите на Управниот одбор, на седницата како гости говорници беа присутни и новиот градоначалник на Општина Ресен, Живко Гошарески. Директорката Билјана Пеева-Ѓуриќ од Стопанската комора на Македонија информираше за досегашните согледувања на Комората за потребата од измени на законските решенија кои го регулираат системот на јавните набавки.

Градоначалникот на Општина Ресен, Живко Гошарески ја истакна заложбата за понатамошна поблиска соработка со бизнис-секторот. Во своето обраќање, тој се осврна и на развојот на угостителството и алтернативните видови на туризам, како и здравствениот туризам во Преспанскиот регион.

**21 ноември 2017 година**

**ВО ШТИП ОДРЖАНА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ЗА ЈАВНИОТ ПОВИК ОД ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**

Во Штип, во организација на Регионалната комора со седиште во Штип, Источниот плански регион, Општина Штип и Фондот за иновации и технолошки развој, беше одржана информативна сесија за отворениот јавен повик за финансирање проекти за намалување на загадувањето во урбаните средини во Република Македонија - О2 Предизвик.

**23 ноември 2017 година**

**ИНФОРМАТИВНА СРЕДБА ВО ВЕЛЕС „ШАНСА ЗА СИТЕ“ - ПРЕЗЕНТИРАН ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН ЗА АКТИВНИ МЕРКИ И ПРОГРАМИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Велес, во соработка со Министерството за труд и социјална политика на РМ, Агенцијата за вработување на РМ, со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), на 22.11.2017 година, во Велес се одржа информативна средба за промоција на Програмата „Шанса за сите“, во рамките на Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување во 2017 година. Станува збор за финансиска поддршка за отворање нови работни места преку мерките и програмите дизајнирани за бизнис секторот, насочена кон претпријатијата кои можат да добијат до 615.000 денари неповратна помош.



Претставниците од УНДП, Дамјан Митев и Снежана Дамјановска, посочија дека имплементацијата на Оперативната програма содржи најразлични активни мерки, вклучувајќи субвенционирано вработување и други различни обуки за микро, мали и средни претпријатија. Оваа програма е развиена и имплементирана од страна на Владата на РМ и УНДП. Таа стана суштински дел од стратегијата за вработување на земјата и е една од активните мерки на пазарот на трудот на националниот Оперативен план за вработување. Овие мерки се дизајнирани да промовираат паметен, одржлив и социјално инклузивен раст.

**23 ноември 2017 година**

**ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КОМПАНИЈАТА „ПАКОМАК“ - Имплементација на Законот за управување со пакување и отпад од пакување и обврските на општините и на компаниите**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Кавадарци при Стопанската комора на Македонија, во соработка со компанијата ,,ПАКОМАК“ - Скопје, се одржа презентација на обврските кои ги имаат компаниите и општините при имплементација на Законот за управување со пакување и отпад од пакување. Пред присутните компании, како и пред претставници од Општина Кавадарци, Ико Брдароски, менаџер за грижа за корисници и Игор Макалоски, оперативен менаџер на „Пакомак“, истакнаа дека производителите и увозниците на производи спакувани во амбалажа имаат законска обврска да организираат систем за собирање, селекција и рециклирање на сопствениот амбалажен отпад, кој завршува кај крајните корисници.

**23 ноември 2017 година**

**„О2 ПРЕДИЗВИК“ НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ПРЕТСТАВЕН ВО БИТОЛА**

Во рамките на информативните сесии низ целата држава, на 23.11.2017 година во Битола, во организација на Општина Битола и Фондот за иновации и технолошки развој, а со поддршка на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион и Регионалната комора со седиште во Битола, беше одржана информативна сесија за отворениот јавен повик за финансирање на проекти за намалување на загадувањето во урбаните средини во Република Македонија - „О2 Предизвик“.

**23 ноември 2017 година**

**ОДРЖАНА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „САЕМ НА КАРИЕРА 2“ ВО БИТОЛА**

Во организација на МКЦ - Битола, во соработка со Инфо-клуб - Битола, УНДП и Општина Битола, а со поддршка на Регионалната комора со седиште во Битола, во Центарот за култура во Битола се одржа „Саем на кариера 2“. Настанот е во рамките на Регионалната платформа „YOUSEE“ за социјални иновации за намалување на невработеноста на младите. Регионалната комора со седиште во Битола ја даде својата поддршка и учествуваше со свој штанд и материјали на настанот и го промовираше пристапот на дуалниот систем на образование како поефективен начин на обезбедување на квалитетна квалификувана работна сила.

**24 ноември 2017 година**

**Одржана седница на Регионалната комора со седиште во Штип – ПРЕКУ ЈАВНО-ПРАВАТЕН ДИЈАЛОГ ДО ПОГОЛЕМИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕГИОНОТ НА ШТИП**

На 23.11.2017 година во Општина Штип, Регионалната комора со седиште во Штип одржа седница, на којашто присуствуваше и градоначалникот на Општина Штип, Благој Бочварски. Седницата ја водеше Наум Барзов, претседател на Регионалната комора со седиште во Штип.

**24 ноември 2017 година**

**ПРЕЗЕНТИРАН ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН ЗА АКТИВНИ МЕРКИ И ПРОГРАМИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ - „ШАНСА ЗА СИТЕ“ ВО КИЧЕВО**

Регионалната комора со седиште во Кичево одржа информативна средба на којашто беше презентирана Програмата „Шанса за сите“, во рамките на Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување во 2017 година. Програмата за поддршка на микро, мали и средни претпријатија за финансиска и советодавна поддршка за раст, како и мерката „Обука за задоволување на локалните потреби од квалификувана работна сила“, ја презентираа претставниците од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Ермира Жаку Хани и

Жерина Рамикевиќ, мониторинг-координатори, кои потенцираа дека во зависност од мерката можност да аплицираат имаат микро, малите, средни, како и големите компании.

**29 ноември 2017 година**

**Регионална комора со седиште во Велес - ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ЈАВНИ НАБАВКИ**

Во Велес се одржа Петтата пленарна седница на Регионалната комора со седиште во Велес. Седницата ја водеше претседателот на Регионалната комора, Георги Чадиев., а покрај членовите на Управниот одбор присуствуваше и оперативниот директор на Стопанската комора на Македонија, м-р Елена Милевска Штрбевска.



По однос на проблемите во примената на законските решенија во процесот на јавни набавки со предлози за нивно надминување во новиот Закон за јавни набавки, Љупка Самарџиска, виш советник во Стопанската комора на Македонија, информираше за досегашните согледувања на Комората за потребата од измени на законските решенија кои го регулираат системот на јавните набавки. Врз основа на дефинираните, но и дополнителните предлози кои беа дадени на оваа седница, како и на седниците на другите облици на организирање и работење на Стопанската комора на Македонија, ќе се систематизираат сите предлози за подобрување на системот на јавни набавки во Република Македонија и ќе се доставaт до Бирото за јавни набавки, со цел нивно инкорпорирање во новиот Закон за јавни набавки. На крајот на седницата се заклучи да се подготви брошура, со цел промоција на фирмите и можностите на стопанството од велешкиот регион.

**30 ноември 2017 година**

**Информативна средба во Штип „Шанса за сите“ - ПРЕЗЕНТИРАН ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН ЗА АКТИВНИ МЕРКИ И ПРОГРАМИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Штип, во соработка со Министерството за труд и социјална политика на РМ, Агенцијата за вработување на РМ, со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), се одржа Информативна средба за промоција на Програмата „Шанса за сите“, во рамките на Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување во 2017 година. Оваа програма е развиена и имплементирана од страна на Владата на РМ и УНДП.

**11 декември 2017 година**

**Регионална комора со седиште во Кичево - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА НА ЛОКАЛНО НИВО**

На работната средба присутните дискутираа за предлозите за наредните активности на Регионалната комора со седиште во Кичево за 2018 година, односно продолжување на редовните седници на Управниот одбор, присуство на седници на Локалниот економско-социјален совет на Општина Кичево, средби со министерства, организирање бизнис средби со другите регионални комори, средби со градоначалниците на Кичево, Македонски Брод и Пласница и продолжување на соработката со Центарот за развој на Југозападниот плански регион.

**11 декември 2017 година**

**КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА ЕКОНОМСКИОТ СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

На 11 декември 2017 година се одржа Конститутивната седница на Економскиот совет на Општина Прилеп, на којашто, покрај постојаните членови, се избраа и нови членови на Советот.



На седницата беа дефинирани приоритетните цели во работата на Економскиот совет, што ќе бидат во насока на поквалитетен живот на граѓаните на Општина Прилеп, изразувајќи големо задоволство за учеството во Советот на поголем број претставници од бизнис секторот, со акцент дека бизнис секторот ќе има безрезервна поддршка како и логистика пред централната власт на Република Македонија. Како главни приоритети за развој на општината од страна на бизнис секторот беа нагласени изградбата на автопатот Велес - Прилеп – Битола, со крак до Меџитлија, гасификацијата на општината, изградбата на хидроцентралата Чебрен, изградба на обновливи извори на електрична енергија - сончеви централи, ревитализација на железничката пруга Битола - Прилеп - Велес, надградба на браната на прилепското акумулационо езеро и други активности кои произлегуваа од заклучоците донесени од страна на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп.

**12 декември 2017 година**

**ТРАДИЦИОНАЛНА ПОСЕТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРИВАТНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „САБА“ НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП**

И оваа година како и во претходните, учениците од прва година од Приватното стручно училиште „САБА“ изразија интерес за работењето на Стопанската комора на Македонија. За таа цел, на 12.12.2017 година заедно со Виолета Пеева, професорка по бизнис и менаџмент од истото училиште, оствари посета на Регионалната комора со седиште во Штип.

**25 декември 2017 година**

**СРЕДБА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА СО МАКЕДОНСКО-РУСКАТА КОМОРА**

Претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски и претставници од неколку компании во регионот реализираа работна средба со извршниот директор на Македонско-руската стопанска комора во Р. Македонија, Дејан Бешлиев.

На настанот учесниците примарно се осврнаа на трговската соработка на Р. Македонија со Руската Федерација и можноста за учеството на македонски компании од Пелагонискиот регион на рускиот пазар.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

(деловни средби, бизнис форуми, бизнис-клубови, странски делегации, дипломатско-конзуларни посети, проектни активности)

**23 јануари 2017 година**

**ОДРЖАН ВТОР СОСТАНОК НА МАКЕДОНСКО-ПОЛСКИОТ БИЗНИС КЛУБ**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа Вториот состанок на Македонко-полскиот бизнис клуб, којшто беше формиран и официјално почна со работа на 18 ноември 2015 година.

На состанокот беше презентирана новата Програма за работа на Клубот за 2017 година, оформена според потребите на компаниите-членки на Комората и на Клубот, заинтересирани за соработка со Р. Полска. Во таа насока, на состанокот се заклучи дека 2017 година ќе биде година на поинтензивна и засилена соработка со Р. Полска во насока на остварување нови контакти со надлежни институции и компании со цел зајакнување на односите помеѓу македонската и полската бизнис заедница. Клубот исто така ќе продолжи активно да работи на организација, посета и обезбедување најповолни услови за учество на македонски компании на саемски манифестации, конференции и билатерални средби во Р. Полска и ќе биде во постојана комуникација со надлежни институции за создавање подобра бизнис клима помеѓу двете земји.




**7 февруари 2017 година**

**УРГЕНЦИЈА ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА АКТУЕЛНАТА СООБРАЌАЈНА БЛОКАДА ВО РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА**

Согледувајќи ги негативните последици врз стопанството, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, во насока на што поитно изнаоѓање решение за надминување на состојбите предизвикани од блокадите на грчките земјоделци на граничниот премин Евзони, покрај сите досегашни консултации и активности, упати и ургентни дописи до претседателот на Унијата на грчките трговско-индустриски комори, господин Константин Михалос, како и до амбасадорот и шеф на Канцеларијата за врски на Република Грција во Македонија, господин Димитриос Јанакакис, со барање за нивно соодветно вклучување за нормализирање на нарушените сообраќајни комуникации.

**8 февруари 2017 година**

**ДЕСЕТ ГОДИНИ ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЦЕФТА-ДОГОВОРОТ – РЕЗУЛТАТИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ИДНИ НАСОКИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПОГОЛЕМА ТРГОВСКА РАЗМЕНА**



Во Белград беше одржана конференција на која беше одбележан јубилејот, 10-годишнината од имплементацијата на ЦЕФТА-Договорот. На конференцијата поздравно обраќање имаше Расин Љајиќ, потпретседател на Владата на Република Србија и министер за трговија, туризам и телекомуникации. Господинот Љајиќ ги истакна економските параметри во однос на ЦЕФТА-Договорот и ги потенцира можностите за понатамошна соработка помеѓу земјите од регионот. Имајќи предвид дека во фокус на ЦЕФТА-Договорот е зголемување на соработката на економски план, претседателите на Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Србија, Бранко Азески и Марко Чадеж во своите обраќања ја истакнаа важноста на имплементацијата на ЦЕФТА-Договорот за поединечните економии, а согласно на тоа и бенефитите кои компаниите можат да ги искористат од достапноста на поголемиот заеднички пазар.

**13 февруари 2017 година**

**АМБАСАДОРОТ ЈАЗБЕЦ во посета на Стопанската комора на Македонија**

На 13 февруари 2017 година амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, Н.Е. проф. д-р Милан Јазбец, ја посети Стопанската комора на Македонија.



На состанокот претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, истакна дека во моментот економската состојба во Македонија е релативно стабилна, што пред се` се должи на зголеменото трговско салдо и трговската размена со земјите од ЕУ меѓу кои е и Р. Словенија со којашто во последната година трговската размена е зголемена за речиси 10 %. Амбасадорот Јазбец истакна дека за Македонија и Словенија е од голема важност да се одржуваат бизнис релациите коишто уште во минатото биле стабилно воспоставени, за континуиран раст на економиите на двете земји. Амбасадорот Јазбец додаде дека соработката со Р. Словенија е од голема важност и на неа треба да се гледа како мост што и ќе им овозможи на македонските компании полесно да ги постигнат целите за проширување и на останатите европски пазари. Вкупната трговска размена на Република Македонија со Република Словенија во 2016 година достигна вредност од 204,6 милиони САД$, што претставува раст од 10,84 % во однос на 2015 година.

**16 февруари 2017 година**

**Одржани билатерални деловни средби меѓу македонски и српски компании - ОСНОВАНИ МАКЕДОНСКО-СРПСКИОТ И СРПСКО-МАКЕДОНСКИОТ ДЕЛОВЕН СОВЕТ**



Како продолжение на активностите кои започнаа во октомври 2016 година, на Бизнис форумот што го организираше Стопанската комора на Србија, на 16.02.2017 година во организација на Стопанската комора на Македонија се организираа деловни средби помеѓу стопанственици од двете земји.

Настанот го отвори господинот Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, кој потенцираше дека овие средби се уште една потврда дека двете комори имаат беспрекорна соработка и во континуитет се работи на зголемување на трговската размена помеѓу двете земји.

-Целта на овие активности е да се интензивира веќе постојната добра деловна соработка, но пред се` да се поттикне можноста компаниите-членки на двете комори да се поврзуваат и да остваруваат успешни деловни односи, како и заеднички да се работи на отстранувањето на бариерите кои се јавуваат во меѓусебната соработка, што во крајна линија ќе доведе до позитивни економски резултати и развој на регионот во целина. Надворешно-трговската размена меѓу двете земји во последните 5 години надминува 600 милиони евра, со континуирана тенденција за раст како во извозот, така и на страната на увозот, - истакна д-р Јелисавета Георгиева, извршен директор на Стопанската комора на Македонија.



**20 февруари 2017 година**

**ЕУ-ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДДРШКА ЗА ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Европскиот пазар, со своите 450 милиони консументи, претставува вистински бизнис-потенцијал, но од друга страна и вистински предизвик за интернационален излез на локалниот мал бизнис. Европската мрежа за бизнис можности (Enterprise Europe Network- ЕЕН) којашто претставува моќна алатка и најголемата мрежа за подобрување на процесот на имплементација на иновациите во реалниот сектор, за интензивирање на бизнис-релациите, за поефикасна соработка на науката и индустријата, трансферот на технологии и користењето на резултатите од научните истражувања во стопанството. Мрежата е присутна во 60 земји. Географски ја надминува територијата на Европа и е присутна на скоро сите континенти. Неа ја сочинуваат околу 600 организации - стопански комори, универзитети, владини агенции, центри за трансфер на технологии, технолошки паркови, национални структури за поддршка на иновации и сл. Проектот ЕЕН-М е оправдан и е заеднички финансиран од Владата на Република Македонија и од Европската комисија кои врз таа основа изградија партнерство во соднос 40%-60% од вкупниот буџет на проектот. Само неколку остварени соработки преку мрежата ќе внесат поголеми средства отколку што е уделот на земјата во ова партнерство. Колку е моќна оваа мрежа на европско ниво потврдуваат и фактите што од 2008 година од кога почна да функционира ЕЕН Мрежата на европско ниво, опслужени се преку 3 милиони МСП од Европа.




**22 февруари 2017 година**

**Подготовка на лица со хендикеп за вработување преку соодветни обуки и тренинзи во новоформираниот Центар за вработување лица со хендикеп – АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ ОД 4-ТА ИПА КОМПОНЕНТА ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА**

Во организација на Стопанската комора на Македонија и „Полио Плус – движење против хендикеп“, во Скопје се одржа Конференција по повод отпочнување на Проектот „Центар за вработување лица со хендикеп“, кој е дел од Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 година – ИПА. Генерална цел на Проектот беше поголемо вклучување на лицата со хендикеп на пазарот на труд преку подобрување на нивните вештини, образование и квалификации кои ќе придонесат за нивна целосна интеграција во општеството.



Во рамки на Проектот беа организирани серија на информативни денови и работилници, на коишто компаниите детално беа запознаени со придобивките и условите кои треба да ги создадат за полесно и поуспешно вклучување на

лицата со хендикеп на пазарот на трудот. Овој проект беше финансиран од Европската комисија, а беше спроведен од Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), заедно со Стопанската комора на Македонија, како координатор на Проектот со „Полио Плус“ - партнер во Проектот и Министерството за труд и социјална политика, како координатор на програмата за социјална инклузија.

**27 февруари 2017 година**

**ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЧЕТВРТИОТ ПОВИК НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА ГРАНТОВИ за новоосновани трговски друштва, стартап, спин-оф компании и кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации**

Во Стопанската комора на Македонија беше презентиран четвртиот повик на Фондот за иновации и технолошки развој за кофинансирање на грантови за новоосновани трговски друштва, стартап, спин-оф компании и кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, реализиран во соработка на Стопанската комора на Македонија, Комората на Северозападна Македонија и Фондот за иновации и технолошки развој. На настанот, пред повеќе од 30 компании, беа презентирани можностите за аплицирање на овие проекти, со што присутните компании добија детални информации за начинот на изработка на техничката и финансиската документација со цел изготвување на успешна апликација и непречена реализација на нивните бизнис иновативни проектни идеи.



**3 март 2017 година**

**Одржан Четвртиот состанок на УПРАВНИОТ ОДБОР НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ (КИФ) во Загреб, Хрватска**

Во рамките на Берлинскиот процес, во Загреб, Хрватска, на 3 март 2017 година, се одржа 4. состанок на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум (КИФ), каде членуваат претседателите на коморите од Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Македонија, Србија, Косово, Словенија и Хрватска.

Коморскиот инвестициски форум делува веќе две години, а во овој период се покренати голем број иницијативи, одржани се повеќе билатерални средби, потпишани се значајни документи, со што е покажана подготвеност од страна на коморите за заедничко делување и унапредување на соработката, со цел регионот да се претвори во зона на стабилност и сигурност, за поголема инвестициска заинтересираност и економски развој.

Стопанската комора на Хрватска во 2017 година претседава со Коморскиот инвестициски форум, а на агендата се наоѓаат и активностите кои треба да ја јакнат улогата на коморите во развојот на системот на „дуално образование“ – учење преку работа. На состанокот беа претставени и заеднички иницијативи за изработка на Регионална платформа со препораки за подобрување на деловната и инвестициската клима на ниво на регионот, како и изработка на Студија за комплементарни и конкурентни предности на економиите од Западен Балкан.

**3 март 2017 година**

**АМБАСАДОРКАТА НА НР КИНА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

На 2 март 2017 година делегација од Народна Република Кина, предводена од амбасадорката на Народна Република Кина во Република Македонија, Н.Е. Јин Ликсиан и економскиот советник при Амбасадата на НР Кина во Р. Македонија, господинот Ју Ксуксин, присуствуваа на работен состанок со претседателот на Стопанката комора на Македонија, Бранко Азески. На работниот состанок беа дискутирани досегашните и идните активности што Комората и Амбасадата успешно ги спроведуваат години наназад. Кина претставува важен стратешки партнер за подобрување на македонското стопанство преку бројните инвестиции во Република Македонија, особено во делот на инфраструктурата. Подобрувањето на инфраструктурата и новите технологии што се увезуваат директно од Кина ќе и` овозможат на Македонија полесно пробивање на светските пазари. Амбасадорката Јин истакна дека од голема важност е и учеството на Комората во Иницијативата „16+1“, којашто за главна цел го има продлабочувањето на соработката помеѓу НР Кина и земјите од Централна и Источна Европа, што уште еднаш ја потврдува посветеноста на Комората во делот на поврзување на двете земји. Вкупната трговска размена на Република Македонија со НР Кина во 2016 година достигна вредност од 469 милиони САД$, што претставува пад од 12,05 % во однос на 2015 година. Во вкупната надворешно-трговска размена, НР Кина е 7-ми трговски партнер на Република Македонија во 2016 година.



**7 март 2017 година**

**„ЕДЕН РЕГИОН, ЕДНА ЕКОНОМИЈА“ – тема на која дебатираа претседателите на коморите од Западен Балкан, на КОПАОНИК БИЗНИС ФОРУМОТ 2017**



Во рамките на Копаоник бизнис форумот, претседателите на коморите од Регионот на Западен Балкан дебатираа на тема: „Реформска програма на регионалните инвестиции: еден регион, една економија?“, каде што свое обраќање имаше и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески.

Фокусот на политиките во регионот треба да бидат насочени кон паролата „Еден регион, една економија“, која во себе ги опфаќа трите главни столба:

1 - единствен инвестициски простор,

2 - единствен пазар на труд и

3 - единствена развојна ИКТ-операбилност.

Копаоник бизнис форумот е најважниот настан од ваков вид во регионот, а во јавноста се препознава како „Српски Давос ". Затоа, исто како и на Светскиот економски форум во Давос, во вид на „проверка на реалноста" на глобален план, Форумот е место каде што се сумираат резултатите од економската политика меѓу двата форума, на кој годинава учествуваат 1000 учесници, претставници на бизнисот, политиката и науката.

**13 март 2017 година**

**РАБОТЕН СОСТАНОК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СО АМБАСАДОРОТ НА РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа работен состанок меѓу амбасадорот на Република Италија во Република Македонија, Н.Е. Карло Ромео и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. При неговата прва посета на Стопанската комора на Македонија, амбасадорот Ромео изрази голема благодарност за приемот и воедно изрази интерес во иднина ваквиот вид на средби да станат редовна пракса и на ниво на претставници на бизнис заедниците на двете земји. Претседателот Азески ја претстави целокупната работа и залагањата на Комората, а ја искористи приликата да ја потенцира досегашната одлична соработка којашто Комората успешно ја остварува со Амбасадата на Р. Италија. - На Македонија треба да се гледа како стратешки партнер бидејќи Македонија е земја отворена за соработка, проевропски ориентирана со одлични поволности за инвестирање и развој на бизнисите според потребите на ЕУ, - истакна Ромео. Азески додаде дека Италија е една од ЕУ-земјите којашто на Македонија и` дава целосно разбирање и поддршка во начинот на подобрување на економијата и продлабочување на билатералната соработка во бизнис-секторот, за што говорат и големиот број странски инвестиции од Италија во Македонија. Во иднина Стопанската комора на Македонија во соработка со Амбасадата на Република Италија ќе се стремат кон организирање на што поголем број заеднички настани и активности што ќе овозможат ширење на пазарите и зголемување на трговската размена на двете земји. Вкупната трговска размена на Република Македонија со Република Италија во 2016 година изнесува 560,1 милиони САД долари, што претставува пад од 1,28% споредено со 2015 година. Италија е петти најголем трговски партнер на Р. Македонија во 2016 годината.



**20 март 2017 година**

**Одржана бесплатна презентација на словенечката фирма „EPPS - Elektronsko Pismo Pošte Slovenije“ - МОЖНОСТИ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА**

Стопанската комора на Македонија во соработка со Амбасадата на Република Словенија во Република Македонија на 16.3.2017 година во Стопанската комора на Македонија организираа презентација на „EPPS - Elektronsko Pismo Pošte Slovenije“. Амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, проф. д-р Милан Јазбец, истакна дека соработката традиционално е на високо ниво и таа треба да продолжи да се интензивира и да се поттикне можноста компаниите и институциите да се поврзуваат со цел да остваруваат успешни деловни контакти.  Госпоѓата Моника Зајц, заменик извршен директор на „EPPS - Elektronsko Pismo Pošte Slovenije“, при презентацијата ја претстави компанијата како  најголем центар за електронско работење и доставување во Југоисточна Европа, со месечна испорака на повеќе од 8,5 милиони пратки од различни видови и форми на маркетинг материјали кои се движат од 100 до над еден милион пратки месечно за индивидуални клиенти. По завршувањето на презентацијата, претставниците на „EPPS - Elektronsko Pismo Pošte Slovenije“ имаа можност да разменат контакти и да споделат искуства со македонските претставници за можна идна деловна соработка.



**27 март 2017 година**

**Бизнис форум на тема: „МАКЕДОНИЈА – МЕКСИКО – БИЗНИС МОЖНОСТИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БИЛАТЕРАЛНАТА СОРАБОТКА“**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа Бизнис форум на тема: „Македонија – Мексико – Бизнис можности и зајакнување на билатералната соработка“. Бизнис форумот се одржа во соработка со Амбасадата на Република Мексико во Република Србија, COMCE - Мексикански деловен совет за надворешна трговија, инвестиции и технологии и ProMexico - Агенција за промоција на меѓународната трговија и инвестиции. Амбасадорот, Н.Е. Марко Антонио Гарсиа Бланко, истакна дека економијата на Мексико е голема и има огромен потенцијал за извозно ориентираните фирми како и за мексиканските производители кои сакаат да инвестираат во Република  Македонија. Претседавачот на Собранието на Стопанската комора, Антони Пешев, нагласи дека соработката за компаниите на двете земји е потребна бидејќи и двете се свртени само кон еден пазар: мексиканската кон САД, а македонската кон Европската унија. Според Пешев, покрај интересот за соработка на бизнисмените од двете земји потребна е и регулативна рамка која ќе ја обезбеди соработката. Мексико е пазар од 129 милиони



потрошувачи, има ниска инфлација и релативно ниски долгови како и 12 трговски договори со 46 земји и дополнително голем број други трговски договори што им отвора можности и на македонските бизнисмени да го најдат интересот за соработка. Трговскиот советник на „ProMexico“ – институција задолжена за промовирање на надворешната трговија и инвестиции, Оскар Хавиер Камачо Ортега, ги презентираше можностите за соработка коишто постојат особено за малите и средните македонски компании и тоа во агробизнисот, металопреработувачката/автомобилската индустрија: можностите за инвестирање во синџирот на снабдување, обновливите извори на енергија и креативните индустрии: аудиовизуелни содржини. Претседателот на Управниот одбор на КОМЧЕ – Мексикански деловен совет за надворешна трговија, инвестиции и технологии, Мексико - Македонија, Петар Јоксимовиќ го поздрави потпишувањето на меморандумот за соработка со Стопанската комора на Македонија и додаде дека во иднина и двете институции ќе работат на зајакнување на релациите меѓу Македонија и Мексико и ќе ја поттикнат понатамошната соработка на бизнисмените од двете земји.

**4 април 2017 година**

**Трговијата и инвестициите во регионов, во фокусот на овогодинешниот 20. МЕЃУНАРОДЕН САЕМ ЗА СТОПАНСТВО ВО МОСТАР**



Хрватскиот премиер, Андреј Пленковиќ и претседавачкиот претседател на Босна и Херцеговина, Младен Иваниќ, го отворија овогодинешниот „20. Меѓународен саем за стопанство“ во Мостар. На Саемот учествуваа повеќе од 800 излагачи од над 30 земји, кои имаат заеднички став - овој саем е одлична можност за развивање на регионалната соработка помеѓу земјите и овој саем е водечка стопанска манифестација не само во Босна и Херцеговина, туку и пошироко.



Земја - партнер на саемот оваа година беше Хрватска, при што хрватскиот премиер, Андреј Пленковиќ, истакна дека овој саем е дополнителен чекор за унапредување на трговската размена и зголемување на инвестициите. На свеченото отворање на Саемот присуствуваа и премиерот на Република Србија, Александар Вучиќ, претседателот на Црна Гора, Филип Вујановиќ, како и кинеска делегација предводена од заменик министерот за земјоделство на Народна Република Кина, Ку Донгу, како и претставници и претседатели на стопанските комори од регионот, меѓу кои и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески.

**6 април 2017 година**

**МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА ВО ИСТРАЖУВАЊЕ И ЕДУКАТИВНИ СОДРЖИНИ ОД ИСТРАЖУВАЧКИОТ ЦЕНТАР ВО РАМКИТЕ НА ЛОНДОНСКОТО УЧИЛИШТЕ ЗА ЕКОНОМИЈА И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ**

Претседавачот на Собранието на Стопанската Комора на Македонија, Антони Пешев, беше домаќин на делегација од Лондонското училиште за економија и политички науки, предводена од професор Василис Монастириотис, директор на Истражувачкиот центар во рамките на училиштето.




Согласно активностите кои ги презема Истражувачкиот центар во рамките на Лондонското училиште за економија и политички науки, на крајот од состанокот беше констатирано дека, во комуникација со Стопанската комора на Македонија, има простор за соработка во областа на истражувањето, како и во поврзување на македонски студенти со Лондонското училиште кои би ги користеле услугите на оваа образовна институција со светско реноме.

**11 април 2017 година**

**Стопанската комора на Македонија ја промовираше Публикацијата „РАЗВОЈНИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НА КОМОРСКИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА“**

Стопанската комора на Македонија издаде публикација „РАЗВОЈНИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НА КОМОРСКИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА“ од авторите Бранко Азески и м-р Елена Милевска Штрбевска. Во публикацијата се опфатени активностите поврзани со досегашното коморско организирање и работење, но и проекциите за натамошниот развој на оваа значајна институција, преку претставување на десетте клучни прашања на кои Стопанската комора на Македонија ќе ги фокусира своите активности во наредниот период, со цел обезбедување забрзан и одржлив економски раст и создавање поттикнувачка и просперитетна деловна клима.





- Има многу дефиниции за бизнисот. Уште толку книги, научни трудови, рецензии, докторати и што ли уште не. Народски кажано, бизнисот во суштина се состои во тоа дали прифаќаш ризик или не. Клучна разлика помеѓу тој што успева во бизнисот и тој што не успева е ризикот. Колку поголем ризик, толку поголем профит. Просто како грав. Сѐ друго е изговор за неуспешноста. А изговори има колку што сакате, - истакна Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија и еден од авторите на публикацијата.

Претставувајќи ја улогата на Комората, како институција која опстојува поради интересот на компаниите, претседателот Азески истакна и дека Комората е целосно подготвена со сите коморски искуства и потенцијали да придонесе во структурирањето на поефикасен и пофункционален коморски систем кој ќе одговара на интересите на државата.

**20 април 2017 година**

**Развој на приватниот здравствен сектор - БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ МЕЃУ МАКЕДОНСКИ И ТУРСКИ КОМПАНИИ ОД ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР**



Со цел унапредување и интензивирање на економската соработка меѓу Република Македонија и Република Турција, Стопанската комора на Македонија, во соработка со МАТТО - Стопанската комора на Македонија-Турција и Трговската комора на Измир, организираа билатерални деловни средби меѓу македонски и турски компании од Измир. На деловните средби учествуваа македонски и турски компании од секторите за информатичко-комуникациски технологии и здравство (опрема и услуги за здравствени установи), со цел унапредување и зголемување на заедничката соработката меѓу компаниите од овие дејности од двете земји, заедничко учество во ЕУ-проекти, настап на трети пазари и др. Д-р Андреја Арсовски, претседател на Групацијата на

приватни здравствени установи во рамките на Асоцијацијата за здравство при Стопанската комора на Македонија, накратко го претстави здравствениот систем во Република Македонија. Тој исто така додаде дека во Македонија постојат големи можности во приватниот здравствен сектор за да се развие и здравствениот туризам. Република Македонија и Република Турција во изминатиот период имаат создадено значителни стратешки врски, а економската размена изнесува над 450 милиони евра. Сепак, постои простор и интерес за зголемување на трговската размена и за нови инвестиции од Турција, особено во областа на ИТ и во здравствениот сектор.

**20 април 2017 година**

**Бизнис форум Македонија - Босна и Херцеговина - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**

Во рамките на официјалната поста на претседавачот со Претседателството на Босна и Херцеговина, господинот Младен Иваниќ на Република Македонија, во Министерството за надворешни работи беше организиран Бизнис форум, со билатерални средби меѓу стопанственици од двете земји. - Посетата на господинот Иваниќ на Република Македонија и овој Бизнис форум се израз на подготвеноста на нашите државни институции да им помогнат на стопанствениците од двете земји - истакна претседателот на Република Македонија, д-р Иванов. Статистичките податоци укажуваат дека Босна и Херцеговина е дури 20-ти трговски партнер на Македонија, а трговската размена во 2016 година изнесувала вкупно 155,7



милиони САД долари. Според Иванов овие статистички податоци не соодветствуваат со високото ниво на политички, културни и општествени односи што постојат меѓу двете држави и додаде дека треба интензивно да се работи на зајакнување на билатералната соработка која треба да се темели на взаемната доверба и отвореноста на двата пазара за веќе препознатливи брендови и компании од двете земји. Иваниќ изрази надеж дека наскоро ќе успеат на граѓаните од двете земји да им овозможат патување од една во друга држава со лична карта, отворање на директна авионска линија меѓу Скопје и Сараево, и заеднички настап на трети пазари на македонските и босанските компании. По официјалниот дел беа организирани и билатерални средби меѓу македонски и босански компании на коишто учествуваа повеќе од 30 стопанственици од двете бизнис заедници.

## 28 април 2017 година

**Делегација на Советот на Кина за промоција на меѓународната трговија - ХЕЈЛОНГЏИАНГ КОМИТЕТ ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа средба со делегација на Советот на Кина за промоција на меѓународната трговија - Хејлонгџианг комитет, предводена од господинот Гуан Хаибин, генерален секретар на Советот. Делегацијата беше примена од Јадранка Аризанковска, виш советник во Стопанската комора на Македонија.




На средбата беа разгледани можностите за идна соработка со цел продлабочување на трговската размена и зајакнување на економските релации, како и можностите да се воспостават нови, повисоки облици на институционална соработка помеѓу двете институции.

Господинот Гуан Хаибин, генерален секретар на Советот на Кина за промоција на меѓународната трговија - Хејлонгџианг комитет, истакна дека присутноста на македонските компании на кинескиот пазар се` уште е незначителна, но се надева дека со нивна поддршка ќе се интензивира на повисоко ниво, што ќе придонесе за продлабочување на билатералната соработка и повисока трговска размена помеѓу двете земји. Тој упати покана до Стопанската комора на Македонија за учество на претстојниот 28. Кина Харбин меѓународен економски и трговски саем, со македонска бизнис делегација. Саемот ќе биде одлична можност македонските компании да воспостават контакти со компании од Кина, како и заеднички настап на трети пазари кои се веќе отворени и достапни за кинеските компании.

## 2 мај 2017 година

**Во рамките на Тренинг-програмата со WIFI: „ЕФЕКТИВНА ПРОДАЖБА КАКО РЕЗУЛТАТ НА УСПЕШНА ДЕЛОВНА КОМУНИКАЦИЈА“ реализирани деловни средби во Австрија**




Дваесет и седум австриски компании од различни дејности (од фармацевтската, месната, осигурителната, нафтената индустрија, градежништвото и транспортот) ги отворија вратите за

посета на македонските компании и ја разгледаа можноста за остварување на деловна соработка. Целта на тренинг-програмата на тема: „ЕФЕКТИВНА ПРОДАЖБА КАКО РЕЗУЛТАТ НА УСПЕШНА ДЕЛОВНА КОМУНИКАЦИЈА“е преку личен развој да се обезбеди прогрес на компаниите и нивна подготовка за настап на австрискиот пазар, а воедно, преку воспоставување успешни и продуктивни деловни средби на македонските со австриските компании, да се засили и да се подобри билатералната соработка помеѓу двете земји. Деловните средби се одржаа од 25-27 април 2017 година во Виена, Австрија, а учесниците реализираа посети во седиштата на компаниите низ Австрија со цел реализирање деловна соработка за искористување на стратегиските партнерства и развој на бизнисот. Тренинг-програмата овозможи надградување на личните вештини, вештини потребни за водење бизнис и потребниот know-how за основање и развој на сопствениот бизнис со високо ниво на квалитет. По реализираната деветдневна обука за 3 поединечни модули во Македонија, учесниците се стекнаа со меѓународно признат WIFI Сертификат.



**8 мај 2017 година**

**Делегација од Кралството Данска во посета на Стопанската комора на Македонија – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА НА ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**

Стопанската комора на Македонија ја посети делегација од Кралството Данска, составена од претставници на еминентни дански и светски познати компании. Делегацијата ја прими Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, којшто ги претстави целокупната работа на Комората и идните подвизи што дополнително ќе придонесат за развој на бизнис секторот во Македонија. Двете страни се согласија дека во иднина ќе се создадат одлични предуслови за поттикнување и продлабочување на економската и трговската соработка помеѓу двете земји.



**15 мај 2017 година**

**МАКЕДОНСКО-БРИТАНСКИ БИЗНИС ФОРУМ - Можности за продлабочување на економската соработка меѓу двете земји**






Во Стопанската комора на Македонија се одржа Бизнис форум, со билатерални деловни средби меѓу компании од Велика Британија и од Република Македонија. На настанот беа присутни претставници на 23 британски компании кои што остварија деловни средби со 40-тина македонски бизнисмени од областа на туризмот, хотелиерството и угостителството, банкарство и финансии, консултантски услуги, развој и управување со недвижности и имот и др. Настанот го отвори Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, кој што додаде дека настанот претставува значаен импулс во унапредувањето на стопанската соработка меѓу Македонија и Велика Британија и дека ова е можност за подобро меѓусебно запознавање како услов за натамошен развој на соработката. Двете земји имаат одлични пријателски врски и треба објективно да се согледаат можностите за деловна соработка како во делот на трансфер на нови технологии, инфраструктурата, енергетиката, така и во размената на производи со вклучување на успешни практични и иновативни решенија. Во рамките на Бизнис форумот беше потпишан и Меморандум за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Јужен Лондон со цел да се олесни поврзувањето на македонските и британските компании и да се воспостават директни бизнис контакти кои ќе прераснат во трајни партнерства.

**15 мај 2017 година**

**СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И ОФИЦИЈАЛНО СТАНА ЧЛЕНКА НА КОМОРАТА ЗА МЕЃУНАРОДНА ТРГОВИЈА „ПАТОТ НА СВИЛАТА“ (SILK ROAD CHAMBER OF INTERNATIONAL COMMERCE – SRCIC)**

Стопанската комора на Македонија како најстара и најреспектирана комора во земјата, која членува и одржува одлични билатерални и мултилатерални релации со разни владини и невладини институции од целиот свет, доби директна покана од претседателот на Комората за меѓународна трговија „Патот на свилата“ (SRCIC), господинот Лу Јианзонг, да пристапи кон зачленување во SRCIC, со цел заеднички да се придонесе за развојот на активностите и продлабочување на релациите со земјите од Патот на свилата (Silk Road).

На 15 мај 2017 година, Стопанската комора на Македонија и официјално го доби сертификатот за членство во SRCIC, со што на компаниите-членки на Комората им се отвора простор за запознавање со нови клиенти и бизнис партнери од различни индустрии, преку

учество на семинари и работилници, конференции и тркалезни маси во Кина, но и во останатите земји од Патот на свилата и пошироко. Комората на своите членки им нуди ексклузивна можност за вмрежување и поврзување, размена на искуства, know-how, експертиза, технологии и иновации.

Основната цел на Комората за меѓународна трговија „Патот на свилата“ (SRCIC) е да го зголеми учеството на глобалниот бизнис во развојот на Патот на свилата од 21-от век со тоа што ќе поврзе повеќе од 60 земји со население од 4 милијарди жители.

**25 мај 2017 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА БРАНКО АЗЕСКИ ВО ПОСЕТА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески оствари средба со Бранко Роглиќ, сопственик и претседател на Надзорниот одбор на „Орбико“ ДОО - Загреб, најголемиот дистрибутер на производи за широка потрошувачка во Европа. На средбата се разговараше за натамошната реализација на Иницијативата за поврзување на претприемачите од малите земји, а во врска со Заклучоците и препораките од Тркалезната маса на тема: „Позицијата на малите земји во меѓународната економија, предности и недостатоци“, која се одржа во февруари оваа година, а на којашто еден од учесниците беше и господинот Роглиќ. Тој е сопственик или мнозински сопственик на над дваесет компании во Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Македонија, Србија, Косово, Албанија, Молдавија, Германија, Австрија, Романија, Унгарија, Црна Гора, Чешка, Словачка, Полска и Украина. Вкупниот промет на сите компании во 2016 година, со 5000 вработени, изнесувал приближно една милијарда и 800 милиони евра, додека во 2017 година се очекува истиот да достигне 2 милијарди евра, со 5500 вработени.



Во насока на реализација на Заклучоците поврзани со Иницијативата за поврзување на претприемачите од малите земји, претседателот Азески во Загреб оствари средба и со господинот Стипе Месиќ, поранешен претседател на Република Хрватска и еден од учесниците на тркалезната маса за позицијата на малите земји во меѓународната економија, како и со Сафет Ѓерѓалиу, претседател на Стопанската комора на Косово.

**31 мај 2017 година**

**ПОСТИГНУВАЊАТА И ПЕРСПЕКТИВИТЕ ВО РАМКИТЕ НА БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС - САМИТОТ ВО ТРСТ – МОЖНОСТ ЗА ПОГОЛЕМА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА И ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН**

Во рамките на редовните активности на Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан, Стопанската комора на Србија беше домаќин на Регионалната тркалезна маса: „Берлински процес – постигнувања и перспективи“, на којашто главниот фокус беше ставен на потребата за зголемување на регионалната соработка, поврзување на деловните заедници и постепено придвижување во процесот на европска интеграција на целиот регион (30 мај 2017 година).



На Тркалезната маса учествуваше и висока бизнис делегација од Македонија, предводена од Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија.

Претседателите на стопанските комори од регионот, на Тркалезната маса ги дефинираа и ги усогласија заедничките приоритети за настап на Самитот во Трст, што ќе се одржи на 12 јули оваа година. На маргините на оваа тркалезна маса, беше организирана и 3. германска иницијатива за пронаоѓање добавувачи од Западен Балкан, на која 140 компании од регионот кои работат во областа на металната и електроиндустријата имаа можност да остварат директни средби со 25 потенцијални партнери од Германија.

**1 јуни 2017 година**

**ПРЕЗЕНТИРАНА ШВАЈЦАРСКАТА СТРАТЕГИЈАТА ЗА СОРАБОТКА СО МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2017-2020 ГОДИНА**

На приемот организиран на 31.5.2017 година од Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија, а по повод 25-годишнината од интензивната соработка помеѓу двете земји, беше презентирана Стратегијата за соработка со Македонија за периодот 2017-2020 година.

Главна цел во наведениот период е поддршката на Македонија во процесот на реформите и во исполнувањето на европските стандарди со цел да изгради социјална инклузивна демократија и пазарна економија, истовремено обезбедувајќи ефикасно управување со природните ресурси.

Стопанската комора на Македонија во наредниот период интензивно ќе соработува со Амбасадата на Швајцарија во делот на профилирање на кадри согласно барањата на бизнис секторот, подобрување на образовните програми, особено во средното стручно образование, како и воведување на дуалниот модел на образование во Македонија.

Швајцарската Стратегија за соработка со Македонија во периодот 2017-2020 година е фокусирана на следните приоритетни области:

- демократско владеење;
- вработување и економски развој;
- инфраструктура и животна средина.

**7 јуни 2017 година**

**ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА" ОДРЖАНИ СЕРИЈА ИНФОРМАТИВНИ НАСТАНИ**

Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива" во периодот од 22 март до 7 јуни 2017 година беа реализирани серија информативни настани за детална презентација на тековните прописи и законските барања кои се однесуваат на малите и средните претпријатија во Република Македонија, од областа на животната средина и урбанизмот. Беа реализирани 18 информативни сесии во 10 градови: Велес, Куманово, Тетово, Кавадарци, Битола, Струга, Охрид, Струмица, Штип и во Скопје. Освен информативната цел на настаните, истовремено тие ќе претставуваат и можност за да се соберат значајни податоци за најгорливите проблеми на малите и средните претпријатија во овие области. Според директорот на „Епицентар интернационал" – Скопје, Љупчо Димовски, целта на овие сесии е двојна – подобра усогласеност на бизнисот со законската регулатива преку информирање и детектирање на промените што фирмите би сакале да ги видат во соодветните регулативи.




Полесно имплементирање на законите, како и јакнење на јавно-приватниот дијалог за донесување на подобра бизнис-регулатива ќе бидат главните приоритети на овој четиригодишен проект предводен од трите стопански комори во Македонија и тоа: Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ).

**7 јуни 2017 година**

**Конференција на тема: „АКТУЕЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ОД ОБЛАСТА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА"**

Во Стопанската комора на Македонија беше одржана Конференција на тема: „Актуелни предизвици на бизнис заедницата од областа на законската регулатива", во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива". На Конференцијата присуствуваа компании, претставници од Канцеларијата на УСАИД во Република Македонија, претставници од амбасадите, коморите, ресорните министерства, државните агенции и бироа, инспекциските служби и медиумите. На Конференцијата свое обраќање имаше и Н.Е. Џес Бејли, амбасадорот на САД во Република Македонија, кој што ги поздрави присутните, истакнувајќи дека целта на овој проект е да се зајакнат капацитетите на стопанските комори како глас на приватниот сектор и да им се помогне тие да се вклучат во конструктивен дијалог со Владата на РМ. Амбасадорот Бејли се повика на резултатот од неодамнешното истражување, кој говори дека недостигот од консултирање на малите и средни претпријатија во процесот на креирање на деловното законодавство и честата промена на премногу сложената регулаторна рамка се идентификуваат како клучна пречка за раст на бизнисот.



Проектот на УСАИД го реализираат Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ) и „ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал“, консултантска куќа од Скопје како имплементациски партнер. Наредни активности кои следуваат во рамките на овој проект се: обработка на ставовите на бизнис секторот изнесени на досегашните настани, креирање на позициски документ усвоен од страна на трите комори вклучени во Проектот и презентација на овој документ пред релевантните државни институции.

**8 јуни 2017 година**

**ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ ЕУ - ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО БЕЛГРАД**

Во организација на Генералниот директорат за проширување на Европската комисија, а во присуство на креаторите на економските политики, бизнис заедницата од регионот и ЕУ, во Белград се одржа ЕУ - Западен Балкан инвестициски форум. Фокусот на Форумот беше ставен на потребата за унапредување на инвестициската клима, зголемување на регионалната соработка, поврзување на деловните заедници, вклучување во заеднички проекти и постепено придвижување во процесот на европска интеграција на целиот регион. Во своето обраќање еврокомесарот за проширување Јоханес Хан оцени дека создавањето на економска зона е подготовка на регионот за пристапување во ЕУ, на нејзиниот единствен пазар, со што ќе се создаде дополнителна вредност за стоките и пазар од 20 милиони луѓе, кој е привлечен за инвеститорите. Воедно, тој истакна дека за регионот се планирани дополнителни средства од ЕУ, кои нема да бидат наменети само за инфраструктурни проекти, туку и за унапредување на конкурентноста, преку јакнење на приватниот сектор кој ќе создава производи со конкурентска предност.

Основната цел на земјите од регионот е натамошното регионално поврзување и развивањето на регионалните форми на соработка со што ќе се забрза процесот на целосна интеграција.

Како целина, учеството на Западен Балкан во вкупната трговска размена на ЕУ во последните неколку години изнесува околу 1 до 1,2%, а спротивно на тоа, Европската унија е најголемиот трговски партнер на Западен Балкан, на која отпаѓаат повеќе од 75% од вкупната трговија во регионот.

**8 јуни 2017 година**

**Средба на раководствата на стопанските комори во рамките на Централно-европската иницијатива во Минск и Министерска конференција за поврзување и рамномерен регионален развој во рамките на ЦЕИ - ЕКОНОМСКИ И ИНВЕСТИЦИСКИ МОЖНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НОВИ ФОРМИ НА СОРАБОТКА**

Делегација од Стопанската комора на Македонија предводена од претседателот Бранко Азески учествуваше на Министерската конференција за поврзување и рамномерен регионален развој во рамките на ЦЕИ, што се одржа на 8.6.2017 година во Минск, Белорусија.

На Конференцијата се обратија Андреј Кобијаков, претседател на Владата на Република Белорусија и Анатолиј Сивак, министер за транспорт и комуникации во Владата на Република Белорусија, кои се осврнаа на прашањата за модернизација на транспортната и логистичката инфраструктура во регионот на ЦЕИ и градењето мостови за поврзување на Азија и Европа.

Делегацијата на Стопанската комора на Македонија учествуваше и на состанокот на претседателите на стопанските комори на земјите од Централно-европската иницијатива, кој се одржа во рамките на Конференцијата. Господинот Владимир Улаховиќ, претседател на Белоруската стопанска комора, во своето обраќање го посочи клучното значење на ЦЕИ во поврзувањето и соработката на бизнисите од различни земји, и ја отвори дискусијата за различните економски и инвестициски можности за остварување на нови форми на соработка помеѓу земјите-членки на ЦЕИ. На состанокот учествуваа претставници на стопанските комори од 13 земји-членки на ЦЕИ (Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Италија, Македонија, Полска, Романија, Србија, Словачка, Чешка, Украина и Унгарија), но и претставници од други бизнис организации со кои земјите од регионот на ЦЕИ остваруваат соработка.



**8 јуни 2017 година**

**Потпишан Договор за соработка помеѓу Стопанската комора на Македонија и Белоруската стопанска комора – УНАПРЕДУВАЊЕ И ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА ТРГОВСКО-ЕКОНОМСКИТЕ ВРСКИ ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА БЕЛОРУСИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во насока на унапредување на деловните врски меѓу компаниите од Белорусија и Македонија, во рамките на состанокот на претседателите на стопанските комори на земјите од Централно-европската иницијатива, што се одржа на 8.6.2017 година во Минск, Белорусија, беше потпишан Договор за соработка помеѓу Стопанската комора на Македонија и Белоруската стопанска комора.



Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески во своето обраќање истакна дека иницијативата за продлабочување на соработката помеѓу двете комори потекнува уште од  февруари 2015 година, кога Стопанската комора на Македонија ја посети државно-стопанска делегација од Белорусија, а потпишувањето на овој договор се очекува реално да придонесе за зацврстување на трговско-економските врски меѓу Република Македонија и Република Белорусија. Притоа, тој потенцираше дека малата надворешно-трговска размена меѓу Македонија и Белорусија е голем предизвик да се направи нешто повеќе, а стопанските комори имаат можности, но и моќ да го поттикнат и претприемачкиот дух на бизнисмените од двете земји, како и да ја унапредат и промовираат бизнис климата на национално и на меѓународно ниво.

**8 јуни 2017 година**

**ОФИЦИЈАЛИЗИРАНО ЧЛЕНСТВОТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО КОМОРАТА ЗА МЕЃУНАРОДНА ТРГОВИЈА „ПАТОТ НА СВИЛАТА“ (SILK ROAD CHAMBER OF INTERNATIONAL COMMERCE – SRCIC)**




На маргините на состанокот на претседателите на стопанските комори на земјите од Централно-европската иницијатива, кој се одржува во Минск, Белорусија, претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески оствари средба со Џемал Инаишвили, почесен претседател на Комората за меѓународна трговија „Патот на свилата“ (SRCIC).

Со официјализираното пристапување во членство на оваа реномирана комора, на компаниите-членки на Стопанската комора на Македонија им се отвора простор за запознавање со нови клиенти и бизнис партнери од различни индустрии, преку учество на семинари и работилници, конференции и тркалезни маси во Кина, но и во останатите земји од „Патот на свилата“ и пошироко. Комората на своите членки ќе им нуди ексклузивна можност за вмрежување и поврзување, размена на искуства, know-how, експертиза, технологии и иновации.

**21 јуни 2017 година**

**Институциите со поддршка на Клубот на компании за соработка со земјите од Блискиот Исток и МАГРЕБ**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа состанок на Клубот на компании за соработка со земјите од Блискиот Исток и МАГРЕБ. На состанокот присуствуваа претставници од македонски компании коишто веќе имаат воспоставено или се заинтересирани за воспоставување соработка и пласирање на своите производи и услуги на пазарите од овие земји, како и претставници од Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи и Царинската управа на Република Македонија. На состанокот со претставниците од надлежните институции беа дискутирани можностите за надминување на пречките за понатамошно ревитализирање на стопанските врски со овие земји во поглед на постојниот визен режим со односните земји, актуелните прилики во делот на законската регулатива и правната рамка, како и тековната имплементација на Регионалната пан-евро-мед конвенција и ратификацијата на истата. Во отворената дискусија потребите на компаниите беа слушнати од страна на надлежните институции, при што компаниите ја добија целосната поддршка за понатамошно заедничко работење со цел преземање чекори за надминување на постојните проблематики.






**22 јуни 2017 година**

**ОДРЖАНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: ПРИДОБИВКИ И ОБВРСКИ НА КОМПАНИИТЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП**



Претставникот од Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, господинот Нафи Сарачини, ја нагласи значајноста на оваа конференција во насока на зголемувањето на видливоста на постојните проекти на ЕУ коишто се дел од Програмата за развој на човечки ресурси. Иако Делегацијата на ЕУ во Македонија е присутна уште од 90-те години, тој нагласи дека прашањата за инклузијата на

лицата со хендикеп се` уште се многу актуелни и постои голем простор за подобрување на состојбата во оваа област. Учесниците на конференцијата имаа можност да се вклучат во дискусија и да ги изнесат своите активности, искуства и предлози поврзани со вклучувањето на лицата со хендикеп на пазарот на труд. Преку овој Проект беа таргетирани компаниите кои се подготвени да вработат лица со хендикеп, или, пак, веќе имаат вработено такви лица.

**27 јуни 2017 година**

**РЕГИОНАЛНО ЕКОНОМСКО ПОВРЗУВАЊЕ - ОЧЕКУВАЊА ОД САМИТОТ ВО ТРСТ**

На 12 јули 2017 година во Трст ќе се одржи 4. Самит на Западен Балкан на којшто владините претставници од ЕУ и Западен Балкан ќе ги споделат своите стратегии и програми во насока на забрзување на растот и интеграцијата во регионот. Оваа година, акцент на Самитот ќе биде ставен на деловното поврзување на компаниите во насока на зајакнување на регионалната соработка која треба да биде основа за натамошно интегрирање на патот кон ЕУ, истакна Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, на прес-конференцијата на Комората.




Факт е, дека повеќе од 25 години на овие простори не беше разбрана главната порака од ЕУ, дека мора да се соработува регионално. Државите од Западен Балкан не беа во целост насочени кон реализацијата на таа иницијатива, иако свесни дека ЕУ е настаната како резултат на принципиелна регионална соработка. Коморите се вклучени од почетокот на овој процес, односно со имплементацијата на Заклучоците од Берлинскиот процес, претседателите на коморите од Западен Балкан, во 2015 година, во Виена, за време на одржувањето на Виенскиот самит, потпишаа Спогодба за формирање Коморски инвестициски форум (КИФ), со што се потенцираше намерата за активно вклучување на националните стопански комори во реализацијата на конкретните цели од овој процес.

Целта на коморите здружени во КИФ е зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија, создавање на поволна претприемачка клима, намалување на невработеноста, создавање зона на економска стабилност, како и намалување на стапката на иселување на младите, хармонизирани и унифицирани практики и процедури во регионот, а едни од приоритетите треба да бидат и образованието и привлекувањето на инвеститорите преку добро образована и квалификувана работна сила, за што се потребни структурни реформи во целиот регион, потенцираше претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Македонија. На претстојниот Самит за Западен Балкан, заедничките активности на коморите ќе се заокружат со отворање канцеларија на постојаниот Секретаријат на КИФ во Трст, кој ќе биде главна поддршка на бизнис заедницата во регионот задолжена за реализација на заеднички проекти, - подвлече Пешев.

**29 јуни 2017 година**

**Проект „Партнерство за подобра бизнис регулатива“ - КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ ТЕКСТИЛЕН ОТПАД**

Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“ во хотелот „Холидеј Ин“ беше одржана Конференција на тема: „Можности и предизвици за рециклирање текстилниот отпад“, во организација на Стопанската комора на Македонија во соработка со „ЕПИ Центар Интернационал“ од Скопје, Кластерот за текстил, Холандската стопанска комора, УСАИД и Амбасадата на Кралството Холандија во Македонија.



Животната средина страда од многу депонии, што е многу важно за јавното здравје и за развојот на туризмот, истакна Волтер Пломп, амбасадор на Кралството Холандија во Македонија. - Овој отпад може да биде претворен во профит, може да се искористи како ресурс за ново производство и може на македонската текстилна индустрија да и` помогне да стане поконкурентна и да овозможи повеќе работни места во иднина, -додаде амбасадорот Пломп. На Конференцијата присуствуваа претставници од меѓународни и домашни компании, претставници од Министерството за финансии од делот на царинската политика и од Царинската управа на РМ, кои дискутираа за проблеми со кои се соочуваат секојдневно.



Учесниците на информативната сесија имаа можност да се вклучат во дискусија и да ги изнесат своите искуства и предлози поврзани со вклучувањето на лицата со хендикеп на пазарот на труд.

**3 јули 2017 година**

**ТРКАЛЕЗНА МАСА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ СЕКТОР НА ТЕМА: „РАЗВОЈНИ ТРЕНДОВИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ СЕКТОР ВО ЦЕФТА-РЕГИОНОТ - ОСНОВА ЗА ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ЕУ“**

Стопанската комора на Македонија беше домаќин на тркалезна маса за земјоделскиот сектор на тема: „Развојни трендови во земјоделскиот сектор во ЦЕФТА-регионот - основа за поголема конкурентност на пазарот на ЕУ“.




Свесни за проблемите со кои се соочуваат компаниите во своите извозни активности во регионот, вклучувајќи ги тука и компаниите од земјоделскиот сектор, Стопанската комора на Македонија заедно со другите комори од ЦЕФТА - земјите учествуваше многу активно во работните групи на Коморскиот ЦЕФТА - форум, кои се формирани како пандан на ЦЕФТА - поткомитетите. На тркалезната маса беа претставени резултатите од пазарот на земјоделскиот сектор, проблемите и предизвиците, како и препораките за тоа како овој комплекс треба да напредува и да стане движечка сила во очекуваниот развој надвор од нашите граници.

**6 јули 2017 година**

**Олеснување во трговијата меѓу ЦЕФТА - земјите - ОЧЕКУВАЊЕ ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОТОКОЛОТ 5**



Во рамки на ДИХК – ЦЕФТА-проектот, Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина беше домаќин на регионалната завршна конференција на Проектот, посветена на значењето на Светската трговска организација и Протоколот 5 во рамките на ЦЕФТА - регионот.

Усвојувањето на Протоколот 5 е постигнато на 26 мај 2017 година во Белград, но следи процесот на неговата ратификација во земјите-членки на ЦЕФТА. Со него се очекува постепено создавање на еден заеднички и поголем пазар, кој ќе биде глобално препознатлив и привлечен за потенцијалните инвеститори,

заклучи заменик-министерот за надворешна трговија и економски односи на БиХ, Мато Фрањичевиќ.

Поедноставување на инспекциските контроли во царинските процедури, намалување на формалностите, размена на информации меѓу царинските управи до ниво кое е дозволено од националното законодавство на секоја од членките на ЦЕФТА, како и меѓусебното признавање на статусот на овластен економски оператор, како основни цели на дополнителниот протокол 5, се повеќе годишни барања на бизнис заедницата од регионот кои преку коморите се презентираа редовно на секоја ЦЕФТА-недела, истакна Билјана Пеева-Ѓуриќ, директор во Стопанската комора на Македонија. ЦЕФТА е клучен инструмент за спроведување на правилата на СТО во регионот, а постои и заложба на членките на ЦЕФТА за примена на правилата и постапките на СТО од земјите кои сѐ уште не се членки на СТО, како што е случајот со БиХ, Србија и Косово.

**12 јули 2017 година**

**ВО ТРСТ СЕ КРЕИРААТ МЕРКИТЕ ЗА СОЗДАВАЊЕ ЦВРСТА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА**

Во рамки на 4. Самит на Западен Балкан во Трст, владините претставници од ЕУ и Западен Балкан ги дефинираат стратегиите и програмите во насока на забрзување на растот и интеграцијата во регионот, а во кои мерки е предвидено и активно учество на бизнис заедницата во регионот.

Повеќегодишен акционен план за регионална економска област на Западен Балкан ќе биде развиен за подготовка на „предлог за заеднички пристап за унапредување на економската соработка во Западен Балкан“ во контекст на Берлинскиот процес и Самитот во Трст. Во овој план е предложена структурирана агенда за регионална економска интеграција, како: промовирање на понатамошна трговска интеграција, воведување динамичен регионален инвестициски простор, олеснување на регионалната мобилност и креирање на агенда за дигитална интеграција, односно идната економска регионална соработка ќе се потпира на четири столба: трговија, инвестиции, мобилност и дигитална агенда.



На Самитот во Трст, делегацијата од Стопанската комора на Македонија е предводена од претседавачот на Собранието на комората, Антони Пешев и претседателите на Македонската транспортна асоцијација и Здружението за информатичко комуникациски технологии, Иван Петровски и Благој Христов.

На панелот дискусии предвидени во рамки на отворањето на Канцеларијата на Секретаријатот на Коморскиот инвестициски форум, ќе говори и господин Живко Мукаетов, генерален директор и Претседател на управниот одбор на Алкалоид АД Скопје, во име на организацијата “Самит 100”, кој ќе се осврне на важноста на регионалното поврзување и заедничка промоција на регионот како единствена дестинација за инвестирање со здружување на фондовите и напорите во презентирањето на инвестицискиот потенцијал на регионот.

**12 јули 2017 година**

**БАЛКАНОТ СОЗДАВА ЦВРСТА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА - КОМОРИТЕ ОД РЕГИОНОТ ВО ТРСТ ОТВОРИЈА КАНЦЕЛАРИЈА НА ПОСТОЈНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА КИФ**

Во рамки на денешното одржување на 4. Самит на Западен Балкан во Трст, на кој владините претставници од ЕУ и Западен Балкан ги дефинираат стратегиите и програмите во насока на забрзување на растот и интеграцијата во регионот, коморите го заокружуваат своето делување со отворање на канцеларијата на Постојниот секретаријат на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) на Западен Балкан, во кој покрај Стопанската комора на Македонија, основачи се и коморите на Албанија, БиХ, Србија, Косово, Црна Гора, Хрватска и Словенија.




Регионалната економска интеграција во Западен Балкан ќе му помогне на приватниот сектор во искористување на пристапот до економиите со обем од 18 милиони жители и насочување на моделот на раст кон надградба на човечкиот капитал, инвестиции во инфраструктурата и дигитализација на нејзините економии. Иако процесот на пристапување во ЕУ помогна во поголема хармонизација меѓу економиите преку усогласување на нивните правни и институционални системи со оние во ЕУ, а со ЦЕФТА-Договорот се овозможи тарифите и квотите за трговија со индустриски и земјоделски производи да бидат елиминирани и со тоа да се постигне напредок во олеснувањето на трговијата, сега концентрацијата е насочена во иницијативи за отстранување на пречките за мобилност на висококвалификувана работна сила, како и спроведување на Агендата за поврзување (Connectivity Agenda), преку интегрирање на транспортните и енергетските системи во регионот и во ЕУ.



На отворањето на канцеларијата, покрај претставниците од коморите и деловната заедница од регионот и од Италија, присуствуваа и претседателот на Стопанската комора на Венеција Џулија, Антонио Паолети, г-ѓа Дебора Серачиани, претседател на регионот Фриули Венеција, како и проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

**19 јули 2017 година**

**ЕКОНОМСКИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН – ТЕМА ВО РАЗГОВОРИТЕ НА ПРЕТСЕДАВАЧОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ АНТОНИО ТАЈАНИ СО ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ ОД РЕГИОНОТ**

Регионот на Западен Балкан е целосно насочен кон европската иднина и верува дека ЕУ е решена да ја заокружи приказната со пристапување на земјите од регионот во европското семејството, согласно со динамиката на достигнување на европските стандарди, без оглед на разликите меѓу државите од регионот, беше истакнато на состанокот што се одржа во Стопанската комора на Црна Гора на тема: „Деловните перспективи во Црна Гора со фокус на инфраструктурата", а на кој присуствуваа и претседавачот на Европскиот парламент Антонио Тајани и претседателите на стопанските комори од Западен Балкан.



Заедничка е констатацијата дека со самото одржување на состанокот, инициран од претседавачот на Европскиот парламент Тајани, се покажува заинтересираноста на највисоките структури на Европската унија за бизнис заедницата на Балканот. Тајани притоа порача дека основните елементи кои треба да се унапредат и подобрат се во економските реформи и владеење на правото.

**31 јули 2017 година**

**ПОДДРШКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП ВО КОМПАНИИТЕ**

Стопанската комора на Македонија и „Полио Плус – движење против хендикеп“ заеднички го реализираа ЕУ-Проектот „Центар за вработување лица со хендикеп“, кој е дел од Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 година – ИПА и е финансиран од Европската комисија преку Министерството за финансии на Република Македонија.




Целта на одржување на прес-конференцијата беше да се запознаат фирмите и институциите за можностите кои ги имаат во рамките на овој Проект преку Центарот за вработување лица со хендикеп, достапната поддршка и финансии за вработување на лица со хендикеп. Центарот за вработување лица со хендикеп претставуваше иновативно решение чија основна цел беше да се унапреди и да се зајакне вработливоста на лицата со хендикеп паралелно работејќи и со институциите и компаниите од отворениот пазар на труд. Особено битни активности на Центарот беа програмата за волонтирање на лицата со хендикеп, како и бизнис програмата преку која им беше понудена поддршка за компаниите од аспект на нивна обука, советувања, како да ги подобрат условите и да ги направат посоодветни за лицата со хендикеп. Центарот за вработување лица со хендикеп беше лоциран во просториите на Стопанската комора на Македонија, а сите активности паралелно беа изведувани од страна на Стопанската комора на Македонија и „Полио Плус“.

**4 август 2017 година**

**СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН СО ЗАЕДНИЧКА РЕАКЦИЈА ДО ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗВОЗОТ НА ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК ВО ХРВАТСКА**

На 14 јули 2017 година Министерството за земјоделие на Република Хрватска донесе Правилник за инспекциски надзор и контрола на усогласеноста на овошјето и зеленчукот со пазарните стандарди и е во примена од 15 јули 2017 година. Во прилогот број 6 на овој Правилник, кој се однесува на надоместоците за фитосанитарна контрола, е наведено дека контролата за усогласеност на овошјето и зеленчукот со пазарните стандарди при увоз од трети земји изнесува 2.000 куни (околу 280 евра) за секој извршен инспекциски надзор или контрола за секоја поединечна врста на овошје и зеленчук (од овој надоместок има исклучок само за бананите, каде контролата се наплатува по 500 куни). Со оваа новина, висината на надоместокот се зголемува за 22 пати, споредено со претходниот надоместок кој изнесуваше 90 куни (околу 12 евра).

Како дел од Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан, Стопанската комора на Македонија заедно со останатите комори од регионот доставија заеднички писма до Европската комисија, односно до генералните директорати за трговија и за соседска политика и преговори за проширување, во кои се бара преземање на конкретни чекори за надминување на овој проблем, во насока на исполнување на принципите за слободна пазарна економија и подготвеност на Европската унија да придонесе во спроведување на економските реформи во земјите од регионот за натамошна и подлабока економска интеграција на Западен Балкан во целина.

**16 август 2017 година**

**НАУКАТА ВО ФУНКЦИЈА НА БИЗНИСОТ**




На 16 август 2017 година во Стопанската комора на Македонија се одржа состанок меѓу претставници на Стопанската комора на Македонија и Фондацијата за економски истражувања од Истанбул, Република Турција. Основна цел на Фондацијата е спроведување на научни истражувања од областа на економијата и бизнисот за поддршка на бизнис заедницата на Република Турција и продлабочување на билатералните и мултилатералните односи со другите земји. Активностите на Фондацијата во насока на отворање нови можности за соработка меѓу турските бизнисмени и бизнис заедниците од другите земји, се темелат пред се` на организирање економски симпозиуми ширум светот, на коишто покрај размената на истражувањата на научно ниво, бизнис заедниците имаат можност да остварат и билатерални средби со претставници од дадени индустрии и дополнително да разменат искуства, know – how и контакти за понатамошна соработка, истакна проф. д-р Ахмет Инчекара, претседател на Фондацијата.

**11 септември 2017 година**

**Амбасадорот на Кралството Холандија во работна посета на Комората – МОЖНОСТИ ЗА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА**

Амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, Н.Е. Вилем Воутер Пломп реализираше официјална посета на Стопанската комора на Македонија, и одржа состанок со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. На средбата се разговараше за актуелните економски теми кои можат да бидат од интерес за двете земји.

На средбата, претседателот Азески ја посочи добрата економска соработка која постои помеѓу двете земји, која континуирано бележи напредок. Од страна на претседателот Азески особено беше посочен позитивниот ефект на активностите кои Кралството Холандија ги презема во земјава во насока на унапредувањето на демократизацијата на земјата, владеењето на правото и ефикасното функционирање на судскиот систем, кои се од клучно значење за унапредувањето на деловната клима во земјата. Во таа насока, беше истакнато и залагањето на Комората за доследно спроведување на процесот на консултации



со засегнатите страни при донесувањето на законите и подзаконските акти, при што ситуациите кога се донесуваат закони по скратена постапка да бидат сведени на минимум,

како и за зголемувањето на извозните потенцијали на македонската економија, вклучувајќи и активности за поддршка на иновативноста на домашните компании.

Амбасадорот Пломп ја истакна подготвеноста на Кралството Холандија за поддршка на процесите на демократизација во Република Македонија, но и за поддршка на бизнис секторот во Република Македонија, и унапредување на неговата иновативност. Тој посочи дека потенцијали за соработка помеѓу двете земји постојат во областите на текстилната индустрија, земјоделството, туризмот и информатичките технологии.

**20 септември 2017 година**

**Амбасадорот на Исламската Република Иран во работна посета на Комората – ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА СО БЛИСКИОТ ИСТОК**

Амбасадорот на Исламската Република Иран во Република Македонија, Н.Е. Хосеин Карими реализираше официјална посета на Стопанската комора на Македонија и одржа состанок со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. На средбата се разговараше за можностите за зголемување на соработката и трговската размена помеѓу двете земји и беше постигната согласност дека е неопходно приватниот сектор да биде главниот носител на економскиот раст, преку зголемување на извозот, како и дека постојат големи потенцијали за унапредување на соработката помеѓу двете земји во повеќе области.



Од страна на претседателот Азески беше посочен интересот на македонското стопанство за соработка со пазарите на земјите од Блискиот исток и беше разговарано за конкретните предлози и иницијативи за интензивирање на соработката. Разговарано беше и за функционирањето на Клубот на фирми за соработка со земјите од Блискиот Исток и МАГРЕБ во рамките на Стопанската комора на Македонија, кој ги обединува компаниите кои соработуваат или имаат интерес за соработка со земјите од овие региони, и кој има за цел ревитализирање на стопанските врски со овие земји, како и поддршка на фирмите преку взаемното информирање и промовирање, воспоставување коморска соработка и соработка со другите деловни асоцијации.

**2 октомври 2017 година**

**ГЕНЕРИРАНИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДДРШКА НА КОМПАНИИТЕ ЗА ПОЛЕСНО ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“**

Со цел да се детектираат главните проблеми кои компаниите ги имаат во имплементацијата на законската регулатива, Проектот на УСАИД: „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“ спроведе серија активности со цел да се елиминираат или подобрат одредени законски решенија кои се пречка за развој на компаниите, изјави Јадранка Аризанковска, на прес-конференцијата на Стопанската комора на Македонија.




Во текот на првата проектна година покрај останатите активности беа реализирани 18 информативни сесии и 5 форуми во повеќе градови во Републиката. Целта на овие информативни сесии или информативни настани и форуми беше и да се дискутира за проблемите со кои се среќаваат во секојдневното работење компаниите, а се однесуваат на имплементација на законските обврски, изјави Павлина Димовска, правен советник во Проектот. Идентификувани проблеми во рамки на Проектот ќе бидат детално разработени во форма на позициони документи - Policy Position Papers, ќе бидат усвоени од страна на Управниот одбор на Проектот, со што ќе станат позициони документи на коморите, усвоени ставови на коморите со конкретни решенија кои ќе бидат доставени до надлежните органи.

**9 октомври 2017 година**

**ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ И ПРОЦЕДУРИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТЕКСТИЛЕН ОТПАД**

Во рамки на Проектот на УСАИД: „Партнерство за подобра бизнис регулатива“, во организација на Стопанската комора на Македонија, беше одржан четвртиот по ред состанок на Работната група на којшто присуствуваа претставници од: Министерството за животна средина и просторно планирање, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Министерството за финансии, Текстилниот кластер, „Окитекс“, „Епицентар Интернационал“, постојани советници од Твининг-проектот за подготовка на нов закон за управување со отпад, како и од Стопанската комора на Македонија. На состанокот беше истакнато дека континуирано се работи на проблематиката да се донесе нов подзаконски акт - правилник за управување со отпад, со кој ќе се олесни процедурата и ќе се предаде отпадот на колективни постапувачи кои ќе го преземат тој отпад и притоа еколошки ќе се постапува со истиот.

## 10 октомври 2017 година

**МАКЕДОНСКО-ИТАЛИЈАНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ИТАЛИЈА – РИМ ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

Господинот Енрико Петрела, претседател на Македонско-италијанската асоцијација при Стопанската комора на Италија – Рим ги презентираше новите проектни активности на членките на Македонско-италијанската асоцијација при Стопанската комора на Италија кои се пред се` заинтересирани за воспоставување контакти и можности за соработка во делот на туризмот, земјоделието, метало-преработувачката индустрија, новите технологии и иновациите. Во наредниот период двете комори ќе работат на подготовка на план на активности, а веќе е планиран и бизнис форум, што ќе се реализира на почетокот на 2018 година, за поддршка на бизнисмените од двете земји и продлабочување на економската соработка меѓу Р. Македонија и Р. Италија.



## 16 октомври 2017

**ПОЗИТИВНИТЕ ЕФЕКТИ НА ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕТСТАВЕНИ ОД СТРАНА НА ГЕРМАНСКАТА СТОПАНСКА КОМОРА**

Дуалниот модел на образование во средното образование ги комбинира теоријата и практичната подготовка на учениците, студентите или учесниците во образовните програми. Учесници се лицата кои по завршување на формалното средно стручно или високо образование се дел од системот на неформално образование и доживотно учење, со што се стекнуваат со дополнителни вештини и знаења од различни области, беше истакнато на прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија.



Европските земји, а особено Германија, Швајцарија и Австрија нудат успешни примери на развиен дуален модел, кој е комбинација од тренинг во образовна институција (училиште или факултет) и практичен дел во компанија. Наведените земји имаат најниско ниво на невработеност на младата популација во ЕУ.

Стопанската комора на Македонија во континуитет се залага за интензивна соработка помеѓу средните стручни училишта и бизнис секторот, а со оваа иницијатива на Германската стопанска комора покажа успешен пример за таквата соработка.

**16 октомври 2017 година**

**АЗЕСКИ НА САМИТ 100 – ДОВЕРБАТА ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА РАСТЕ АКО ОД СОРАБОТКАТА ПРОИЗЛЕГУВААТ УСПЕШНИ РЕЗУЛТАТИ - ВОСПОСТАВУВАЊЕ СОРАБОТКА ПОМЕЃУ КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ И САМИТ 100**

Самит 100 по шести пат се одржува во Скопје на 16 и 17 октомври 2017 година, како платформа која на едно место ги обединува клучните чинители од различните сектори и региони, на различни нивоа на одлучување, со цел да се олесни соработката, да се развиваат регионални проекти и политики и да се поддржи растот и конкурентноста во регионот на Југоисточна Европа.




Последниот панел од првиот дел во рамките на Самит 100 „Од Берлин преку Виена, Париз и Трст до просперитетна реалност или како да се создадат идеи и проекти кои ќе бидат од корист за регионот преку Берлинскиот процес“, се фокусираше на постојните регионални платформи и форуми кои имаат за цел унапредување на соработката во рамките на регионот и користење на синергии, како и на потребата за развивање нови регионални платформи кои треба да придонесуваат за обезбедување повисок раст за регионалните економии. Посочено беше дека регионалната интеграција на трговијата на Западен Балкан е нејзиниот придонес кон политичката стабилност и раст на регионот, пред



се`, во поглед на европската перспектива на регионот, што е всушност еден од приоритетите во општата политика на ЕУ.

На крајот на панелот, во насока на поддржување и унапредување на заедничката соработка во областа на економскиот развој на регионот преку бизнис соработка, беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Коморскиот инвестициски форум и Самит 100 Бизнис лидери на Југоисточна Европа, од страна на господинот Марко Чадеж, претседавач на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум и м-р Живко Мукаетов, претседател на Управниот одбор на Самит 100 за 2017 година.

**19 октомври 2017 година**

**ПРЕТСТАВЕНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ НА СИРИСКИОТ ПАЗАР**

По повод посетата на почесниот конзул на Република Македонија во Сирија (Дамаск), господинот Мазен Хамур, во Стопанската комора на Македонија се одржа работен состанок со претставници на 15 македонски компании од градежништвото, банкарскиот сектор, ИКТ-индустријата и од хемиската индустрија. Почесниот конзул, господинот Хамур, смета дека во наредниот период, во процесот на реконструкција на Сирија, односно целосна обнова на државата, би имало голема можност за ангажирање на македонските компании. Владата на Сирија финансира проекти во насока на обнова на Сирија во износ од 8 милијарди евра, а средствата се обезбедени од Европската унија, Кина и од Русија. Владата на Сирија нуди проекти за компании од различни индустрии, како што се: градежниот сектор каде што имаат потреба од градежни материјали, изградба и проширување на капацитетите на 4-те аеродроми во Сирија, особено во Дамаск, изградба на патишта, згради за домување, целосна реконструкција на железницата; прехранбената индустрија; хемиската и фармацевтската индустрија; компании коишто се занимаваат со производство на медицински апарати и медицинска опрема со цел обновување на 68 болници на територијата на Сирија; како и од други сектори како што се: електро, металната и метало-преработувачката индустрија, ИК-секторот, туризмот и други. Хамур истакна дека во наредниот период во конзуларното претставништво на Република Македонија во Сирија ќе биде формиран и посебен тим кој активно ќе работи на презентирање на проектите и потребите што се нудат за македонските компании од страна на Владата на Сирија, при што ќе се нуди и помош за воспоставување меѓусебни контакти.



**2 ноември 2017 година**

**ДЕЛЕГАЦИЈА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА УЧЕСТВУВА НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА: „ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ПАТОТ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА“, во Будва, Црна Гора, од 2 – 3 ноември 2017 година**

Стопанската комора на Црна Гора во соработка со Министерството за наука на Црна Гора, ја организира Конференцијата: „Предизвиците на патот кон Европската Унија“, што се одржува по шести пат во Будва, на 2-3 ноември 2017 година. Конференцијата е еден од најважните регионални економски настани, на којшто присуствуваат високи државни претставници од земјите од регионот, како и врвни експерти од областа на економијата, политиката, образованието и науката, кои со свои излагања се обратија пред присутните. Учеството на околу 500 учесници - претставници на владите, бизнис-заедницата и експерти од Балканот зборува за големината и важноста на оваа конференција.



На Конференцијата учествува и бизнис делегација од Стопанската комора на Македонија, предводена од претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, а во состав: Минчо Јорданов, потпретседател на Стопанската комора на Македонија и претседател на Управниот одбор на „Макстил“ АД - Скопје, Светозар Јаневски, генерален менаџер на „М6 инвестиции“, Доне Таневски, претседател на Бордот на директори на „Македонијатурист“ АД - Скопје, Страшо Милковски, потпретседател на Стопанската комора на Македонија и претседател на Управниот одбор на АД „Гранит“ - Скопје, м-р Живко Мукаетов, потпретседател на Стопанската комора на Македонија и претседател на Управниот одбор на „Алкалоид“ АД - Скопје и Никола Битрак, генерален менаџер на „АФ Консулт“ - Скопје, и бројни други стопанственици - претставници од компании-членки на Стопанската комора на Македонија.

На маргините на Конференцијата, членовите на бизнис делегацијата реализираа значајни средби со видни стопанственици - учесници на Конференцијата, со цел воспоставување нови деловни контакти и продлабочување на веќе воспоставената соработка.

**6 ноември 2017 година**

**Активности на ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ШТО УЧЕСТВУВАШЕ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА: „ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ПАТОТ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА“**

Делегацијата на Стопанската комора на Македонија, што учествуваше на Конференцијата: „Предизвиците на патот кон Европската Унија“, што се одржа по шести пат во Будва, на 2-3 ноември 2017 година, на маргините на Конференцијата реализираше работен ручек со поранешниот претседател на Владата на Црна Гора, господинот Мило Ѓукановиќ, со соработниците.

На работниот ручек од македонска страна присуствуваа претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, Минчо Јорданов, потпретседател на Стопанската комора на Македонија и претседател на Управниот одбор на „Макстил“ АД - Скопје, Светозар Јаневски, генерален менаџер на „М6 инвестиции“, Доне Таневски, претседател на Бордот на директори на „Македонијатурист“ АД - Скопје, Страшо Милковски, потпретседател на Стопанската комора на Македонија и претседател на Управниот одбор на АД „Гранит“ - Скопје, м-р Живко Мукаетов, потпретседател на Стопанската комора на Македонија и претседател на Управниот одбор на „Алкалоид“ АД - Скопје и Никола Битрак, генерален менаџер на „АФ Консулт“ - Скопје.



леновите на бизнис делегацијата од Македонија со своите домаќини од Црна Гора разменија значајни искуства, предлози и сугестии со цел реализирање нови деловни контакти и продлабочување на веќе воспоставената соработка.

**9 ноември 2017 година**

**ОДРЖАНА ЧЕТВРТАТА ТРЕНИНГ-ОБУКА НА ТЕМА: „ПРИДОБИВКИ И ОБВРСКИ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП“, НАМЕНЕТА ЗА КОМПАНИИТЕ**

Како дел од активностите на Проектот „Центар за вработување лица со хендикеп“, реализиран од Стопанската комора на Македонија и „Полио Плус – движење против хендикеп“, во Стопанската комора на Македонија се одржа тренинг-обука за компаниите со цел да се информираат за соодветно приспособување и овозможување еднаков третман на лицата со попреченост.



М-р Жанета Попоска, експерт во оваа област, говореше за правната рамка за овозможување еднаков третман на лицата со попреченост, за мерките кои се потребни да се преземат од страна на работодавачите со цел да се овозможат непречени услови за работа. На крајот на обуката беа презентирани и пет студии на случај, по што беше развиена дискусија од страна на присутните кои ги изнесоа своите искуства и предлози поврзани со вклучувањето на лицата со хендикеп на пазарот на труд. Проектот е финансиран од Европската комисија, спроведувач е Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) заедно со Стопанската комора на Македонија, како координатор на Проектот, „Полио Плус" - партнер во Проектот, како и Министерството за труд и социјална политика, како координатор на Програмата за социјална инклузија.

**13 ноември 2017 година**

**ПЕРСПЕКТИВИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И АВСТРИЈА**



Стопанската комора на Македонија континуирано развива активности во насока на отворање нови можности за соработка на македонските компании со цел унапредување на можностите за извоз на македонски производи на европските и на светските пазари. - Мала економија, како што е македонската, ќе има одржлив раст и развој доколку нејзината потрошувачка и инвестициите навистина се развиваат заедно со растот на трговскиот сектор, а со тоа и на извозот, истакна Јадранка Аризанковска, виш советник во Стопанската комора на Македонија, на прес-конференцијата на Комората. Оваа посета, како и претходните посети на австриските бизнисмени во Република Македонија, е одговор на интересот за соработка што бизнисмените од двете страни го иницираат, а коморите ги поддржуваат. Целта е овие средби меѓу претставниците на двете бизнис асоцијации да дадат конкретни резултати, и да се поттикне меѓусебната соработка.

**15 ноември 2017 година**

**Бизнис-средби на македонски и австриски компании - НАБАВКА НА ТЕХНОЛОГИИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НОВИ ПРОИЗВОДИ АТРАКТИВНИ ЗА ЕВРОПСКИТЕ ПАЗАРИ**

Во организација на Стопанската комора на Австрија и Трговското одделение на Амбасадата на Австрија во Република Македонија и Стопанската комора на Македонија, реномирани австриски компании остварија деловни средби со македонски компании од областа на енергетиката и услуги во областа на складирањето енергија, производство на бетонски постројки и транспортери за бетон, добавувачи на системи за преработка и пренесување на минерални суровини до системи за заштита од громови, системи за заштита од пренапојување, како и системи за заземјување. Стопанската комора на Македонија континуирано развива активности со цел унапредување на можностите за извоз на македонски производи на европските и на светските пазари. Интересот на македонските компании од енергетскиот, машинскиот и трговскиот сектор, како едни од битните сектори во Република Македонија, за средби со австриските компании покажа дека тие сериозно размислуваат за нови инвестиции и создавање нови производи кои ќе бидат атрактивни за европските пазари.




**15 ноември 2017 година**

**РАБОТНА СРЕДБА НА ТЕМА: ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ (ПРОЕКТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА)**

Во организација на Стопанската комора на Македонија, а во соработка со Министерството за труд и социјална политика на РМ се одржа работна средба на тема: „Професионална рехабилитација на лицата со инвалидност“, како дел од



активностите на Проектот на Министерството за труд и социјална политика „Унапредување на услугите за социјална инклузија“ финансиран од Европската унија, од ИПА-инструментот за претпристапна помош, во рамките на Оперативната програма за развој на човечки ресурси.

На средбата се обрати оперативниот директор на Стопанската комора на Македонија м-р Елена Милевска Штрбевска, која нагласи дека преку Проектот „Центар за вработување лица со хендикеп“ на Стопанската комора на Македонија и „Полио Плус – движење против хендикеп“, се реализирани успешни активности кои би требало да продолжат и понатаму, и во соработка со Министерството и надлежните институции, да придонесат за негова одржливост, со цел успешно вклучување на лицата со хендикеп во работните процеси во компаниите. Министерката за труд и социјална политика, г-ѓа Мила Царовска изрази силна подготвеност за соодветно искористување на расположливите средства на институциите наменети за професионална рехабилитација на лицата со хендикеп, на начин што ќе овозможи бенефит како за овие лица, така и за бизнис-секторот кој треба успешно да ги вклучи во процесот на работа.

**15 ноември 2017 година**

**РАБОТНА ПОСЕТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ИНСТИТУТ ЗА БЛИСКОИСТОЧНИ И БАЛКАНСКИ СТУДИИ (ИФИМЕС)**




Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, на 15.11.2017 година оствари работна посета на Меѓународниот Институт за блискоисточни и балкански студии (ИФИМЕС) во Љубљана, а притоа реализираше средба со директорите на Институтот ИФИМЕС, господинот Бахатјар Аљаф и доц. д-р с.ц. Зијад Беќировиќ.

На работната средба се разговараше за ситуацијата на Блискиот Исток и на Балканот, со посебен осврт на економската соработка. Претседателот Азески ја изрази намерата на Стопанската комора на Македонија за развивање на економската соработка со државите од Блискиот Исток и за меѓусебно економско поврзување на двата региона. При тоа, беше истакнато дека од особена важност е да бидат направени соодветни подготовки за настап на македонските компании на пазарите на Блискиот Исток. Директорот на ИФИМЕС, господинот Аљаф го информираше претседателот Азески дека Институтот ИФИМЕС со своите капацитети и мрежата во тој дел на светот ќе им овозможи на македонските стопанственици да користат логистичка база и ќе им овозможи презентација за настап на пазарите во Ирак, Кувајт, Катар и Оман.

**16 ноември 2017 година**

**ДЕЛЕГАЦИЈА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 165-ТА ГОДИШНИНА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ХРВАТСКАТА СТОПАНСКА КОМОРА – ЧЕСТИТКИ ЗА ГОЛЕМИОТ ЈУБИЛЕЈ**

Делегација на Стопанската комора на Македонија, предводена од претседателот Бранко Азески присуствуваше на прославата што ја организираше Хрватската стопанска комора, по повод одбележувањето на 165-та годишнина од работењето на Хрватската стопанска комора.




Претседателот на Хрватската стопанска комора, господинот Лука Буриловиќ, во своето обраќање посочи дека образованието мора да биде инструментот на деловниот сектор за создавање поефикасен систем и дека на бизнис-заедницата и` е потребен образовен систем кој ќе може соодветно да одговори на потребите на работниот процес, како и дека Хрватската стопанска комора понуди модел за дуално стручно образование, кое може да ја промени структурата на расположливиот кадар во стопанството. Тој посочи дека на деловниот сектор му претстои испит за општествената и политичката зрелост, и повика на здружено дејствување на сите засегнати чинители, како би се постигнале посакуваните резултати во претстојното реформирање на системот. На крајот на настанот, на пригодна церемонија, претседателот Азески на настанот упати честитки за големиот јубилеј на Хрватската стопанска комора, со која традиционално Стопанската комора на Македонија има одлична соработка.

**27 ноември 2017 година**

**Европска мрежа на бизнис можности (Enterprise Europe Network) – ПОДДРШКА ЗА ПОГОЛЕМА ЕФЕКТИВНОСТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Последните податоци од Европската мрежа на бизнис можности (Enterprise Europe Network) покажуваат позитивни показатели за вкупниот промет, пазарниот удел и креирањето нови работни места на малите и средни претпријатија (МСП) во идниот период. Истражувањето спроведено од Enterprise Europe Network беше презентирано на Годишната конференција, што се одржа во Талин, Естонија, од 20-22 ноември 2017 година. Имајќи предвид дека МСП имаат клучна улога на полето на иновациите и создавањето нови работни места, а воедно се и главниот носечки столб на европската економија, позитивните

индикатори за нивниот развој кои произлегуваат од спроведеното истражување се од витално значење.




Според добиените податоци, 85% од европските МСП очекуваат во следната година да креираат нови работни места или да бидат задржани постојните, 54% од МСП очекуваат да го зголемат својот пазарен удел, додека 65% од МСП кои извезуваат во рамките на Европа или пошироко очекуваат да го зголемат вкупниот промет. Мрежата има за цел да им овозможи на претприемачите што полесно и што побрзо да пронајдат партнери за своите надворешно-трговски активности. Користењето на услугите е целосно бесплатно.

**29 ноември 2017 година**

**Симпозиум на тема: „НОВИ ХОРИЗОНТИ ВО ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И ТУРЦИЈА“- ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП ЗА ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ**



Интензивирањето на билатералните односи на Република Македонија со Република Турција за поголема конкурентност беше во фокусот на симпозиумот организиран од страна на Фондацијата за економски истражувања од Истанбул со поддршка на Стопанската комора на Македонија и Турција (MATTO).- Владата на Македонија ќе продолжи да ја поддржува соработката меѓу двете земји и ќе продолжи да работи на подобрување на инфраструктурата со цел да се зголеми економската соработка, а со тоа ќе придонесе за зголемување на инвестициите, истакна проф. д-р. Аднан Ќахил, министер без ресор на Владата на РМ, задолжен за странски инвестиции. - Постојат најави за нови инвестиции во Македонија во делот на енергетиката и услужните дејности, - посочи Тулин Еркал Кара, амбасадор на Република Турција во Македонија.- Билатералните односи меѓу Македонија и Турција се одлични, и тие се на ниво на традиционално пријателство, со сите елементи на стратешко партнерство и со уште поголем потенцијал за севкупна соработка на чие искористување треба да се работи во наредниот период. Не` радува фактот што Владата на Република Турција и турските бизнисмени имаат стратешки интерес за интензивирање на трговската соработка со Македонија, бидејќи Македонија и регионот имаат потреба од

интернационализација на економијата во партнерство со јака економија, како што е турската, - истакна Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија. Над стотина турски и македонски компании беа присутни на симпозиумот, следејќи ги двете панел-дискусии на теми поврзани со инвестирањето и трговското финансирање, улогата на технологијата и иновациите при зголемување на потенцијалот на конкурентноста на македонската економија.




## 5 декември 2017 година

## ОСНОВАН КЛУБ НА ИЗВОЗНИЦИ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

Една од стратешките цели на Стопанската комора на Македонија е определбата за создавање реални услови за освојување нови пазари кои се од клучно значење за раст на извозот, а со тоа и на националната економија. Македонското стопанство, како мала, отворена економија, за да одржи долгорочен раст, треба и понатаму да ја поддржува извозната ориентација на домашните компании. Нецаринските бариери, различните прописи, неусогласените законодавни системи, недоволното знаење за критериумите на извозните пазари, продажни канали, логистика и услови за испорачување, недостатокот од маркетиншки и продажни вештини се само дел од предизвиците со кои компаниите - членки на Стопанската комора на Македонија се соочуваат кога извезуваат во соседните пазари. Од тие причини се формираше Клубот на извозници како посебна форма на организирање и работење при Комората, чии основни приоритети ќе бидат насочени кон помагање на своите членови во нивното надворешно-трговско работење, со цел надминување на сите посочени проблеми кои во моментот претставуваат пречка за зголемувањето на извозот на домашните компании. За претседател на Клубот на извозници за периодот од наредните две години е избран Глигор Цветанов, извршен директор на „Макпрогрес“ ДОО - Виница, додека за потпретседател на Клубот едногласно беше избран м-р Горан Антевски, од компанијата „Раде Кончар – ТЕП“ ДООЕЛ - Скопје.





**5 декември 2017 година**

**Делегација на Парламентот на Република Индонезија во работна посета на Комората – ПРЕДИЗВИЦИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**

Делегација на Парламентот на Република Индонезија, предводена од господинот Абдул Малик Харамеин, заменик-претседавач на Групата за религиски работи, општествени работи и за еманципација на жените, и Н.Е. Сри Астари Расџид, амбасадор на Република Индонезија во Република Македонија со седиште во Софија, Република Бугарија, оствари работна средба со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Македонија, Антони Пешев.




Претседателот Бранко Азески истакна дека во сите изминати години Стопанската комора на Македонија, како најстара и најбројна бизнис асоцијација во земјата, остварува одлична соработка со Амбасадата на Република Индонезија, како и со почесниот конзул на Република Индонезија во земјава, за што сведочи и презентацијата на Саемот „Trade Expo Indonesia“, што беше реализирана во март оваа година, а се забележуваат и првите резултати за продлабочување на билатералната соработка. Република Индонезија претставува еден од најсилните трговски партнери на Република Македонија во Азија.

**7 декември 2017 година**

**АСОЦИЈАЦИЈАТА НА БАЛКАНСКИТЕ КОМОРИ СО ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ВО ИТ-СЕКТОРОТ И ВО ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**



Во Стопанската комора на Србија, во Белград, се одржа пленарна седница на Асоцијацијата на балканските комори, во која

членуваат стопанските комори од Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Кипар, Македонија, Романија, Србија и Турција.

На официјалното отворање на седницата се обрати претседателот на Стопанската комора на Србија, Марко Чадеж кој ги истакна досегашните реализирани економски иницијативи во насока на зголемување на меѓусебната соработка помеѓу земјите. Од особена важност за земјите во регионот е подобрување на конкурентската способност, особено во делот при настапот на странски пазари и, секако, подобрување на нивото на странски директни инвестиции кои на долг рок ќе придонесат за зголемен економски раст и стабилност на пазарите.
Особен акцент во дискусиите беше ставен и на дуалниот модел на образование, кој има за цел профилирање на кадрите од формалното образование согласно потребите на пазарот на труд. Дуалниот модел подразбира комбинација на теоретски предавања во образовна институција, додека практичниот дел во целост се реализира во работна средина во компанија. Овој модел предвидува полесна транзиција од образовна во работна средина.

**12 декември 2017 година**

**ПРОЕКТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“ – ПРЕКУ ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА СТОПАНСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДО ПОГОЛЕМ ЕКОНОМСКИ РАСТ**




Во насока на поефикасна интернационализација на стопанството во Република Македонија преку ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“ во Хотелот „Фени“ во Кавадарци, се одржа Форум на тема: „Преку интернационализација на стопанството до поголем економски раст”. На Форумот свое обраќање имаше Љубомир Димовски, директор на „ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал“, консултантска куќа од Скопје, кој ги претстави целите на Проектот “, како и активностите за 2018 година. Преку презентација на резултатите од спроведената анкета за компаниите, што секоја година се спроведува во рамките на овој проект, Љубомир Димовски ја образложи Анализата за оцена на бизнис средината во Македонија за 2017 година, спроведена од 387 компании и го истакна мислењето на компаниите за бизнис функционирањето во Македонија преку статистички показатели. Свое обраќање имаше и Тања



Марковска, од Канцеларијата за економски развој на УСАИД во Македонија, која истакна дека УСАИД во Македонија е веќе 25 години и посветено работи во делот на економскиот развој, а главен фокус е подобрување на бизнис климата во Македонија, поттикнување на извозот и финансиска поддршка на компаниите. На Панел-дискусијата на тема: „Препораки и искуства за поттик на извозот и искуства од други

земји“ свое излагање имаше господинот Рафаело Бенети, од ПРОМОС - Агенција за поддршка на италијанските компании за извоз при Стопанската комора на Милано од Италија, кој даде препораки за поттик и поддршка на извозните компании. Претставниците на МБПР изнесоа податоци дека само 1% од целиот извоз е осигуран од страна на компаниите. На Форумот беа донесени заклучоци во функција на поттикнување на извозот кои ќе бидат детално разгледани од страна на коморите со цел да бидат поефикасно имплементирани во наредниот период.

**12 декември 2017 година**

**ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА И ЗАЕДНИЧКИ БИЗНИС-СРЕДБИ СО КОМПАНИИ ОД ПЕРНИК, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА**

Делегација на Трговско-индустриската комора на Перник, Бугарија, предводена од претседателката г-ѓа Бојка Павлова, оствари работна средба со оперативниот директор на Стопанската комора на Македонија, м-р Елена Милевска Штрбевска.



На средбата со претставниците се дискутираше за можностите за интензивирање на соработката, за понатамошно одржување на заеднички бизнис средби и учество на саемски манифестации, кои би се оствариле во првата половина од следната година. Исто така, беше истакната потребата и од заедничко учество на проекти за прекугранична соработка, кои се од значење за двете комори чија цел е да придонесе за реализирање на конкретни деловни активности помеѓу компании од двете земји.

**13 декември 2017 година**

**ПРОЕКТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“ – ПРЕКУ ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА СТОПАНСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДО ПОГОЛЕМ ЕКОНОМСКИ РАСТ**



Во насока на зајакнување и зголемување на конкурентноста на македонската економија со цел поефикасна интернационализација на стопанството во Република Македонија преку ПРОЕКТОТ НА УСАИД „ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА“ во хотелот „Александар Палас“ во Скопје, се одржа Форум на тема: „Преку интернационализација на стопанството до поголем економски раст”. Воведно обраќање на Форумот имаше м-р Елена Милевска Штрбевска, оперативен директор на Стопанската комора на Македонија, која истакна дека Проектот има за цел микро и малите бизниси од Македонија да ја унапредат нивната усогласеност со законската регулатива, а бизнис организациите, како што се стопанските комори, да придонесат во процесот на воспоставување конструктивен јавно-приватен дијалог, во насока на подобрување на регулативата. Свое обраќање на Форумот имаше проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, кој што истакна дека иако Македонија е мала држава и

има мала економија, за да има успешен економски развој потребна е извозна ориентација бидејќи македонскиот извоз учествува со 53% во бруто домашниот производ, но за сериозен економски раст тој процент мора да се зголеми на 60% па дури и до 70 %. Проф. д-р Анѓушев најави дека Владата на РМ за 2018 година ќе работи на конкретни мерки со цел стимулација на македонските компании и владеење на правото за политичка и



економска стабилност. Тој посочи дека постојат реални услови за сите компании во Македонија да ги прошират своите извозни капацитети и да креираат производи и услуги коишто ќе бидат конкурентни не само на домашниот, туку и на странските пазари и јавно ги повика сите домашни компании да инвестираат во Македонија. На Форумот свое обраќање имаше и Едвард Гонзалез, директор на Канцеларијата за развој, УСАИД во Македонија, кој истакна дека УСАИД во Македонија веќе 25 години посветено работи во делот на економскиот развој, а главен фокус е подобрување на бизнис климата во Македонија, поттикнување




на извозот и финансиска поддршка на компаниите. Љубомир Димовски, директор на „ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал", консултантска куќа од Скопје, посочи дека со поддршка на УСАИД сите четири комори од Македонија се инволвирани како партнери во имплементацијата на овој проект, и посветено работат на подобрување на проблематиките со коишто секојдневно се соочуваат компаниите. Форумот беше поделен во три панел-дискусии на коишто учествуваа експерти, професори, претставници на бизнис секторот и на јавни институции кои што дискутираа на три значајни теми, и тоа: „Градење на конкурентноста и зголемување на извозните потенцијали на македонските компании во




процесот на интернационализација"; „Настап на нови пазари и дефинирање на конкурентните сектори во македонската економија како неопходни чекори во елиминирање на бариерите во процесот на интернационализација - препораки и заклучоци" и „Интернационалните искуства

како поттик за зголемување на извозот на македонските компании“.На Форумот над 100-тина претставници на бизнис секторот од Македонија земаа активно учество во панел-дискусиите, при што се донесоа следните поважни заклучоци важни за раст и развој на македонското стопанство преку:

- стратегија за извоз;
- хармонизација на законската регулатива;
- реформа на даночниот систем;
- финансиска поддршка на компаниите со помош на финансиски инструменти;
- потпишување билатерални спогодби со земјите од Блискиот Исток и МАГРЕБ;
- поттикнување на иновативноста;
- активна политика на вработување;
- научно и технолошко поврзување;
- јакнење на јавно-приватно партнерство и
- зголемување на интернационализацијата.

**22 декември 2017 година**

**Завршна конференција на Центарот за вработување лица со хендикеп - ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА БИЗНИС-СЕКТОРОТ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ВО РАБОТНИОТ ПРОЦЕС - ПРЕКУ ПРОГРАМИ ДА ПРОДОЛЖИ ПОДГОТОВКАТА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

Стопанската комора на Македонија и „Полио Плус – движење против хендикеп“ заврши со реализација на заедничкиот Проект „Центар за вработување лица со хендикеп“. На конференцијата, што се одржа во Скопје, м-р Елена Милевска Штрбевска, оперативен директор на Стопанската комора на Македонија, истакна дека Стопанската комора на Македонија, во заедничка соработка со компаниите и во партнерство со „Полио Плус“, директно беше вклучена во имплементацијата на активностите на Проектот и преку креирање на разни анализи и конкретни обуки придонесоа барем во дел да се подобрат вештините, образованието и квалификациите на лицата со хендикеп кои ќе придонесат за нивна целосна интеграција во општеството, но и соодветни информации и обуки на компаниите кои ќе им помогнат во донесувањето одлуки при следните вработувања на лицата со хендикеп. - Во текот на оваа година беа одржани 8 обуки со компаниите, 6 обуки со лицата со хендикеп, 9 лица како практиканти кои имаа можност да работат директно во компании и во Стопанската комора на Македонија, а паралелно се правеа анализи и се изготвуваа документи и брошури кои треба да послужат и во следниот период како водичи и за компаниите и за лицата со хендикеп, - посочи м-р Елена Милевска Штрбевска. На конференцијата свечено беа доделени сертификати за успешна инволвираност на лицата со хендикеп кои беа вклучени во тренинг обуки, работилници и курсеви по англиски јазик и компјутерски вештини од страна на едукативните професори од „Семос“ и „Летиком плус“. Главната порака на оваа завршна конференција беше дека единствено преку јакнење на капацитетите на бизнис секторот, особено преку зајакнување на капацитетите на високиот и средниот менаџмент во компаниите и преку константна поддршка на компаниите на лицата со хендикеп ќе се овозможи вклучување во работниот процес на лицата со хендикеп.

# ИНФОРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Брзото, ефективно и квалитетно информирање на јавноста за активностите на Стопанската комора на Македонија, како и за функционалното делување на нејзините органи, тела и облици на организирање, и во 2017 година се постигнуваше преку информативно-публицистичката дејност на Комората.

Како алатки за таа цел беа користени: веб-порталот на Стопанската комора на Македонија, неделните електронски изданија „БИЗНИС ИНФО“ и „БИЗНИС ОГЛАСНИК“, месечниот печатен прилог во магазинот „ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС“, дневното електронско издание ПРЕГЛЕД НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБЈАВЕНИ СТАТИИ ВО ДНЕВНИ И НЕДЕЛНИ ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ, како и фејсбук-страниците на Стопанската комора на Македонија: БИЗНИС ИНФО - СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА; ПРЕС-СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА и ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA - СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, како и други разни периодични изданија.

**-** На ***ВЕБ-ПОРТАЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА*** (www.mchamber.mk) во 2017 година беа објавени сите активности на органите, телата и облиците на организирање на Комората. Беа објавени информации за активностите, достигнувањата и резултатите на членките на Комората и беа пласирани вести од институции и органи од земјава, како и вести од економијата од светот, кои се од значење за бизнис секторот и за членките. Позначајните настани и редовните прес-конференции беа проследени со видео-записи од кои посетителите на сајтот можеа да имаат поширок тонски увид во излагањата на претставниците на нејзините членки.




Покрај сопствените текстови, за ажурирање на веб-порталот беа користени и текстови од државната агенција МИА, соопштенија на институции и на компании-членки на Комората, а беа преземени текстови од веб-портали и сајтови на компании и на институции кои ја третираат економската проблематика.

Сите содржини кои беа објавувани беа преведувани на англиски јазик, за посетители на сајтот од англиското говорно подрачје.

**-*„БИЗНИС ИНФО“ (неделно електронско издание)* -** Во 2017 година беа издадени 46 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“ во просек на околу 25 страници. Неделникот објавуваше во просек околу 15 текстови во едно издание - пошироки текстови, коментари и анализи подготвени од експертите на Комората, како дополнување на она што е поставено на веб-порталот. Електронското издание на „БИЗНИС ИНФО“ во годината беше прочитано од околу 3.000 корисници.




Покрај тоа, во ова електронско издание беа објавувани извадоци од интервјуа што ги имаат членките на Комората во македонските медиуми, како и текстови за нивните резултати,

достигнувања, зафати и инвестиции. Во ова издание беа поместени и текстови пренесени од странски врвни економски изданија за значајни економски случувања.




***-„БИЗНИС ОГЛАСНИК“ (неделно електронско издание) -*** Минатата година беа објавени 30 електронски изданија на „БИЗНИС ОГЛАСНИК“. Во ова неделно издание, кое се подготвува шеста година, се поставуваат комерцијални повици до македонските компании од две бизнис-мрежи кои се лоцирани во Стопанската комора на Македонија. Тоа се ПОНУДА – ПОБАРУВАЧКА и ЕЕН-МРЕЖАТА. Во прашање се мрежи кои нудат бројни контакти за македонските компании, а од таа обемна содржина се одбираат внимателно подготвени прилози. Редовно се објавуваа комерцијални огласи на странските инвеститори во Македонија со кои тие бараат разновидни набавки од домашните компании.

Покрај тоа, во ова издание се објавуваа и покани во вид на рекламен повик за сите настани од областа на едукацијата, саемските манифестации, презентации, форуми и слично кои беа организирани од Стопанската комора на Македонија.




***-Прилог во „ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС“ (печатена верзија) -*** Во текот на 2017 година беа отпечатени голем број прилози во месечникот„ЕКОНОМИЈА и БИЗНИС“, каде што беа објавувани значајни изјави и пораки од експерти од Комората и од претставници на нејзините членки, со цел пораката од Комората на ефектен начин да стигне до јавноста.

***-ПРЕГЛЕД НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБЈАВЕНИ СТАТИИ ВО ДНЕВНИ И НЕДЕЛНИ ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ -*** Во текот на годината, за брзо и ефикасно информирање на членките на Стопанската комора на Македонија за позначајните економски информации што во форма на статии се објавуваа во дневните и неделните печатени и електронски медиуми, се објавуваше дневниот електронски ПРЕГЛЕД, за чија содржина во просек се издвојуваа по 15 текстови дневно, како извадоци.

# ДИРЕКЦИЈА НА ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ПРИ КОМОРАТА

## ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА

Центарот за едукација во текот на 2017 година организираше голем број еднодневни и дводневни семинари од отворен тип за сите учесници од приватниот и јавниот сектор, како и интерни семинари креирани по барање на компаниите кои се реализираат во самата компанија, за вештини и знаења значајни за унапредување и подигнување на нивото на професионалност на своите кадри. Се организираат и советувања надвор од просториите на Стопанска комора на Македонија, каде учесниците имаат можност да се едуцираат во порелаксирана атмосфера, каде покрај тоа што ќе ги следат предавањата, ќе имаат можност и за непосредно вмрежување и понатамошна соработка.

Во 2017 година успешно се реализираше WI-FI обуката на тема: „Ефективна продажба како резултат на успешна деловна комуникација“ во соработка со Институтот за промоција на економскиот развој на Австриската федерална комора – WIFI која е лидер во образование и обука и каде се ангажираат странски експерти со долгогодишно искуство во светот на бизнисот.

Стопанската комора на Македонија во соработка со стручни лица, а по барање на компаниите, организираше обуки на ментори во компаниите. Целта на оваа програма е да се развијат знаења, вештини, способности, ставови и вредности, односно компетенции кои треба идните обучувачи (во натамошниот текст: ментори) да ги поседуваат за да можат да работат со ученици/учесници кои изведуваат практична обука кај работодавач, вклучувајќи ги и компетенциите за работа со ученици/учесници со различна попреченост.

Дополнително Центарот за едукација во соработка со Бизнис центарот за тренинг и обука ја реализираше планираната модуларна обука на тема: „Менаџерски вештини за управување со човечки ресурси“, каде обучувачи беа тренери од различни области кои на учесниците им понудија комплетна обука која води до надградба на вештини применливи на работно место и стекнување компетенции. Станува збор за обука согласно верифицирани програми кои се организираат во соработка со Бизнис центарот за тренинг и обука. Оваа обука е дел од програмите кои се верифицирани од Центарот за образование на возрасни и признати од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Центарот за едукација ќе продолжи со унапредување на своите услуги и обезбедување висок квалитет и професионалност во работењето.

## БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во Стопанската комора на Македонија се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, логистички дејствија, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година во Стопанската комора на Македонија се издадени:

- 13026 сертификати за потекло на производите (Оригин);

- 3195 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 493 АТА-карнети;
- 9 потврди за ексклузивитет;
- 3 потврди за слободна продажба;
- 1 потврда за единствен производител
- 17 потврди за производител;
- 3 потврди за членство во Комората;
- 1434 логистички дејствија (заверка на сертификати во деловните простории на компаниите);
- 208 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 44 мислења за исполнување на економските услови.

На седници на соодветните здруженија во Стопанската комора на Македонија, компаниите беа перманентно информирани во текот на 2017 година за работата со издавањето на сертификатите за потекло и другите меѓународни трговски документи.

## ВЕБ-СЕРТИФИКАТ EXCELLENT SME

**Сертификатот за деловно работење Excellent-SME MACEDONIA** го издава Стопанската комора на Македонија во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг „COFACE", за најуспешните микро, мали и средни компании во Македонија.

Основата за сертификацијата е кредитниот извештај и континуираниот мониторинг на „COFACE" - Хрватска. Истовремено, SafeSigned ™ спречува печатот за квалитет Excellent SME MACEDONIA да биде копиран и користен на кој и да било друг веб-сајт.

Главната цел на сертификатот, која се совпаѓа со ЕУ-директивите, е да се промовираат малите и средни компании, да се обезбеди и да се осигурат бизнисот, добрите бизнис-пракси и да се зголеми пазарната транспарентност. Исто така, тоа ќе им помогне на клиентите и бизнис-партнерите да ги намалат финансискиот и другите ризици кога склучуваат деловни договори. Сертификатот им овозможува на локалните и на меѓународните бизнис-партнери да го верификуваат постоењето на компанијата, точната веб-адреса, и најважното - нејзиниот бонитет.

Со инсталирање и користење на потенцијалот на сертификатот и постојните партнери може да прават разлика меѓу успешни и помалку успешни компании.

Според податоците со кои располага Стопанската комора на Македонија, во 2017 година 93 компании се Excellent-sme компании. Бројот на вработени во овие компании е над 5500 лица.

Од особена важност е и соработката меѓу компаниите - носители на Excellent SME сертификатот од сите земји од регионот како одговор на глобализацијата на големите компании, а стопанските комори имаат голема улога во развојот на овие релациите помеѓу компаниите.




Транспарентност во функција на рамномерен развој на заедничката економија беше тема на регионалната конференција која Стопанската комора на Црна Гора го организираше на 19 април 2017 година во Будва. На овој настан учествуваа претставници на стопанските комори на земјите од Регионот кои го издаваат сертификатот Excellent SME, Министерството за економија на Република Црна Гора , Европската комисија, Дирекцијата за развој на мали и средни компании, Инвестиционо развојниот фонд, Европската банка за обнова и развој, бонитетната куќа „Coface" и други. Одржувањето на конференцијата го поддржа Европската комисија во рамките на Форумот за единствен пазар.

Заклучоците на Конференцијата беа претставени пред членовите на Европскиот парламент и објавени на веб-порталот на Европската комисија.

**Бонитет за категоризација на трговски друштва од областа на производство, услуги и трговија во Македонија**

Со цел да се одговори на различните потреби на компаниите, Стопанската комора на Македонија во 2017 година започна со изработка и издавање извештаи за бонитет за категоризација на трговски друштва од областа на производство, услуги и трговија во Македонија. Стопанската комора на Македонија извештаите за бонитет ги изработува во три формати, согласно Методологијата за комбинирана квалитативна и квантитативна анализа и изведување на оценка за ризична класификација на компании, базирана на принципите на аналитичност, стручност и добра деловна практика, изработена како труд со апликативно-емпириска вредност, усвоена од органите на управување на Стопанската комора на Македонија.

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според своите утврдените работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2017 година:

***1) консултантски услуги за воведување на Систем за управување со квалитет, согласно ISO 9001:2015:*** процесот на имплементација на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015, е во тек во четири компании;

***2) консултантски услуги за транзиција на стандарди за Систем за управување со квалитет и животна средина, согласно ISO 9001:2015 и ISO 14001:2015:*** процесот на транзиција на Систем за управување со квалитет и животна средина согласно ISO 9001:2015 и ISO 14001:2015 е завршен или е во тек во дванаесет компании;

***3) консултантски услуги за воведување HALAL стандард:*** процесот на имплементација на HALAL стандард е започнат во една компанија;

***4) учество на интернационална конференција за HALAL квалитет*** HALAL EXPO Europe- Eindhoven, Холандија;

5***) активно учество во работата на технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитација на РМ:***

- ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРМ;
- ТК 9 за системи за квалитет и животна средина при ИСРМ;
- ТК 13 за безбедност на храна при ИСРМ и
- ТК за сертификациони тела при ИАРМ;

***6) учество во UNIDO- EnMS проектот за ISO 50001, како консултант во Пивара - Скопје;***

***7) учество на семинари/обуки од областа на стандардот за управување со енергетска ефикасност - ISO 50001;***

***8) активно учество во процесот на континуирана проверка на Системот за управување со квалитет во Стопанската комора на Македонија, согласно ISO 9001:2015 од страна на BSI;***

***9) активно учество во континуирано одржување на Системот за управување со квалитет во Стопанската комора на Македонија, согласно ISO 9001:2015, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности;***

***10) активен придонес во анимирање/посети и запознавање на фирмите во Македонија за проблематиката од областа на стандардите.***

# ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД – АРБИТРАЖА

Во текот на 2017 година, Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, презема повеќе активности за унапредување и развој на работењето на Арбитражата и преку презентирање на придобивките кои деловните субјекти може да ги остварат со договарање на нејзината надлежност, продолжи да придонесува за поголема препознатливост на Арбитражата од страна на бизнис заедницата.

**I. Промотивни активности**

На 16.01.2017 година беше одржана прес-конференција на тема: **„Арбитражата како брз и ефикасен начин на решавање на споровите меѓу деловните субјекти“.** Претседателот на Арбитражата, д-р Горан Рафајловски на конференцијата ја информираше бизнис заедницата и пошироката јавност за поволностите од договарањето арбитража и нејзината улога во

зголемување на нивото, квалитетот и брзината во решавањето на споровите на стопанствениците.




Д-р Рафајловски на Конференцијата ги истакна предностите на Арбитражата која функционира како комплетно независно тело што може да придонесе за брзо и ефикасно разрешување на споровите од деловното работење, при што арбитражната постапка завршува со донесување на пресуда и трае во просек од 6 до 9 месеци. Претседателот на Арбитражата потенцираше дека арбитражната постапка е едностепена, при што пресудата донесена во неа не може да се побива со жалба и истата по својот ранг се изедначува со правосилна и извршна пресуда. Дополнително тој наведе дека донесените пресуди од страна на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија може да бидат признаени и извршени во странство, при што режимот на признавање и извршување на странските арбитражни одлуки е поедноставен во земјите кои се потписнички на Њујоршката конвенција. Арбитражата продолжи со организирање и одржување директни средби со директори на повеќе компании од земјата, на кои претставници од Арбитражата подетално им ги презентираа нејзините активности и надлежности, како и основните прашања поврзани со поведувањето, текот и завршувањето на арбитражната постапка. Ваквиот начин на комуникација со претставниците од бизнис секторот се покажа како успешен и ефикасен за презентирање на придобивките од Арбитражата и ќе продолжи и во иднина.

### II. Нормативни активности

Во текот на 2017 година беше воочена и потребата за промена на Правилата за трошоците во постапката пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, во делот со кој се уредува плаќањето на авансот на трошоците на постапката. Со измените во Правилата, усвоени во април 2017 година, се уреди можноста, кога вкупниот износ на авансот на трошоци на постапката надминува износ од 25.000,00 евра, странката наместо да ги авансира трошоците во готовински износ, да достави банкарска гаранција. Актите со кои се уредува надлежноста и функционирањето на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, како и нивните подоцнежни измени и дополнувања беа објавени и се достапни на веб-страната на Арбитражата.

### III. Опремување судница на Арбитражата

Во текот на 2017 година беше опремена просторија – судница на Арбитражата, во Стопанската комора на Македонија. Покрај комплетното внатрешно уредување на просторијата, беа обезбедени услови и опрема за водење и тонско снимање на рочиштата кои се водат пред Арбитражата. На овој начин се обезбедија просторни и технички услови за

одржување на состаноците на Арбитражата и на арбитражните рочишта според најмодерните европски стандарди.



**IV. Учество на меѓународни настани и конференции**

Во текот на 2017 година, претставници од Арбитражата земаа учество на повеќе настани од регионално и меѓународно значење и оствarија соработка со повеќе постојани арбитражни институции. На овие настани беа остварени контакти со признаени и реномирани експерти од областа на арбитражното право, кои беа информирани за активностите и работењето на Арбитражата.

Како и во изминатиот период, целта на Арбитражата, покрај постапувањето и одлучувањето по тековните арбитражни предмети е да се преземаат активности во насока на промоција и целосно искористување на вистинските капацитети со кои располага Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, а којшто во моментот има потенцијал да постапува по најмалку 10% од предметите кои годишно се процесираат пред државните судови.

# СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ (FIC)

**25 јануари 2017 година**

**ОДРЖАН СОСТАНОК ПОМЕЃУ СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ И ЕКСПЕРТСКИ ТИМ ЗА СТУДИЈАТА „СПЕЦИЈАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН“**

Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија одржа состанок со претставници од експертскиот тим за студијата „Специјалните економски зони во Западен Балкан“, што се спроведува во рамките на активностите на Генералниот директорат на Европската комисија за соседска политика и преговорите за проширување (DG NEAR). На состанокот, меѓу другото, се дискутираше за актуелните прашања поврзани со странските директни инвестиции во земјата, со посебен акцент на компаниите кои работат во Технолошко-индустриските развојни зони.



**27 февруари 2017 година**

**ПРОМОВИРАН БИЗНИС КАТАЛОГОТ НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИДНИТЕ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ ВО 2017 ГОДИНА**

Една од целите на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија е унапредување на соработката помеѓу странските компании и локалните добавувачи во земјава и тргнувајќи од оваа цел, Советот на почетокот на оваа година го издаде првото издание на Бизнис каталогот. Ова го истакна Штефан Петер, претседател на Советот на странски инвеститори на прес-конференцијата на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија. Господинот Штефан Петер ги презентираше и главните настани и активности на коишто ќе се фокусира Советот на странски инвеститори во текот на 2017 година.

**6 април 2017 година**

**НЕДОСТИГА КВАЛИФИКУВАНА РАБОТНА СИЛА СОГЛАСНО ПОТРЕБИТЕ НА БИЗНИСОТ**



Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија во соработка со Американската стопанска комора (AmCham) и Делегацијата на германското стопанство во Македонија, организираше тркалезна маса на тема: „СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ПО МЕРКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР – МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА“.

Тркалезната маса, на која земаа учество релевантни чинители од оваа област, вклучително и претставници на Министерството за образование и наука, средните училишта, научната и деловната заедница претставувана од странските компании во земјава, отвори низа прашања и наметна размена на мислења и идеи од кои ќе произлезат можни решенија за подобрување на практичните вештини на учениците и поефикасно поврзување на средното образование со потребите на пазарот на трудот. Главната констатација на учесниците на тркалезната маса е дека е потребна поинтензивна соработка и придонес на сите инволвирани страни за унапредување на образовниот систем во земјата.

**10 април 2017 година**

**Бизнисот бара стручен кадар согласно потребите на економијата – НЕДОСТАСУВААТ РЕЧИСИ СИТЕ ЗАНИМАЊА ОД ТЕХНИЧКИТЕ СТРУКИ**

Недостатокот од квалификувана работна сила во македонската економија е сѐ поизразен. Оваа појава станува се` поалармантна и затоа итно се неопходни ефективни мерки со кои ќе се надмине овој проблем кој прераснува во реален предизвик за оперативното работење на странските компании од различни индустриски сектори, истакна Штефан Петер, претседател на Советот на странски инвеститори на редовната прес-конференција на Стопанската комора на Македонија.

**9 мај 2017 година**

**ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НАСТАН ЗА ДЕЛОВНО ВМРЕЖУВАЊЕ со цел поврзување на странските инвеститори со домашните компании од автомобилската индустрија**




Асоцијацијата на автомобилската индустрија во рамките на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија, во просториите на „Ван Хол Македонија“, одржа редовна седница на којашто меѓу другото се дискутираше и за модалитетите за зајакнување на соработката на странските инвеститори во слободните зони со домашните фирми за нивно поефикасно интегрирање во локалниот синџир на добавување. Аврам Стојчевски, претседавач на Асоцијацијата на автомобилската индустрија, во таа прилика во изјавата за медиумите истакна дека со оглед на тоа дека поголемиот дел од странските инвеститори во земјава се претежно од автомобилската индустрија, логично е и најголем дел од македонските компании - потенцијални добавувачи да бидат токму од оваа индустрија.

**21 мај 2017 година**

**СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ ОРГАНИЗИРАА ГОЛЕМ ХУМАНИТАРЕН ГУРМАНСКИ ПИКНИК ВО ГРАДСКИОТ ПАРК ВО СКОПЈЕ**



На Светскиот ден на културни различности, во Градскиот парк во Скопје, Стопанската комора на Македонија и Советот на странски инвеститори организираа хуманитарен јавен настан со автентични гурмански специјалитети од различни земји. По големиот успех од минатогодишното издание на Светскиот пикник, Стопанската комора на Македонија и Советот на странски инвеститори продолжија со идејата за промовирање на културата на странските компании - членки на Советот на странски инвеститори преку нивната традиционална храна. Странските инвеститори кои доаѓаат од Австрија, Белгија, Бугарија, Велика Британија, Германија, Грција, Италија, Луксембург, Франција, Холандија, Хрватска, САД, Словенија, Турција и Швајцарија ја искористија можноста да се дружат со граѓаните и да ја промовираат гастрономијата на земјите од каде што потекнуваат преку најавтентичните рецепти од нивните национални кујни. Денот беше збогатен и со содржини за целото семејство, со многу музика, забава и анимација за деца.

**27 јуни 2017 година**

**ДЕФИНИРАНИ ЗАЕДНИЧКИ ПЛАНОВИ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ БИЗНИС АСОЦИЈАЦИИ ВО ЗЕМЈАВА**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа координативен состанок на меѓународните бизнис асоцијации и амбасади во Република Македонија. Домаќин на настанот беше Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија, на којшто се дискутираше за унапредување на деловниот амбиент во земјава и заземање заеднички ставови во однос на актуелните и отворени прашања коишто го обременуваат секојдневното работење на компаниите-членки на Советот.

**12 септември 2017 година**

**Средба на претставници на ММФ со потпретседателот на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија – БИЗНИС КЛИМАТА ВО ЗЕМЈАВА ГЕНЕРАЛНО Е ДОБРА, НО ПОТРЕБНО Е ОДРЕДЕНО НАДГРАДУВАЊЕ**




Претставници на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) реализираа работна средба со потпретседателот на Советот на странски инвеститори, Ирена Јакимовска, во Стопанската комора на Македонија. На работната средба на којашто се расправаше за работењето на странските инвеститори во Македонија, Јакимовска истакна дека странските инвеститори кои веќе се дел од македонското стопанство веруваат во самиот систем и со тоа што веќе подолго време се на македонскиот пазар, генерално ја сметаат бизнис-климата добра за стопанисување.

**27 ноември 2017 година**

**Унапредување на соработката помеѓу странските инвеститори и домашните компании во Република Македонија - БИЗНИС ФОРУМ И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ ОДЛИЧНА МОЖНОСТ ЗА ВЗАЕМНО ВМРЕЖУВАЊЕ И ПОВРЗУВАЊЕ**




На редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија, Ирена Јакимовска, потпретседател на Советот на странските инвеститори, ги презентираше потенцијалите за унапредување на соработката меѓу странските инвеститори и домашните компании во Република Македонија, а притоа го најави претстојниот Бизнис форум за нивно директно поврзување.

**30 ноември 2017 година**

**Одржан Бизнис форум на Советот на странски инвеститори и на Стопанската комора на Македонија - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА МЕЃУСЕБНАТА СОРАБОТКА МЕЃУ СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ И ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ**

Во хотелот „Александар Палас“ се одржа Бизнис форум, со цел деловно поврзување на странските инвеститори во Република Македонија со домашните компании кои имаат потенцијал да станат нивни добавувачи, а иницијатори беа Советот на странските инвеститори и Стопанската комора на Македонија, со поддршка на Владата на Република Македонија. На Бизнис форумот, пред преполнетата сала со странски инвеститори во земјава и домашни компании заинтересирани за соработка со нив, се обратија проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Штефан Петер, претседател на Советот на странски инвеститори, како и Аврам Стојчевски, претседавач со Асоцијацијата на автомобилската индустрија. Модератор на настанот беше Ирена Јакимовска, потпретседател на Советот на странски инвеститори.

## КЛУБ НА МЕНАЏЕРИ – ПРЕТПРИЕМАЧИ

КЛУБ НА МЕНАЏЕРИ - ПРЕТПРИЕМАЧИ

На 27.01.2017 година, според годишната Агенда за 2017 година, беше означен стартот на редовните активности на Клубот на менаџери - претприемачи.



Клубот на менаџери покажа дека претставува нова алатка, но и ексклузивна можност за малите и средни компании да станат дел од мрежа на компании кои остваруваат континуиран раст и развој. За таа цел, Клубот на менаџери - претприемачи за своите членови обезбеди следење на едукативни настани, во релаксирана, но продуктивна атмосфера во специјално опремената Бутик сала „Дуна Компјутери“, како и следење на забавни настани, вмрежувања и team building настани кои придонесоа компаниите подобро да се запознаат, меѓусебно да споделат знаење, искуство и контакти и на тој начин да генерираат нови идеи за деловни потфати.

Во 2017 година Клубот на менаџери-претприемачи брои 47 претставници од мали и средни компании. Во текот на 2017 година, заедно со членките согласно Годишната агенда беа

реализирани 24 едукативни настани со реномирани предавачи од земјата и од странство на повеќе теми како: „Менаџерски вештини”; „Емоционална интелигенција”; „Менаџирање на тимови”; „Моќта на успехот”, „Техники за справување со незгодни клиенти”; „Емпатична продажба” и др. Клубот во овој период одржа 2 вмрежувања (едното беше во соработка со компании од Советот на странски инвеститори, а второто беше реализирано заедно со покровителите на Стопанската комора на Македонија. Како и минатата година, така и оваа година беа реализирани и 2 team building настана.



Секоја од остварените активности во рамките на Клубот беше покриена со објава со цел информирање на компаниите за организираните настани.






Следејќи ги трендовите во европските земји од една, но и потребите и барањата на нашите компании од друга страна, преку Клубот на менаџери-претприемачи се креираше алатка која ги поврзува сите бенефити на едно место, со цел поддршка на малите и средни компании во насока на пронаоѓање деловни партнери, промоции, соработка на домашните со странските компании и создавање синџири на добавувачи, искористување на ЕУ-фондовите, пронаоѓање партнери. Тоа е возможно благодарение на одличната логистика, поврзаност, но и контакти кои Стопанската комора на Македонија ги има со домашните и странски институции кои нудат информации, анализи, едукација, но и пронаоѓање партнери.

# ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ – Центар за покровители

## „ТОЧНА, НАВРЕМЕНА, БРЗА, КВАЛИТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА И УСЛУГА – КЛУЧ ЗА МОЌЕН БИЗНИС“

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.

Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

За таа цел, Стопанската комора на Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени во текот на 2017 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството, со цел амортизирање на негативните влијанија врз бизнисот.

Сето тоа резултираше со влез на нови компании во семејството покровители на Стопанската комора на Македонија кои го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

**Според планираната Програма за 2017 година:**

- зголемен е бројот на покровители;
- обновени се договорите со веќе постојните покровители;
- зголемени се бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Македонија кон покровителите;
- организирани се презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- склучен е договор за Премиум Покровител со 1 нова компанија;
- склучен е договор за Стандард Покровителство со 1 нова компаниjи;
- склучен е договори за Силвер Покровителство со 1 нова компании;
- активирана е можноста договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- организирани се поинтензивни заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Македонија;
- организирани се работни средби покровител со покровител, на нивно барање;
- поврзување на компаниите - покровители и закажување работни средни со институции за решавање на одреден проблем од значење за нивниот бизнис;
- дадена е логистичка поддршка во организирање повеќе промотивни настани (во организација на покровителите), за промоција, на барање на покровителите;
- остварени се поинтензивни контакти и работни средби и активности со покровителите од страна на администраторот за покровители при Стопанската комора на Македонија;
- целосно се исполнети точките од договорите за покровителство кон покровителите;
- редовно поставување на рекламен материјал на сите катови во Комората, на рафтови наменети за покровителите;
- поставени логоата на покровителите на рекламни табли на 1-ви кат, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат, и на 5-ти кат сала 4;
- набавка на производи и услуги за потребите на Комората, со одлука исклучиво од компаниите - покровители;
- објавени логоа, интервјуа и изјави на покровителите во „БИЗНИС ИНФО“ на Комората;
- редовна емисија на рекламни спотови, настани и логоата на покровителите на тв-екраните поставени на 1-ви и 5-ти кат и во лифтот во Комората;
- реализирана традицијата за размена на новогодишни корпи со производи од покровителите - за покровителите;
- реализирани активности и работни задачи за покровителите, кои не се внесени како услуги во договорите за покровителство, но се произлезени од тековното работење, на нивно барање.


ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ПРЕМИУМ Покровители
MERMEREN Kombinat
МЕПСО
SILK ROAD BANK
Duna
VERO
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
комерцијална банка ад скопје
GRANIT
SPARKASSE
cashback world
ЕЛЕМ
КОЖУВЧАНКА
СТАНДАРД Покровители
vitaminka
www.vitaminka.com.mk
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
HALKBANK
EVN
TIKVEŠ
МАКПРОГРЕС
РАДЕ КОНЧАР - ТЕП
ComfyAngel
EDS
ENERGY DELIVERY SOLUTIONS
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС
Прилепска Пиварница
ОКТА
CROATIA OSIGURANJE
КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
СЕМОС
Hotel StoneBridge
ЕВРОПА
ДЕ-НИ
seavus
www.seavus.com
СИЛВЕР Покровители
SMELT-ING
ALLIANCE One
SOCOTAB
Leaf tobacco
Swisslion
VEZE SHARRI
LECKER
elektro SHARRI
MC Robin
ХЕМОМЕТАЛ
evita
АГРИА
агроиндустриска групација